## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Второто продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 4 септември 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Ве молам да го вклучите системот за гласање да констатираме дали имаме потребен број пратеници, за да можеме да работиме.

Констатирам дека во салата присуствуваат 63 пратеници.

Бидејќи го имаме паотребното мнозинство, можеме да продолжиме со работа, и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за пристапување кон изнмена на Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ве молам, сакам да се јавам за реплика.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јавува г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас сакам согласно деловникот, да го искористам своето право на реплика и ми е жал, што г-динот Батковски не е тука.

Вчера, г-динот Батковски, без никакво право, а тоа го конста тирав од стенограмот, ме спомнал шест пати, притоа, ми дал квалификација, дека јас сум си земал за право да се заканувам на пратениците, што не е точно, дека јас, г-дине Илија Лазаров, ве замолувам, вие додека дискутирате не сум реагирал, па затоа, ве молам, да бидете културен и да ме сослушате. А потоа, ми вели, дека јас кога сум потпишувал Договорот, сум повикувал на веселба, што не е точно, затоа што на потпушување на Договорот, не сум присуствувал.

Исто така, кажува дека не го знам вистинското значење на поимот реликвија. Што за мене, се разбира е навреда.

Сакам да кажам дека г-динот Батковски, во текот на целокупниот свој говор во овој парламент, се однесуваше како некаква: "вирго ин факта", во поодминати години, на која, сите и се криви за сопствениот проблем.

Меѓутоа, сакам да го кажам и тоа, дека тој во дискусијата се осврнуваше на мене, алодирајќи дека тој комуницирал со своите из-бирачи, а ние не, и наводно, тој бил во некаква симбиоза со своите избирачи и се раз бира, само тој знае што мислат. Зараид тоа , му соопштувале, не така, не треба да се прави.

Јас го повикувам г-динот Батковски, освен што треба да присуствува на симбиозни средби со своите избирачи, кога му соопшту-ват за Рамковниот договор, да присуствува на некои жалосни моменти во неговата изборна единца, кога имаше погреби на млади луѓе од Драчево кога загинаа на тетовските боишта.

Го прапувам јавно г-динот Батковски, дали тогаш беше во неговата изборна единица, и дали тогаш избирачите го прашаа, или му порачаа, како резултат на која политика тие м лади невини момчиња ги дадоа своите животи и мораа да бидат погребани. Дали тогаш присуству-ваше да ги праша што тие мислат.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани новинари,

Факт е дека денешново Собрание расправа за една многу значајна тема, а тоа е Предлог за измена на Уставот на Република македонија, на овластен предлагач, а тоа е претседателот на Републиката г-динот Борис Трајковски.

Некои претходни дискутанти, значењето на денешната седница го оценија со референдумското, или може би, прашањето за носење на одлуката за осамостојување на Република Македонија. Јас апсолутно се согласувам со нив, затоа што, денеска ние пратениците, прв пат, по шест месечна криза, во која што западна Република Македонија, се соочуваме со кризата, меѓутоа, и со документ, со што овластениот предлагач смета дека нуди значајни промени и излез од кризата.

Меѓутоа, нема да се согласам дека приликите под кои работеше првиот состав на Собранието на РМ, кои што ја донесе одлуката за Референдумот и за осамостојувашето на Република Македонија, е исти, тогаш и сега.

Доколку тогаш носевме значајни одлуки, во едно тешко време, ја затоа што

требаше да извлечеме државата од кризата, во која што можете превентивно да западне, денеска ние треба да донесеме документ, кој што ни е нам даден, по принципот: "земи, или остави", односно, треба да изгласаме документ, за кој што, сите досегашни дискутанти, или барем дел одл нив, тежиштето на целокупната расправа ја ставија на тема: "мир и војна". Односно оние кои ќе гласаат за документот се за мир, а оние кои нема да гласаат за овие предлог измени се за војна.

Навистина, како пратеник ми е несватливо, за прашањето за не војна и мир да расправаме, затоа што тоа не е во домен на Собранието. Меѓутоа, како може некој пратеник, без оглед на тоа дали прифаќа на левата, или на десната страна по автоматизам да си ги укини сите инге-ренции што нему му припаѓаат во овој парламент, а тоа значи со една демократска расправа, да одлучува,низ амандманска расправа, за тоа, каков документ понатаму ќе има Република Македонија, односно каков Устав ние ке имаме и низ какви з аконски решенија понатаму тој Устав ние ќе го преточиме. Затоа, за жал, нам ни беше предочено. А од друга страна, морам да ви кажам, дека и ако има елан за моето демократско право на учество, за примена на она што го имаме во доставениот, тн., Рамковен документ, од страна на претседателот на Репоубликата, нема да ми биде скратена низ демократска расправа, да учествувам во Нацрт-измени на Уставот. Вчера буквално ми спласна. Ова од причина што некои дискутанти кои што имаа можности директно да бидат директни преговарачи и носители на Рамковниот документ, односно на Охридскиот рамковен документ. Прво , ми рекоа вака: Доколку пратениците се обидат да изменат точка или запирка од овој документ кој што нам ни е понуден верувајте дека имплементацијата и целиот договор паѓаат во вода. Што тоа значи. Тоа значи дека ние имаме еден документ дека треба да имаме една партична претстава во која што ќе изигриваме дека еве сепак сме демократска држава бидејќи треба да помине низ институциите на систмеот и дека тој документ без апсолутноникаква измена на точка и запирка треба да го изгласаме. тогаш навистина мене не ми преостанува ништо друго туку да кажам зошто тогаш ние треба да имаме ваква расправа, зошто треба да имаме втора фаза, зошто треба да имаме трета фаза ако документот треба да го изгласаме без никакви измени. Тоа навистина е чудно освен акмо треба да дадеме демократска форма на нешто во која што овој парламент не очекуваше. Што е така.

Втора работа. Нам ни беше речено дека во расправата некој од пратениците се повикуваат на некаков си референцум. Совршено ми е јасно дека оние кои што тоа го изрекоа знаат дека референдумот е нај-демократска форма на расправа во било која држава и на носење на клучни одлуки, во сите држави на светот вклучувајќи ја и Република Македонија. И дека јас не зборувам за нив, зборувам за себе и за грото од мојата пратеничка група која имаше можност тоа да го каже. Ќе бев најсреќна. Ако паралелно со преговорите кои што се водеа во Охрид, со преговорите кои што се водеа кај претседателот Трајковски, течеше иницијативата за референдум која што ова Собрание едногласно ќе ја донесеше.Заради тоа што верувајте, секој од нас ќе можеше да го даде својот глас со мирна совест поради тоа што ние овде седиме во името на народот и треба да го прашаме тој народ што мисли не з аради тоа што ќе кажам ние не сме овластени луѓе кои што имаат, кои што треба и можат да го сменат Уставот. заради тоа што ние не вршиме формална измена на Уставот ништо нашата денешна процедура на промена на Уставот доколку го изгласаме тоа треба да измениме не помалку и повеќе туку една третина од Уставот на Република Македонија. Сите ќе се согласите дека една третина апсолутно не е малку за да ние го прашавме народот. Така да апсолутно, нема да се согласам некој од вас овде да кажува за некаков референдум и за некои пратеници. Јас жалам, што ние таа постапка ја исклучивме, и покрај тоа што некои граѓани со сосема демократско право собираат потписи. Дали ќе ги соберат и дали ние ќе расправаме останува времето да каже.

И на крај третиот аргумент што некои кои што беа исто така учесници на Охридскиот состанок во кој што се донесе рамковниот документ велат после измената на овој документ Република Македонија ќе влезе во нова ера во својот демократски развој заради тоа што на оваа измена следуваше потписот и на двaица претставници на меѓународ ната заедница во форма на сведоци г-динот Франсоа Леотар и господинот Џемс Перду.

Апсолутно не ја оспорувам, не можам да го оспорам присуството на овие двaица претставници на меѓународната заедница, меѓутоа верувајте дека нивниот потпис не значи дека ние носиме или пак претходно дека Собранието ако тие не учествувале во постапката доколку ние пок-реневме Предлог измена на Уставот под би рекла нормални услови какви што покренува секое едно Собрание имаме денеска еден недемократски устав, ќе ве потсетам дека нашиот Устав беше оценет со највисоки

оценки токму од страна на меѓународната заедница, дека истиот не може би туку сигурно не е идеален, дека добар дел од оние членови кои што стојат во него нас ни претставуваа и формална пречка за наше нормално работење, тука пред се мислам и за работата на ова Собрание во врска со кворумот, тука мислам на она што значи избор на судии,и комплетна негова имплементација во законите кои што ги нудиме во судиската свера, а впрочем и Собранието тоа го докажува со тоа што надвапати досега имаше можност со уставни амандмани да интервенира во промена на Уставот.

Првиот пат, беше за жал повторно под присила. Ние го променивме, тогашниот член 49 од Уставот на Република Македонија кое што ја гарантираше грижата на Република Македонија за своите национални малцинства во соседна Грција, Бугарија, Албанија, кој што е член кој што апсолутно го има и во уставите на други држави, меѓутоа очигледно нас не притисна меѓународната заедницаи ние под експресна постапка од 45 дена го променивме, со тоа што дадовме пример дека секогаш кога ќе не притиснат можеме да го измениме уставот, еве тоа ни се случува и сега и втор пат беше изменет како уставен амандман во врска со притворот по што го донесе Собранието во период од 1994-1998 година незнам точно. Што значи дека не е табу да се менува Уставот. Дека ова Собрание може да ја смогне потребата од негово изменување меѓутоа дека се многу битни условите како и на кој начин тоа ќе го смени. Во овој случај можам да констатирам дека ние нашиот Устав не го менуваме регуларно и во демократска атмосвера дека ниту рамковниот договор, ниту пак евентуалната промена на Уставот е донесена благодарение на нашата волја и желба да ги промениме мчленовите на Уставот туку благодарение на притисокот, на насилството и на закана на оружјето.

Тоа е основното нешто за кое се јавив за збор заради тоа што постојано нам на оваа седница ни се вели ако не гласате за овие уставни амандмани односно за оваа Предлог-измена, ќе имате војна. Тоа значи дека нашата доброволна определба дека ние сакаме да го подобриме текстот на нашиот устав, да обезбедиме демократски услови за развој, за демокртски амбиент и Предлог-измена на уставот, апсолутно паѓа во вода.

Од друга страна, ќе кажам дека ние комплетно како Собрание на Република Македонија сме ставени во вкрстен оган на два притисока. Едниот е притисок на нашата јавност и може би со право, заради тоа што прво таа јавност не ја прашавме за ништо, таа јавност за ништо не е виновна што Република Македонија е вовлечена во една валкана војна во која даде голем број на жртви, таа јавност ниту пак ние како пратеници, бидејќи шест месеци апсолутно не дискутиравме за ништо, сме прашани заради бројните или пак сме причина за бројните жртви кои оваа Република ги даде во име на одбрана на територијата која во овој момент ја немаме под наша јурисдикција односно над која немаме ком-плетен суверенитет, а, која исто така во демократски услови претста-вува еден од најзначајните предуслови за промена на Уставот, ниту пак ние како Собрание или таа јавност е виновна за 100-те илјади бегалци што во овој момент не се наоѓаат на своите огништа, што се бегалци во сопствената територија во сопствената држава и за кое апсолутно на никој не му е гајле. Дури, за жал, вчера имав можност да слушнам исто така од пратеник на ова Собрание дека Собранието не продолжило со расправа заради тоа што некој си конвој таму бил спречен да се врати во своите огништа. Замислете, почитувани пратеници, некој си конвој, ние имавме можност да слушнеме од страна на олеснувачите на овој договор дека сите бегалци ќе имаат можност да се вратат во своите огништа тогаш кога ќе биде донесен законот за локална самоуправа. А, што ќе се случи дотогаш со нив? Што ќе се случи со тие деца, жени, старци, изнемоштени, кои во овој период се насилно отргнати од своите огништа, што буквално по влечки се истргнати од својата територија и од своите вековни огништа само заарди едноставниот факт што не се албанци, односно што немаат албанско потекло. Што ќе се случи со нив?

Некој овде, може би со право, се повикуваше дека постоел од-реден договор за тоа како треба да тече предлог измените на Уставот односно што секоја партија и секој потписник треба да го направи за да се пак во една демократска атмосвера ние пратениците расправаме.

Јас ја немав таа среќа или чест да учествувам директно во подготовките на Рамковниот договор, во подготовките на оваа седница, меѓутоа, како што имав можност да прочитам, бидејќи сепак бев сведена само на обична јавност и покрај тоа што сум регуларен пратеник на ова Собрание, исто така, имав можност да слушнам од оние кои учествуваа во партискиот договор дека основен услов за почнување на расправата за Предлог измена на амандманите на Република Македонија беа:

Прво, собирање на една третина од оружјето од т.н. ОНА од страна на војниците

на НАТО во мисијата "Неопходна жетва", што како услов мораме да кажеме дека е согласно дописот што го добивме од Претседателот на Републиката остварен.

Втор услов сите eксптремистички банди и вооружени екстремисти да се вратат на териториите кои беа пред 5 јули, што како услов, апсо-лутно не е остварен и трет услов, сите раселени бегалци да се вратат.

За тие два услови веќе никој не говори, а за првиот услов реков дека регуларно добивме напис од Претседателот на Републиката.

Што денеска ние како пратеници ќе треба да направиме во тој вкрстен притисок што го имаме од една страна на нашата јавност, а од друга страна на меѓународната јавност.

Прво, ќе кажам дека ние сме ставени во клинч. Ние како Собрание немавме можност регуларно на седница да го погледнеме Рамковниот план на Претседателот на Републиката г-динот Трајковски.

Второ, ние како Собрание не ги овластивме нашите преговарачи лидерите на, како што велат, релевантните политички партии да преговараат во наше име.

Трето, апсолутно ви оправдувам сите оние пратенички групи кои во Собранието беа оттргнати од преговарачкиот процес, под мотото дека  тие не се релевантни заради тоа што се во мал број. Зошто на луѓе кои се исто така како нас пратеници избрани во ова Собрание преку нужната форма лидери на политички партии да им го ускратиме правото на преговор на еден така  значаен процес како што е Рамковниот договор и дали тоа  значи дека нивните гласови при евентуалното изгласување на Предлог измена на Уставот се помалку вредни од гласовите на останатите пратеници, се разбира дека не. Јас незнам дали да се учествува во  рамковниот договор во форма на четворица лидери дваица од страна на македонскиот блок и дваица од страна на албанскиот блок е лична одлука на претседателот или на меѓународната заедница, меѓутоа, во тоа не гледам апсолутно никакво оправдание заради тоа што ако има некакво оправдание да се почне од тоа дека сепак предлог раcправата некаде мора да се формулира, мора да се направи рамка во тое каде ќе се движи, тоа не значи дека некои регуларно избрани пратеници преку своите политички лидери треба во оваа форма да бидат изоставени.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА**: (продолжение)

И втора работа дали во овој момент е клучната работа, дали во овој момент ова Собрание ќе му даде преку демократска расправа на овој документ преку се она што бара една демократска процедура на нацрт амандмани, на расправа по нив, на комплетно разгледување на правните аргументи за комплетна имплементација на договорот ќе му даде правна легална форма на рамковниот документ, или како што реков на почетокот ние ќе имаме една фарсична комедија во која што како што еден наш истакнат публицист , писател рече: пратениците ќе си ги исче-шаат јазиците, караванот ќе врви и понатаму, а сите ние дали зборувале за, или против, ќе си изгласаме во пакет уставните промени. Јас велам, оваа Предлог иницијатива на претседателот е регуларна. Од говорешето за Предлог измена на Уставот не е табу тема. Ова Собрание може од секого, вклучително дури и од 30 пратеници да почне една ваква расправа, меѓутоа г-да, дозволете ние како пратеници да се изјасниме комплетно во нормална процедура без никаков притисок на војна, или мир, да си ги имплементираме во нашиот правен договор, во нашиот основен законик Уставот за да можеме да кажеме да, ние учествувавме во една регуларна нормална постапка и ние бараме тој договор преку законската регулатива која што понатаму ќе уследи навистина да го подобриме нашиот Устав, навистина да ги подобриме нашите закони и навистина да живееме во мир, заради тоа што ако некој нам ни ја нуди војната хипотетичка, тогаш , извинете нам никој не ни понуди гаранции во форма на цврст мир. Во овој момент ние имаме само хипотетички мир и секогаш можна војна. За жал, се псотавивме во една таква позиција заради тоа што дури и пре-говарачите на нашиот тим не бараа никакви гаранции од страна на оние кои што во овој момент нам ни го нудат овој документ.

Од друга страна како се поставува Меѓународната заедница? Сакам да кажам дека јас и понатаму РМ ја гледам како европска држава, како земја на НАТО-алијанската, членка на НАТО -алијанската од причина што уште во далечната 1ее1 год, кога никој можеби во ова Собрание, или на тогашното Собрание имаше дилеми на која алијанса треба  да припадне Македонија или во кој правец треба да се движи, бев потписник на тоа, тогаш десетмина луѓе требаше да се потпишат, такви беа нашите законски норми за да се оформи невладината организација на НАТО клубот. Јас тогаш знам дека со мојот потпис во далечната 1ее1 година се потпишав и сметав дека Република Македонија и тогаш и сега треба да стане членка на Алијансата и дека Република македонија нема друг пат освен евроаталнската интеграција. Ке се согласам

со сите меѓународни посматрачи, со меѓународната заедница која што вели: ние дојдовме на ваша покана и ние сакаме да ви помогнеме. И до тука е се точно. Јас навистина како пратеник и како граѓанин на оваа држава не се сомневав во тоа дека нам меѓународната заедница е тука за да ни помогне и дека сака Република Македонија да биде фактор на мирот се до еден за мене немил настан. Тоа е случајот во Арачиново кога во спротивност со својот мандат што го има НАТО во Република Македонија во спротивност со мандатот што КФОР го има во Косово а тоа е протекторат на Обединетите Нации, НАТО мисијата евакуираше војници на ОНА, евакуираше американски советници и евакуираше американска опрема од Арачиново. За мене како пратеник на ова Собрание засекогаш ќе остане енигма што навистина се случуваше во Арачиново. И навистина бе треба меѓународната заедница доколку сака навистина да веруваме во нејзината добра волја да ни помогне овој настан да го расветли, заради тоа што се додека не го расветли овој случај, верувајте ние можеме да гласаме за предлог измена на Уставот, можеме дури и да ги убедуваме нашите грагани дека сме во право, меѓутоа секогаш ќе остане да виси што тоа меѓународната заедница сакаше да постигне со Арачиново дали мегународната заедница која што е овде на покана на Владата и на претседателот на Републиката навистина сака да им помогне на државата и зошто во секој момент меѓународната заедница се оградува од официјалните ставови на оваа Влада на чија што покана дојде, туку постојано ни вели дека таа постигнала договор со припадниците на таканаречената ОНА во врска со разоружувањето и дека таа има добра причина да му верува на господинот Али Ахмети во тоа што тој го протежира.

Прво, меѓународната заедница, односно ќе се повикам на господинот Лорд Џорџ Робертсон рече, дека сите оние кои што се во таканаречената ОНА се разбојници, убијци и дека НАТО никогаш нема со нив да дискутира. Меѓутоа, тоа имавме можност да го слушнеме од изјавата на господинот Робертсон, меѓутоа, исто така имавме можност да слушнеме во неговите бројни изјави при една од посетите дека господинот Робертсон постојано добива факсови од таканаречената ОНА како и дека имаме овластен предлагача од страна на истата таа меѓународна заедница, тоа е господинот Питер Фејт за да разговара со господинот Али Ахмети. Тогаш, нека еве мене меѓународната заедница како на обичен пратеник кој што дозволува, еве и јавноста да го изманипулира, нека ми објасни како тоа меѓународната заедница го нарушува својот основен принцип, а тоа е дека нема да разговара со терористи, заради тоа што факт е дека истата таа меѓународна заедница не само што разговара туку и повеќе им верува нив, отколку на Владата која што официјално ја поканила. Значи тоа е прв факт, Втор факт, во врска со оружјето. Нашата влада можеби навистина, јас ниту сум воен стручњак, ниту знам со колкаво оружје располага таканаречената ОНА. Меѓутоа, блиску до логиката на секој еден нормален граѓанин, не мора да е пратеник, а според проценките кои што исто така во едно интервју, незнам дали тоа го рече некој од потпаролите на НАТО, или исто така некој претставник од меѓународната заедница, не ме држите за збор, дека бројката на таканаречената ОНА е некаде 6 до 7 илјади, или во секој случај во најдобра варијанта 5 илјади. Тогаш, навистина, ние покрај се она што го имавме од ОНА треба и да ги жалиме, заради тоа што луѓето голораки се впуштиле во една тешка авантура да се борат со една армија, затоа што е Армијата на Република Македонија. Бидејќи ако тие имале 3200 парчиња оружје, на секој еден војник на таканаречената ОНА дури не се паѓа ниту по една пушка, тие морале да се менуваат во рововите кои што ги ископаа за таа цел наизменично за да користат една иста пушка. Тоа е една сосема обична, проста аргументација за тоа колкав број треба да биде тоа оружје. Еве, да се согласиме и со тоа дека бројката од 3200 навистина е регуларната бројка. Како тогаш можеше таканаречената ОНА на целокупната јавност вклучително и нам да ни прети да бидеме ние под сериозна закана дека нашата Рафинерија, дека нашиот Аеродром во секој момент можат да бидат гранатирани со оружјето со кое што располага. Извинете, со она што има можност еве и наши претставници тука да го видат со она што имаа можност наши пратеници да го видат, со она оружје кое што беше барем досега предадено, не зборувам за по-натамошните фази, тоа апсолутно не е возможно. Повторно ќе кажам јас не се разбирам од оружје, меѓутоа, ние досега ниту имавме можност да видиме што е тоа стингер, ниту имавме можност да видиме во предаденото оружје некој снајперист, а факт е дека голем дел од нашите војници, дека голем дел од цивилите кои што беа повредени во оваа валкана војна беа токму повредени со такво оружје. Еве, да го прифатиме и терминот симболика на разоружувањето. Нека тоа биде така, нека сакаме да веруваме дека навистина таканаречената ОНА има цврста политичка волја да се разоружа. Меѓутоа, јас ве молам, за да го голтнам тој аргумент, за

да и го пласирам на мојата јавност, на моите бирачи, на оние граѓани кои што можеби со право стојат и ги блокираат влезовите на ова Собрание нарекувајќи ме мене капитулант и предавник на мојата држава. Меѓународната заедница нека ми гарантира не хипотетички, туку безусловен мир на територијата на Република Македонија, тогаш со сиот ризик и со сета одговорност, верувајте јас во една демократска процедура сакам да ги прифатам условите како што нам постојано ни се пласира за тој мир. Меѓутоа во овој момент за жал тоа ние го немаме,или пак нашиот прего-варачки тим не се изборил тоа да го добие. Друга алтернатива нема. И на крајот сосема накратко сакам да го кажам следново. Меѓународната заедница досега постојано истакнуваше дека на Република Македонија треба да и се помогне. Република Македонија беше главната логистичка поддршка на НАТО алијансата во овој период во врска со кри-зата на Косово, Република Македонија успеа да се справи со делот од од-говорноста од косовската криза преку примањето ан над 350.000 косовски бегалци, со тоа што Република Македонија прво со тој чекор докажа прво, дека нема апсолутно никаква ксенофобија. Второ, дека албанците не ги чувствува за луѓе кои што не се пожелни на оваа територија да за им пружи добре дојде. И трето, дека навистина сме верен сојузник на НАТО алијансата. Меѓутоа, во досегашниот период освен вербалната поддршка што ние ја добивме од НАТО алијансата со никаква материјална, или сосема безазлена помош на Република Македонија и беше возвратено за помошта која што и ја даде на целокупната меѓународна заедница и за која што бројни политичари овде нам ни даваа вербална поддршка од потчукнување по рамо за кое што верувам дека сите оние кои што имаа можност да дискутираат со тие претставници, им отпаднаа рамењата.

Ја поздравувам навистина еднергичната иницијатива на нашата министерска за надворешни работи која што во овој момент ги посети сите соседи, ги посети сите релевантни фактори на меѓународната заедница со цел да им образложи во овој момент не само кризата на нашите 100.000 бегалци кои со ништо, или со никаква помош скоро не беа удостоени од таа меѓународна заедница и покрај тоа што ние можеме да ги отвориме границите и да им кажеме на тие луге повелете, ние неможеме, бидејќи сме во финансиска криза ништо да ви дадеме, одете и согласно тоа дека сите држави со кои што ние комуницираме се потписници на Конвенцијата за бегалци, барајте азил во тие држави и барајте тие држави да ве згрижат. Еве, ние немаме никаква помош, нема да добиете кај нас никаква помош. Тие луѓе сеуште се во Република Македонија, тие луѓе сеуште секој ден мизеруваат и нивните деца мизеруваат. Вчера имавме можност да слушнеме еден потресен прилог на кој што дечињата примаат по две лончиња млеко во текот на целата недела. Не бараат тениски игралишта како што тоа го бараше госпоѓица Паула Гедири во бегалските кампови во времето кога Македонија се справуваше со бегалската криза. Тие бараат основни прехранбени услови, бараат во овој момент едно човечко сместување и бараат основно што им прилега, што им следува во оваа држава, да се вратат не во разурнати, туку во возобновени домови во својата држава. Нам во овој период имавме можност преку дел од посетите, меѓутоа повеќе преку написите што имавме можност да ги прочитаме во нашите медиуми дел во странски медиуми, да слушнеме Република Македонија ќе добие помош односно Република Македонија ќе ја има донаторската конференција кога ќе ги изгласа уставните промени. Таква уцена навистина е срамно да ја има но Република Македонија после се она што еве во неколку црти можеби нешто пропуштив го направи токму за меѓународната заедница. Ако таа меѓународна заедница сака навистина да веруваме во нејзината добра желба и ако сака да веруваме дека навистина сака да ни помогне нема потреба од никакви условувања. Нека дозволи ова Собрание во демократична атмосфера ако сака да го промени својот Устав, а нека помошта ја достави многу порано за да ни покаже дека таа помош е безусловна и не е условена со ништо. Само така ќе може да ни каже дека навистина сака да ни помогне, а доколку помошта е условена со пари, тогаш истата таа меѓународна заедница нека ни каже колку вреди промената на нашиот Устав во еден акт, за да знаеме дека Уставот ниту го донесуваме по добра волја наша ниту го донесуваме под било каква демократична атмосфера, туку да го донесуваме заради тоа што треба да ја удоброволиме меѓународната заедница и дека таа е волна за тоа да плати. Меѓутоа, тогаш драги пратеници почитувана јавност, сите принципи за демократија која што тие истите тие држави го протежираат во сопствените држави се паѓа во вода. Тогаш во светот нема демократија. Мене ми е совршено јасно дека во еден таков глобален светски поредок во кој што се знае кој е кој, и што е што, Република Македонија е мала држава, Република Македонија треба да го слуша оној што некој нејзе и го диктира и Република Македонија во овој момент има тежок притисок. Меѓутоа, дозволете да тоа

не биде направе се она што се бара од нас не биде направено под закана, под уцена, под насилство и терор заради тоа што ние сме сепак луѓе кој што се избрани од други луѓе и за кој што треба да одговараме.

И на крајот, само ќе кажам Република Македонија ќе навлезе по својот случај во историјата на светското право и светската историја на мегународното право од причина што Република Македонија ќе биде прва-та земја незнам дали единствената во која што теророт, насилството и закaната на оружје вродиле со плод. А тоа значи под начелото за борба за политички права биле изманипулирани или доведени во ситуација на земи или остави. Сите демократски избрани институции и дека теророт се исплати. Впрочем ова ќе биде порака не само за нас, туку ќе биде порака за сите оние бројни терористички организации од типот на Осама Бил Ладен, од типот на ЕТА, од типот на Шин Фејн, дека можеби тие луѓе не треба да приредуваат само урбан тероризам, туку дека треба да земат оружје во рака и дека на тој начин треба да се борат за своите права.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

На ред е пратеникот Сајкоски Аце.

Да се подготви пратеникот Аслан Селмани.

**АЦЕ САЈКОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ќе се обидам со своја теза да изнесам што се се случува во Македонија и каде се причините и каде се решенијата на проблемот. Македонија во овие моменти се наоѓа во мошне сложена ситуација, во ситуација кога на неа и се заканува опасност од опстојување како што истакнуваат некои. Меѓутоа, јас тоа не го делам и јас верувам во победата на Македонија. Македонија се наоѓа под силата на агресија на еден вид нова агресија досега невидена во меѓународната практика. Тоа е завера против Македонија. Дали е тоа завера против Македонија, или завера против Албанците самите тоа треба да го согледаме.Ова што ни се случува. Ова што го предизвикаа надворешни сили е продукт на мафијашки инкриминирани кругови од соседните земји. Тоа го констатирам од историските факти што ги имавме во минатото. Секогаш кога на Балканот се појавуваат едни вакви моменти на војна или прегрупирање, менување на граници, тие исти мрачни сили се огласуваат за своите финансиски и политички цели. Овој пат тие многу перфидно како и секогаш порано тоа го искористија да ги заведат за своите цели незадоволните мафијашки кругови, оние што останаа на Косово после познатите пресметки во таа покраина. Тие работат за тие служби и тие ги искористија за нив. Тие се појавија на македонскиот простор со цел да внесат немир, да создадат воен судир со цел да ги остварат своите мрачни цели. На албанските екстремисти им ветуваат територии, некакви права и било што што е веќе добро познато, а можеби на македонците и нешто друго со едноставна цел да внесат раздор по оној принцип "раздели, па владеј". Дека е тоа така зборуваат и следните факти. Вие се сеќавате кога ова Собрание ги донесе заклучоците со кои се осудуваше агресијата и теророт, тогаш македонските албанци вечерта и сите денови се наоѓаа под еден силен притисок божем на дијаспората, или било од каде, меѓутоа тие останаа доследни и лојални кон својата држава Македонија. Правеа напори и го осудија тероризмот и она што се закануваше на Македонија. Тие ги потпишаа, ги прифатија заклучоците, а среќата да биде поголема еве и овде истакнувам а вие знаете дека тие заклучоци беа изработени од пратениците албанци и македонските пратеници ги прифатија како заеднички и заедничка цел им остана. Ова Собрание тогаш остана единствено и ќе остане единствено за секогаш. Меѓутоа, настаните како што се одвиваа познато ви е, агресијата интезивираше, терористите влегуваа по населбите, прогласуваа некаква слободна територија а тоа слободна територија можат самите да се лажат, бидејќи да прогласи слободна територија нешто многу друго значи, а тоа е факт дека тие терористи едноставно не знаеме ни што сакаат, ниту каде одат, едноставно беа инструментализирани за туѓи интереси. Меѓутоа, како и да е состојбата ескалира и во тој момент Европската Унија, НАТО и САД со желба да и помогнат на Македонија, а по покана на македонските институции тие се ангажираат во надминувањето на состојбата. Меѓутоа,во тие прилики се појави некој си Фровик, исто така веројатно платеник.

**АЦЕ САЈКОВСКИ**: (Продолжение)

Со сите тие екстремисти изработи некаква декларација во Призрен со која , за жал, на јадицата се фатија и политичките партии од парламентот, плашејки се да не го изгуват електоратот. Меѓутоа тоа само тактички го направија, Понатаму познато Ви е како се одвиваа активностите. Произлезе и Охридскиот политички маратон односно Договор со кој се предлагаа измени на Уставот и по кои денес расправаме. САД, НАТО и ЕУ со најдобри намери го преземаа овој чекот. Во нив не смееме да се сомневаме. Благодарение на нив, на храброста Што ни ја дадоа нам и на останатите фактори, ја обележавме југословенско-македонската

граница која беше причина за полесно да се фатат на јадицата сите тие мафијаши кои се минирани кругови за надворешните цали. Во тие моменти на Македонија многу и се помогна, а САД, Вие знаете дека е нашиот најголем пријател, учесник во создавањето на свуерена независна Македонија. Таа со тој чекор, деведесетите години ја исправи грешката кога на договорите во Малта и Техеран таа се залагаше за Македонија како држава, благодарение на Тито и Черчил Македонија остана како што остана. Затоа Америа овој пат *се* изјасни и придонесе за создавање на независна и суверена Македонија, желба на македонскиот народ од памтивека.

Со Рамковниот договор се изнасени многу предлози . Меѓутоа имам еден кој можам да го пофалам. Тоа а предвидувањето, во образованиeто низ сите училишта да имаме единствен апрограма за учениците. Тоа е добро бидејки во досегашниот период тоа го немавме и тоа беше причината што се создаваше недоверба и јаз меѓу македонскит еи албанските ученици кое тешко се надминуваше. На тој начин засекогаш заедништвото, единството на македонската нација ќе дојде до полн израз. Меѓутоа, во Рамковниот договор кој можеби е правен по урнекот на западните земји и САД изостанува името македонски народ во оваа држава. За балканските прилики тоа е неприфатливо и сметам дека во овој парламент, со амандманите што ќе бидат поднесени од сите, и албанци и македонци и останати, едногласно да се прифати во преамбулата да остане македонски народ. Тоа е гаранција не само за македонската држава и македонскито народ туку за македонската нација и сите националности што живеат во Македонија. Тоа размислете го добро сите. Тоа е потреба за сите.

Останува отворено прашањето , под услов и се прифаќа Рамовниот договор со измените со помош на амандманите.Се истакнува дека и по завршувањето на сите тие активности ќе продолжи со вооружени акции така наречената, АНА. И оваа АНА како и ОНА е создадена од тие мрачни балански сили. Меѓутоа таа нема да успее. Таа со овој договор се обидува да се спаси за да не биде прогонувана затоа што во Договорто постои дека политички цели не се остваруваат со вооружени дејства. Меѓутоа АНА, ОНА повеќе нема ни да постојат. Нивните припадници уште денес нека сватат и нека се вратат дома тие што се од нашиот крај, останатите нека се вратат од таму од кај што дошле. Македонците, албанците и останатите се определија за заеднички живот. Македонија е голема и има големо срце за сите што ја сакаат. Албанците во овој парламент и сите граѓани албанци се определеија за Македонија. Доказ за тоа е што во почетокот никој не им се приклучи на тие надворешни сили, надворешни агресори. Во натамошниот тек некој се приклучи, можеби од таа невработеност и економска зависност. Меѓутоа сите тие нека сватат и нека се вратат дома, да продолжи живот во нормални услови. Македонците и албанците во тетовско и кумановски е сватат дека тие и понатаму заеднички ќе живеат и ќе си помагаат. Било што било нека се заборави и нека се вратат во домовите, а оние што го предизвикаа ова зло нека си одговараат пред правната држава.

Се обидов на овој начин да излезам со своја теза за која верувам дека е единствена , бидејки ја препознав како историчар.

За да одат работите што побрзо и оваа криза во македонија да се надмине, го повикувам претседателот на државата Борис трајковски да ги повика лидерите на четирите политички партии учесници на овој изработен договор да седнат и да си ги надминат можеби личните забелешки,. Во интерес на Македонија да ги разгледаат амандманите и заеднички да ги најдат најдобрите решенија , да ни ги понудат тука и ако се за прифаќање да ги прифатиме со консензус.

Ако тоа не го слушне претседателот Трајковски, го замолувам претседателот на СДСМ Бранко Црвенковски тоа да го стори, да каже дека овде е покрената таква иницијатива. Исто така ги замолувам колегите новинари, за доброто на Македонија да се ангажираат на овој план, да ги афирмираат заедничките интереси на македонските граѓани, во интерес на макеоднската нација и македонскиот народ. Нека го обелоденат овој повик за претседателот, за да седне со четворицата мажи македонци и за само два-три дена да ја надминеме кризата. Јас верувам дека во четврток ќе се пријават од овде пратеници што заедно ќе тргнеме кон Јажинци и Липковсо.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Ацо Сајковски.

Збор има пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, овие три дена расправаме за мошне значаен документ, за иднината на нашата држава и имавме прилика да слушнеме интересни дискусии. Нив би можел да ги поделам во две категории. Дискусии од типот на Агаменом, дискусии од типот на Монтескије и Расел и другата група дискусии од типот на Олба , Дидро, Жан Пол Сартр. Јас ја прифаќам втората група на дискусии.

Денес е третиот ден како водиме расправа вов рска со Рамковниот договор, документ за иднината на Република Македонија, кој го потпишаа челниците на најголемите и најрелевантните политички апртии кај нас, што истовремено тие и ние сите имаме голема задача и одговорност за имплементирање на истиот.

Државите постојат заради контролирање и измени на основните принципи на однесување, заради детерменирање и спроведување на развојните оски на општеството, заради динамизирање на позитивните промени за сопствените граѓани, култури и вредности, заради спроведвување на основните нормативи на човековите права и слободи и нивно унапредување , заради вклопување на хармонијата со Уставот на Бога, со Уставот на нашите умови, заради поимот опш развој на сите чекори на умот и слично. Тие се носечки функции: потенција, суровина, стварност, актус на демократско нормирање на однесувањата.

Овој документ кој денес е пред нас со јасно дефинирани цели и задачи, се однесува токму на горе наведените принципи и начела. Но, денес како никогаш порано имаме потреба да се врати мирот, политиката да ја врати својата зрелост за да се дојде на пократок временски период до траен мир, како единствена алтернатива, сега и секогаш, затоа што документот токму тоа го нуди нуди излез, нуди излез од кризата, а истовремено вклучување кон нови европски и светски токови и стандарди.

Доста се зборуваше за Рамовниот договор и често пати тукаод страна н апратениците се поставуваше прашањето дали тоа е некоја нова политичка доктрина на уредување на државата. Со аргументи би рекол дека има нови и стари работи кои биле во употреба и практикувани уште од шеесетите години.

Рамковниот договор според мене и според номенклатурата беше практикувана , а што јас ја памтам и што сум ја доживајал и повеќе е стара доктрина. Поаѓам од себе. Сите сведителства во основното училиште ми беа напишани на албански јазик. Дипломирав во Учителска шкпла "Зефљуш Марку" исто так ана албански јазик. Тие стекнати права исто така се однесуваат и на овој Рамковен договор. Немаше никаков проблем за упис и слични процеси во тогашна моја држава. Документот, се разбира има и нови нешта што е разбирливо, затоа што е тежнение кон нови дострели на нова геометрија на соживот. Сите држави во светот, сит еопштества во нив, па и нашето општество и држава со овој документ нема да ја ослабне својата позиција во меѓународните рамки, ниту пак ќе се пореметува позицијата на мнозинскиот народ, туку со овој документ РМ станува посилна демократска епирија , силно ќе зајакне како демократска држава со силна гаранција од ЕУ, САД, НАТО, ОБСЕ и слично. Документот нуди и нови праведни системи во државата без кои државата Ќе ни биде демократски слепа, дива, неграѓанска, насилничка.

Не би сакал да зборувам за причините, но би кажал дека сите државни институции уште од деведесетите години беа повеќе затворенив о себе без таа искрена комуникација со луѓето. Мислам ако и натаму така продолжиме не е добро. Ние бевме по присутни во Тајлан отколку во нашите краишта. Тука се истакнувам и себе си затоа што и јас сносам одговорност, како што сносат одговорности и сите други пратеници и владини функционери кои не бевме во состојба да го сочуваме мирот, што не бевме и не сме ефикасни, рационални во парламентот, што веројатно истите проблеми ги имаат и другите владини институции. Ваков од во затворен егоцентричен круг доминира и често пати може да преовладува незрелата свест и се разбира по инерција тогаш никнуваат разни политички игри кои носат тешки последици за судбината а човекот и тогаш играат силите на случајот и рационалноста во решавањето на судбоносните проблеми на луѓето од сите етноси и култури.

Рамковниот договор е политички компромис кој овозможува да се изгради заеднички граѓански столб заснован на чувства за соживото кој ги обединува разликите и во овој заеднички дом со единствена врата, со многу отворени врати внатре да преовладува искреноста, со што противникот ќе се смета за пријател, за соговорник, за поттикнувач на нови идеи и вредности. Секако човекот ако сака, а сака добро , мудро и праведдно да живее, тој

прво треба да мисли што прави, потоа како позитивно да влијае и на крај да дејствува за добри работи за сопствената замја. Нио за жал кај нас многу често некои работи се одвиваат во обратен правец.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:** (продолжение)

Република Македонија мора да ја отвора европската завеса да влезе во заедничкиот европски геоатлас, како заеднички дом со големи гаранции за соживот и стабилноста на мирот во државата. За тоа постои искрена европска желба, желба на САД, НАТО, ОБСЕ и други структури. Тоа треба да се почитува. Демократската алијанса на албанците тоа го почитува и сметам дека не ќе можеме без труд и искреност да изградиме издржана градина и мораме преку развојот на системите на демократските процеси тоа да го направиме и да се одлепиме од колосилниот на балканските гладијатори.

По силата на нештата така течат нашите работи, како што течат. Сега се лоши, но тоа не значи дека не можат да бидат добри. Затоа треба да му се верува на Рамковниот договор, треба да му се верува на заложбите на Претседателот на државата и на лидерите на политичките партии кои сметаат дека имплементацијата на документот донесува траен мир. Така мислам и јас, така мисли и Демократската алијанса на албанците.

На крај ние треба да разбереме конечно дали сме за развој, напредок, соживот тука и во европските и светските димензии за општа хуманизација и хармонизација на односите меѓу сите култури и ентитети за глобално создавање на граѓански општествен поредок и духовен плурален напредок со што се создаваат услови за благосостојба.

Нема потреба вистината да ја рекламираме и промовираме. Таа се афирмира преку нејзините резултати, преку придобивките и ценам дека Рамковниот договор е афирмирана вистина и неопходност од релевантните политички партии чии лидери тоа го потпишале. Од европскиот демократски сублимат, од САД, НАТО и други политички фактори во овој свет, ако поинаку се однесуваме и си играме со нашата судбина, со судбината на идните генерации, тогаш нашите игри немаат никаква генијалност, ниту изразува некаква голема мисла. Ќе останеме луѓе во еден период со краток здив, период и луѓе што затвораат простори за циркулирање на творечки мисли и што потоа со перспективата на нашата земја Република Македонија.

Потоа ние како такви луѓе ќе бидеме несфатливи неприфатливи за божја моќ и за прифаќање на силите на напредокот, нивното глобално ставање во функција на човековиот живот со целосно вклучување на разумот и умот во се што е човечко почнувајќи од дивите ефекти инстинктти, чувства, па се до хуманите ангажирања, дела, акции и зафати.

Заради тоа што документот нуди перспектива за мојата земја, мојот глас ќе биде позитивен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави г. Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Многу работи беа спомнати, прашање е колку е добро да говорам во ист правец од она што многу од пратениците го апострофираа овде и да не бидам многу стереотипен, ќе се потрудам да презентирам нешто што е веќе објавувано во македонските медиуми, но прашање е кој успеа тоа да го прочита, да дадам поинаква светлина на настаните и она што вчера провејуваше во дискусиите на одредени пратеници дека главниот виновник за настанатата ситуација е ВМРО-ДПМНЕ. Од европскиот демократски сублимат, од САД, НАТО и други политички фактори во овој свет, ако поинаку се однесуваме и си играме со нашата судбина, со судбината на идните генерации, тогаш нашите игри немаат никаква генијалност, ниту изразува некаква голема мисла. Ќе останеме луѓе во еден период со краток здив, период и луѓе што затвораат простори за циркулирање на творечки мисли и што потоа со перспективата на нашата земја Република Македонија.

Потоа ние како такви луѓе ќе бидеме несфатливи неприфатливи за божја моќ и за прифаќање на силите на напредокот, нивното глобално ставање во функција на човековиот живот со целосно вклучување на разумот и умот во се што е човечко почнувајќи од дивите ефекти инстинктти, чувства, па се до хуманите ангажирања, дела, акции и зафати.

Заради тоа што документот нуди перспектива за мојата земја, мојот глас ќе биде позитивен. Вчера на репликата со г-цитата Шеќеринска кажав дека е можеби нешто трето, што можеби ни една македонска Влада во моментот не би можела да го спречи нешто што е многу

над нас и нашиот ментален склоп не дозволува да го видиме.

Дали причините треба да се бараат во Првата Призренска лига од 1876 година, ако грешам во годината некој од албанските пратеници ќе ме поправи, нешто слично на САНУ за големодржавните идеи, дали причините треба да се бараат во инертноста на макеоднските политичари од 1945 до 1990 година, каде Македонија остана ветена земја за сите немакедонци дојдени овде. Со тоа се доведовме во една ситуација во која денеска се наоѓаме и еден голем процент одомаќинети немакедонци во Република Македонија чии консеквенци ги гледаме и денеска.

Причините се најмалку борба за граѓански права, повеќе од евидентно е дека причините се одредени територии, северозападниот дел на Република Македонија и тоа е повеќе од јасно и секој оној кој размислува во друг правец, може само себе си да се залажува дека тоа не е така.

Но, прашањето е, кој се кумува на оваа настаната ситуација и кој е тој што ги влече конците над нас, таа невидлива група на луѓе, групација на луѓе, организација, финансиска или воена, во секој случај нешто што е фантомско, нешто невидливо за нас.

Денеска осамнаа два интересни наслови во "Вечер" во контекст на она што денеска го дискутираме сите ние, вчера и претходните два дена, видувања на Даниел Мекадамс набљудувач за Балканот за Хелсиншката група за човекови права - Британија, насловот вели вака "Суштинската жетва е најчудната мисија на НАТО до сега" и уште еден наслов што осамна во германксите весници "Франкфурт ..." вели детска игра со разоружувањето.Во тој контекст се потрудив нешто да исчепкам затоа што, ако веќе ни се крои судбината, мора да имаме една појасна визија кој е тој што ги влече конците за да утре ние како пратеници на крај се одлучиме како да гласаме. Но, прашање е дали со промена на Уставот ќе пристигне мирот во државата.

Еве, во тој контекст би сакал да цитирам некои работи од Керстин Шулц од Транснационалната фондација за истражување на мирот и иднината, тврди, насловот вака звучи "додека НАТО ублажуваше, ОВК убиваше" и понатаму говори: лУѓето кои ја бомбардираа Југославија, и го десеткуваа Косово со инсталирње на ОВК на власт се обидуваат да донесат мир во Макеоднија. Што тој мир би значел. Ако биде целосно реализиран е опишано во зачудувачкиот искрен напис во "Лондонски телеграф" во написот се опишува како бунтовниците, така ги нарекуваат, нашата терминологија е сосема друга ние ги нарекуваме терористи, но се се сведува на исто од т.н. ОНА ги напаѓаат македонските цивили убивајќи ги и истерувајќи ги од нивните домови и шаблонот е веќе познат.

Во Македонија како и на Косово НАТО ја прикрива реалноста, тврдејќи дека сака само да го спречи малтретирањето и да донесе мир, овде ставам знак на прашалник. Тоа е моја забелешка.

На почетокот оваа пропаганда ги излажа повеќето од српските жители, ова се однесува на агресијата на Србија или нападот на Србија, на СР Југославија вели вака "на почетокот оваа пропаганда ги излажа повеќето од српските жители на косовскиот град Ораховац. На почетокот тие го излажаа и Чедомир Пралинчевиќ, некој си српски лидер кој беше истеран од Косово од ОВК со согласност на НАТО. Значи, некоја форма на етничко чистење, она што веќе ни се случува во Западна Македонија. Наскоро ужасната вистина стана јасна, ова се цитати од "Лондонски телеграф" земја која припаѓа и е членка на НАТО-Унијата и претпоставувам дека ова е многу сериозен весник и претпоставувам дека овој што го пишувал текстот е сериозен аналитичар.

Значи наскоро божанската вистина стана јасна, додека НАТО емитуваше смирувачки излитени фрази, ОВК маршираше низ затворената врата на границата со Албанија, убивајќи земјоделци, тероризирајќи луѓе само поради фактот што се срби, убивајќи жители во нивните станови, наметнувајќи етнички терор, ганстерство, што лични на нацистичкиот, така што никојпат дури ни етничките албанци не беа безбедни. Ова го вели "Лондонски телеграф", и продолжува -сето ова беше уредно спакувано за политички коректниот Запад. Овде ставам наводници на зборот "коректниот", покраината се исполни со западни претставници кои зборуваа за решавање на конфликтот и градење демократски институции. Што е после две години од настаните? ми изгледа повеќе на фата-моргана. Иако ОВК ги отфрли своите противници и ги истера истите луѓе кои му пречеа на Хитлер за време на Втората светска војна (се мисли на Србите). Ова дел од Тексас на "Лондонски телеграф" овде продолжува на втора страна, таа е многу интересна, не би ја цитирал, ова е само дел за една појасна визија, ние како пратеници во иднина да

одлучуваме и да одлучиме дали ќе го прифатиме овој Рамковен договор, дали ќе гласаме за уставните амандмани и на крај дали сето тоа ќе се инкомпорира или ќе се вгради во самиот Устав.

Уште поеклатантен е примерот на некој си професор Мишел Чосудовски, професор по економија на Универзитетот во Отава, текстот му е објавен на 22 август 2001 година, содржи 8 страници и ќе се потрудам во целост да го цитирам затоа што е многу интересен и во контекст на она што претходно го презентирав, кои се тие кои ги влечат конците и, за жал, денеска граѓаните на Република Македонија почнувајќи од македонците, албанците и сите останати стануваат жртви на една идеја која се уште ние не ја знаеме и чија крајност се уште не можеме да ја видиме.

Професорот Чосудовски е можеби екстремен левичар, претпоставувам според текстот, но доколку и 10% од она што е презентирано би било вистина, тогаш лошо и се пишува на Македонија, но да не бидам премногу песимист, секогаш сум оптимист кога се работи за македонското прашање сметам дека во сите нас како македонци има доволно сили и доблести да опстанеме на она што значи опстој на макеоднксиот народ и македонската држава.

Но, да не губам време ќе се потрудам што попластично да презентирам т.е. да цитирам што говори професорот Чосудовски вели вака околу 3,500 тешко вооружени НАТО-трупи, веќе не се 3,500, преименувани се дека ќе бидат 5,500, ова е пишувано на 22 август, а од 22 август многу работи се изменија, влегоа во Македонија со мандат да ги разоружаат албанските бунтовници, исто терминот е од западен стил а кај нас е сосема поинаку, но тоа е најмалку битно, пак ќе повторам, додека се предвидуваа симболично собирање и уништување на застареното оружје доказите јасно потврдуваат дека ОНА, УЧК е вооружена, опремена и финансирана од Вашингтон. Крајната цел на НАТО е повеќе да ги заштити отколку да ги разоружа терористите, да ги ослабне и онеспособи македонските безбедносни сили, случајот со МПРИ, само ќе ве потсетам оние што ја следат состојбата веднаш ќе им биде јасно за што се работи, не убедуваа дека Македонија мора да има мала војска со вакво и такво оружје, но не е битно ќе се сетат сите оние кои на некој начин се инволвирани во таа проблематика. Тоа е моја забелешка. Да инсталираат Протекторат под директно воено владеење, што можеби во главите на некои луѓе веќе се одвива, не велам македонци надвор од нашата држава, луѓе кои ги влечат конците. Посредничкиот мировен договор на САД, ЕУ, претставуваат акт на предавање и потчинување на НАТО-агресорот. Ова е воведот на професорот Чосудовски, професор по економија на Универзитетот во Отава. Тоа не се мои видувања, но најдов засходно да ги презентирам од едноставна причина сметам дека дел од она што се случило, дел од она што не можеме да го видиме и не можеме да си го објасниме, претпоставувам дека се содржи во овој текст.

Во часовите пред иницирање на Охридскиот "мировен договор" на 8 август, терористите ги обновија нивните напади, што доведоа до смрт на 10 македонски војници од Прилеп, во заседа.

Следниот ден беше лансирана поголема воена офанзива на ОНА насочена против македонските безбедносни сили. Два дена подоцна неколку илјадни трупи на КЗК или Косовскиот заштитен корпус на Обединетите нации стационирани на Косово ја преминаа границата и ги нападнаа македонските безбедносни сили на АРМ во регионот на Радуша, иако од некои наши македонски потпароли од старт беше негирано, што значи дека нашите македонски портпароли не биле на време информирани, или ја прикривале вистината. Овие внимателно испланирани воени акции, беа исто така придружувани од насилни напади насочени против цивилите. Во функција на она што денесеска ни се случува, со 60 до 70 илјади раселени македонци, истерани од сопствените огништа. Да не бидам и претерано патетичен, таа е вистината, од незе нема бегање.

Во атмосфера на јавни протести, обновени терористички напади, Рамковниот мировен договор, па стои во наводници, самиот автор, Чосудовски, беше потпиш на 13 август. Актерите се тука, почнувајќи од лидерот на СДСМ, Црвенковски, премиерот Георгиевски, кој е лидер на ВМРО-ДПМНЕ, и двајцата албански лидери, дозволувајќи на НАТО-трупи низ Македонија, со мандат повторно наводници "да ги конците. Посредничкиот мировен договор на САД, ЕУ, претставуваат акт на предавање и потчинување на НАТО-агресорот. Ова е воведот на професорот Чосудовски, професор по економија на Универзитетот во Отава. Тоа не се мои видувања, но најдов засходно да ги презентирам од едноставна причина сметам дека дел од она што се случило, дел од она што не можеме да го видиме и не можеме

да си го објасниме, претпоставувам дека се содржи во овој текст.

Во часовите пред иницирање на Охридскиот "мировен договор" на 8 август, терористите ги обновија нивните напади, што доведоа до смрт на 10 македонски војници од Прилеп, во заседа.

Следниот ден беше лансирана поголема воена офанзива на ОНА насочена против македонските безбедносни сили. Два дена подоцна неколку илјадни трупи на КЗК или Косовскиот заштитен корпус на Обединетите нации стационирани на Косово ја преминаа границата и ги нападнаа македонските безбедносни сили на АРМ во регионот на Радуша, иако од некои наши македонски потпароли од старт беше негирано, што значи дека нашите македонски портпароли не биле на време информирани, или ја прикривале вистината. Овие внимателно испланирани воени акции, беа исто така придружувани од насилни напади насочени против цивилите. Во функција на она што денесеска ни се случува, со 60 до 70 илјади расселени македонци, истерани од сопствените огништа. Да не бидам и претерано патетичен, таа е вистината, од незе нема бегање.

Во атмосфера на јавни протести, обновени терористички напади, Рамковниот мировен договор, па стои во наводници, самиот автор, Чосудовски, беше потпиш на 13 август. Актерите се тука, почнувајќи од лидерот на СДСМ, Црвенковски, премиерот Георгиевски, кој е лидер на ВМРО-ДПМНЕ, и двајцата албански лидери, дозволувајќи на НАТО-трупи низ Македонија, со мандат повторно наводници "да ги разоружаат албанските бунтовници". Западната медиумска мантра, така ги нарекоа, повторувајќи ги како папагали официјалните изјави на НАТО, заклучија без понатамошно испитување дека албанските бунтовници, терминолошки не се согласувам со овој термин, се обидуваат да ги сопрат ратификувањето и имплементацијата на Рамковниот документ, што допрва треба да биде одобрен од Македонскиот Парламент. Поткопувајќи ги макотрпните "напори на Меѓународната заедница" недвосмислено стоевме против актите на насилства во Македонија, и сите прекршувања на прекинот на огнот, рече портпаролот на Стејдепартментот Ричард Баучер. Во Меѓувреме Југословенскиот претседател Костуница ги објави американските и европските посредници дека биле прелажани, т.е. излажани од страна на албанските бунтовници. Планерите на Пентагон (значи можеби доаѓаме до суштината на работите, кои Се тие кои со сите нас овде Македонија, без разлика на нејзината верска и национална припасност си играат едноставно, неводејќи сметка за жртвите и она што значи уништување на добрата кои се створаа со децении наназад), планерите на Пентагон и Стејдепартментот на САД од најмоќната нација на светот се подразбира прелажани "од албанските бунтовници" според западните медиуми, воената Алијанса Немала претходно знаење за овие терористички напади отпочнати во време на круцијалните мировни преговори, се мисли на преговорите во Република Македонија, како предвесник на уставните измени.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Непријателот е претставен како мировен потпомагач. Идентитетот на НАТО агресорот и неговата врска со терористите не се спомнати. Тоа се забелешки на професорот Чосодовски.

Исто така интересно е да се проанализира и да се види кој ги нареди терористичките напади, според видување на авторот кој го презентирам. Таканаречените албански бунтовници не ги донесуваат клучните воени одлуки на своја рака. ОВК или ОНА и нејзините разни поврзани фракции ја сочинуваат американската ополномоштена армија интегрирана од воени советници на САД, обучени во британските специјални сили, финансирани и опремени од Вашингтон. Војната секогаш водена во смисла на внимателно креирани политички цели, воените операции вклучувајќи тајни активности за поддршка на борци за слобода, никогаш не се неиспланирани. Значи секогаш се планирани. Терористиките напади се дел од воената агенда на разузнувачката служба на Вашингтон во Македонија.

Високи воени советници на САД преземени од приватните платнеички компании, работат со командантите на ОВК и ОНА. Командантот на ОНА Гзим Остреми беше трениран од британските специјални сили за да го води спонзорираниот од ОН, Косовскиот заштитен корпус. Потврдено од британски воени извори. Тоа е забелешка на авторот Мишел Чосодовски.

Задачата на вооружувањето и обуката на ОВК му беше доделена на разузнавачката таканаречена ОРА и британските тајни служби М6, заедно со поранешните и сегашни членови на 22-от пешадиски полк на САС, како и три британски и американски приватни безбедносни компании. ОРА, што во

превод значи одбранбена разузнувачка агенција на САД, стапиа во контакт со М6 за да организираат програма за обука на ОВК, рече висок британски воен извор. М6 тогаш склучи договор за операција со две британски безбедносни компании кои пак побараа голем број поранешни членови на пешадискиот полк на 22-та единица на САС. Беа направени, вистина опрема и оружје потребна за ОВК. Додека овие тајни операции продолжуваа, сегашни членови на 2-от педашиски полк на САС, најмногу од единицата Д-ескадрила беа прво распоредени на Косово, пред почетокот на кампањата на бомбардирањето во март.

Што професорот Чосодовски вели за она штио денес се случува во Македонија:

Операцијата неопходна жетва е повторување на Косово. Првиот и третиот падобрански батаљон испратени во Македонија под операцијата неопходна жетва имаат историја на активна соработка со ОВК. Британските сили ја водеа инвазијата во Косово во јуни 1999 година, поврзани со силите на ОВК. Доказите јасно потврдуваат дека американскиот и британскиот воено разузнувачки естамблишмент продолжи да ја поддржува ОВК и во нејзините терористички операции во Македонија.

Двајца од косовските албанци водејќи во албанскиот напад во регионот на Тетово беа обучени од поранешни британски официр на САС и падобранскиот пешадиски полк А, командант со воено име Билал, организираше проток на луѓе и оружје во Македонија и ветеран на ОВК, командант Адем Бајрами, помагаше во координација на нападот во Тетово. Двајцата беа обучувани од британските војници во тајни кампови за обука што оперира во Бајрам Цури во Албанија, во текот на 1998 и 1999 година. Со горка иронија, официрите на британскиот падобрански пешадиски полк испратени под операцијата неопходна жетва која денеска се случи и деновиве се луува во Македонија, претходно соработувале и ковале врски со командантот на ОВК или ОНА, сега задолжен за воените операции во Македонија. Доказите сугерираат дека британските пара батаљони беа испратени повеќе за помагање отколку за разоружување на ОВК и ОНА. Некои делови ќе ги прескокнам затоа што и беа повторувани и кажани веќе од некои пратеници овде. Интерсно е исто така да се види и видувањето како ќе оди разоружувањето на бунтовниците и што е видувањето на горенаведениот професор.

Горенаведениот професор вели - процеспот на разоружување целосно фиктивен, да не кажам имагинарен, зошто НАТО би ја разоружал својата сопствена ополномоштена сила која беше повторно опремена во изминатите два месеци со гланц ново оружје произведено во Америка.

По потпишувањето на Рамковниот документ НАТО објави дека се согласил со ОНА за условите и постапките за конечно предавање на оружјето. Во тој поглед НАТО планира да ги повтори, симболичното разоружување на ОВК имплементирано во очи на 1еее година, кампањата на бомбардирањето на Косово, каде лесното оружје Јака -47, популарно наречен калашников, беа предадени на "доборовлна база". Овој процес беше проследен со вооружување и опремување на ОВК со современо оружје што доведе до терористички напади на Јужна Србија и Македонија. Целиот процес на разоружување очигледна лага, според зборовите и видувањата на Чосодовски. Всушност условите на разоружување се преговараат повеќе со терористите отколку со македонските власти.

Понатаму вели - бунтовниците ќе го соберат нивното оружје и ќе го депонираат на претходно договорени места, во моментот, нели, на Криволак. НАТО трупите тогаш ќе влезат, ќе ја затворат областа, ќе ги земат пушките за уништување во трета земја и ќе си одат. Ние имаме еден нов момент, она што вчдра господинот Џемс Пердју го кажа за ББС, дека рокот од 30 Дена моеж дасе пролонгира и дека во областите каде што постои можноста од ескалација на судирите може да останат цивилни посматрачи на НАТО. Значи работите радикално се менуваат и треба посебно внимание да се обрне на тој момент, посебно што се однесува на оние кои ќе преговараат во име на Владата затоа што според досегашните активности на одредени служби, одредени воени организации, претпоставувам дека залогот е премногу голем и не смееме да си дозволиме луксуз, да си играме со судбината на Македонија.

До колку предавањето на оружјето е "доброволно" , тогаш зошто НАТО треба да донесе големи количини тешка воена опрема со британските воени транспортни авиони. Во контекст на она што пред тоа сите го спомнаа. Зошто се потребни 5.500 војници за собирање на 3.500-4.000 парчиња на оружје. Има логка во сето ова што претставува анализа на господинот и професор Чосодовски.

Има причина да Се верува Дека една од Целите на организацијата неопходна жетва е да се канализира оружјето и дотур на терористите до нивните енклави, додека во исто време да се разоружуваат сите форми на воен отпор, вклучувајќи цивилно-одбранбени групи кои се развиле спротивно на терористите и инвазијата водена од НАТО.

Додека западните медиуми шират гласини дека во станиците се вооружени со пушки и ножеви, тоа го вели Асошиете Прес од 20 август 2001 година, доказите потврдуваат дека САД продолжува да ги опремува терористите со современо оружје. Дали кога се говори за САД се мисли дека државата стои зад сета оваа работа, или Се мисли на одредени организации од САД, не би можел да кажам, тоа Не е мој текст, Не е мое видување. Едноставно сметавм дека добро е тоа да се презентира и пред пратеницит не пред македонската јавност, а верувам и пред господата кои седат наспроти мене а не се претставници на македонските медиуми, едноставно да погледаат и да дадат вистинска слика на се тоа што се случува во Македонија и да престанат координирано да ја блатат македонската држава и да говорат за граѓански права и еднаш засекогаш да и погледнат на вистината во очи. Ќе кажам всушност за што се работи овде, дека не се работи ,за никакви граѓански права, туку се работи за окупирани територии на Република Македонија. Сега ќе се задржам малку на она што господинот Поповски го спомна дека, доколку не поминат овие уставни промени може да ни се случи она најстрашното после 11 години независност некој да инсталира протекторат во Република Македонија што сепак е далеку од моето размислување, но претпоставувам дека на идејните творци, на она што се случува последниве шест месеци во Македонија, претпоставувам дека како краен план и агенда ја имаат и оваа опција.

Што вели Чосодовски околу можноста, недај Боже Македонија да стане протекторат на НАТО. Вели - Вашингтон ја притисна Македонија на работ на граѓанската војна. Дека сме притиснати е факт, од искажувањето на учесници во Охридскиот самит. Тука нема никаква тајна. Тоа го пишуваа и сите македонски медиуми, тоа го пренесоа и многу од странските медиуми Дека се врши невиден атак и притисок врз македонските политичари, да не кажам врз претставниците на македонскиот блок олицетворени во ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Тоа е факт кој држи, дека е извршен максимален притисок, нешто што е невидено, во време на воена состојба да се прават уставни промени. Но очигледно дека судбината ни била таква, маа држава сме, со мал број на жители, Се однесува, нели, на оние ко припаѓаат на македонската етничка група и според народната - таму каде што има сила нема правдина. Но сепак сметам дека треба да се покажме цврсти во опстојувањето и бранењето на Република Македонија.

Значи Вашингтон ја притисна Македонија на работ на граѓанска војна со цел да ја оправда НАТО интерванцијата на хуманитарни основи. На некој начин и НАТО интервенција е собирањето на оружјето, а што ќе се собере, тоа е веќе друго прашање. Многу од пратениците учествуваа во таа собирна акција на музејски експонати.

Понатаму Чосодовски Вели: - постепено загрозени, како резултат на терористичките напади и НАТО инвазијата, незнам на што конкретно мисли, дали како целокупна организација, или делови на НАТО кои се невидливи за нас, Вашингтон е целосно свесен дека "Мировниот договор", вклучувајќи ги уставните амандмани има ли и мали шанси да стане "оперативен" под "функционирање на демократијата". Кога вели "оперативен", се мисли дека тешко може да заживее. Во тој поглед НАТО веќе навести дека има планови на контингент, доклку е невозможно да се оствари неговата мисија во рамките на "Мировниот договор".

Во деновите по потпишувањето на Рамковниот договор, меѓународната кризна група наречена МКК, невладина организација, инаку финансирана од Џорџ Сорос, со врски во Стејтдепартментот на САД, укажаа на потребата од менување на мандатот на НАТО на операцијата "неопходна жетва". И понатаму вели: "НАТО не може да ја ограничи својата мисија на 30 дена", она што веќе го спомнав и беше обнародено од претставникот на САД Џејмс Пердју дека и после 30 дена НАТО ќе има потреба од цивилни посматрачи во кризниге подрачја. Тој мора да биде подготвен да направи повеќе отколку собирањето на оружје, што ќе му биде доброволно предадено. Тој мора да ја затвори границата со Косово и треба да обезбеди безбедносни гаранции потребни да се види парламентарната ратификација и имплементација на Договорот од 13 август. Тој, се мисли на НАТО мора да биде подготвен да ја искористи сета потребна сила, да осигура дека тоа ќе стане реалност.

За жал, покрај Договорот, има малку верба или дури очекувања на мир меѓу македонците и албанците. Тоа наметнува тежок товар на Меѓународната заедница, која ќе треба да одлучи дали Мисијата треба да биде поотворена временска рамка и пожестока традиционално мировна улога. Некои интересни термини, како што е терминот "традиционална мировна улога", што подразбира тој времето ќе каже.

Од друга страна, американските медиуми веќе почнаа да градат "оправдување" за потребното присуство на НАТО како средство за гарантирање на социјалните права на албанците. Асошиетет Прес во извештајот цитира една интересна работа вели "Мустафа Арифи седејќи со неговиот вујко под ладната сенка на главната џамија во икс, икс село, не само што тој сака НАТО трупите да дојдат, тој сака да останат подолго од 30 дена предвидени од Алијансата" и вели вака: "знаеме дека големите сили се на наша страна, рече тој со сигурност, би сакале тие да се тука 20 години". Заборавајќи притоа, мислам на албанците, ова е моја забелешка, дека нема вечни пријателства, има само вечни интереси. Или ќе ви бидат пријатели доколку ви се вистински пријатели до моментот додека сте им потребни, а потоа ќе ве шутнат и ќе ве заборават. Тоа се однесува на сите мали нации каде што припаѓаат и албанците. Тоа се подразбира дека се однесува и на самите македонци. Очигледно малите нации никогаш неможе да имаат некоја круцијална улога во одлучувањето за она што значи глобална политика.

Понатаму вали Чосодовски, нема сомнеж штом мандатот на НАТО е редефиниран, користејќи "хуманитарен или мировен предтекст" следната фаза ќе биде да ја прошират Мисијата на НАТО после договорените 30 дена, а веќе најавено од претставникот на САД Џејмс Пердју во вчерашното интервју за Би Би Си, водејќи до потрајно воено присуство на НАТО трупите, како камен на сопнување за инсталирање на полноправен НАТО протекторат по моделот на Косово и Босна.

Во тојпоглед, исто продолжува Чосодовски и вели дека вреди да се потсети дека Босна и Херцеговина беше поделена по етнички линии, со Дејтонскиот договор од 1995 година. Слично на операцијата "неопходна жетва", аранжманот наметнат од НАТО на македонската Влада е дека тарористите ќа останат на териториите што ги окупирале НАТО и ќе осигураат македонските трупи да не влазат во териториите контролирани од бутновниците. Тоа исто значи дека македонцита кои нв беа протерани од терористите нема да можат да се вратат во нивните домови, и покрај напорите на македонската Влада, повеќе евидентно е дека тие 60.000 избегани македонци прашање кој ќе успее да ги врати. Прво е прашање дали имаат волја воопшто да се вратат од тој кризен регион додека не се смират состојбите, а смирувањето на состојбите ќе бара максимална кооперативност меѓу македонците и албанците.

Зо таа насока, нема да помага значи во враќањето на внатрешно населените лица, се мисли на НАТО.

И веќе ќе привршувам, да не ви станам здодевен, очигледно ова беше интересно да се презентира. Едноставно сметав дека е интересно да се презентира затоа што цело време си ги копаме очите едни меѓу други, а се плашам да не сме марионети во туѓи раце сите ние овде, и народот, нели, оној двамилионски кој живее во Република Македонија, без разлика на вера, нација и тн.

Со други зборови, преку цврстото штитење на ОВК и ОНА во нивните енклави и дозволувајќи процесот на етничко чистење да продолжи, НАТО постепено креираше услови кои се во прилог на поделбата на Македонија, отворајќи врата на делување на таканаречените албански региони, окупирани од сили на ОВК и ОНА и нивно можно анексирање на таканареченото "слободно Косово".

Тука има еден интересен момент, исто така моја забелешка, доколку би дошло до една ваква ситуација, верувам дека многу малку од албанските пратеници ќе седат овде, затоа што борците од планините кои ќе се симнат ќе мора политички да се активираат, а вие ќе бидете тие кои ќе им пречите, така што ќе мора да го отстапите вашето место или во македонскиот Парламент или на битни функции, сакајќи тоа или не или она што србите ќе го кажат "или милом или силом", затоа што тие ќе бидат заслужните, вие вашата улога ја изигравте и веќе не сте потребни.

На крај вака завршува, ова е последната реченица: "во меѓувреме атлантската воена алијанса или НАТО играјќи божемни застапници на територијалниот интегритет на тогашната југословенска федерација и Македонија исто така предвидува сецесија на денешното таканаречено "слободно

Косово" од Југославија, што ја подели Југославија, а се стреми да отвори и пожар на поширокиот Балкан.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Многу работи од овој текст прескокнав од развирливи причини, да не бидам обвинет дека еве со моето излагање на некој начин стварам антинато расположение. Дека тоа не е така, еден сум од потписниците 1991 година за членување, или тогашната Декларација за членство во НАТО во првиот повеќе партиски парламент и сеуште стојам на тоа. Но, има доста непознаници кои наведоа едноставно да излезам не со сопствен текст, со она што е видување можеби на еден екстремно лев би нарекол левичар, професор од Универзитетот во Отава, да видиме како размислуваат луѓето од запад, а се покрупни се насловите во разни светски медиуми, нормално нашите ги пренесуваат за така наречените "позитивни одлуки на НАТО". Повеќе верувам дека не би било добро и да говорам понатаму. Сметам дека ви одземав доволно време, прашање е колку сте концентрирани. Едноставно ова го презентирав заради појасни видувања во нашите идни одлуки кои ќе значат живот и опстој на Република Македонија, на целокупна Република Македонија зад која запад барем декларативно стои. А што се случува во одредени воени и економски кругови тоа е веќе прашање на кое историјата ќе одговори.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, навистина се уверив дека можеби најтешкиот момент за една држава, или најтешкиот момент за нас како претставници на граѓаните во овој дом и како пратеници е токму моментот кога се расправа за Уставот на една држава без разлика дали тоа се однесува за носење на Устав, или пак се работи за измени на Уставот. Дискутираме неколку дена и на сите ни е во устата присутен Уставот, амандмани и многу термини користиме од она што го зборуваме. јас сакам да кажам една работа дека уште од првиот ден кога влегов овде во Парламентот, кога седнавме на овие клупи од службите добивме Устав, брошура која вака изгледа со црвени корици и како една од работните задачи ни беше да го носиме и да читаме и нормално по него да се однесуваме. Верувам дека најголем дел од пратениците можеби го оставија дома во библиотеките, или некаде се ставени каде што неможат ниту да го најдат. Јас упорно го носам нон стоп со мене и сум го читал нормално сум го студирал и ред други работи. Само за потсетување од оваа брошура што ја имаме ако внимателно ја разгледаме ќе видиме дека истата почнува не со член 1, почнува колеги пратеници со излагањето на поранешниот претседател господинот Киро Глигоров, кое излагање го даде на 25-та седница, поточно на свеченото прогласување на Уставот, тоа е на 20 ноември 1ее1 година. Убеден сум и верувам дека најголем дел од пратениците што седиме во овие клупи буквално го немаат ни прочитано ова излагање. Па јас еве, ќе си земам за право ако сметате дека нема да бидам досаден неколку сегменти од тоа излагање да прочитам што сметам дека се важни и сметам дека и тогаш, а и денеска имале смисла кога се зборувале и кога се кажувале.

Ќе почнам некаде од средината на говорот. Тогашниот претседател го кажал следното: "Нашиот Парламент и неговата Уставна комисија заврши огромна работа. Експертската гурпа покажа дека ја познава уставната материја, компаративните уставни решенија на речиси сите европски устави, даде солидна основа за работа на Уставната комисија и Парламентот. Уставната комисија со упорна работа, трпеливост и аргументираност како и пратениците од своја страна сваќајќи го мигот во кој се донесува Уставот, настаните во Југославија кои секавично се менуваат, на време ја привршија својата работа и дадоа голем придонес да се здобиеме со современ, демократски Устав кој можеме да го покажеме секому, како еден чесен и издржан документ. Сам имав можност да ги чујам првите оценки на последните срекавања во Хаг, каде што го поделивме проектот на нашиот Устав. Тие беа мошне позитивни. Со сите амандмани и подобрувања последните денови тој стана уште поконзистентен. Понатаму продолжува, но, тоа не значи дека сите сме, и со се што е или не е внесено во Уставот, задоволни. Уставот, покрај основната концепција која има трајно значење, во конкретните решенија има многу одредби кои ќе ги проверува времето и практиката. Нашата млада демократија, наследената социјална и економска структура, отсуството на бројни институции и механизми со кои демократија ќе може да ги искаже сите свои и актуелните можности на Парламентот, нашите сознанија и нашите однесувања и степенот на демократската свест, се околностите кои ќе влијаат на широчината на демократијата. Но, тоа не смее да не обесхрабри доколку развиеме силно чувство да не дозволиме да се загрозува правната држава и доколку сватиме дека човекот и неговите права се појдовна точка за демократскиот карактер на

државата и цивилното општество како наш идеал". Не се случајни овие зборови кои ги изнесол тогашниот претседател. Јас би сакал да ви одземам уште малку од вниманието, да ви прочитам уште неколку сегменти. Еве на пример: "Затоа разбирањето, чувствителноста и перманентната грижа за меѓунационалните односи се од капитално значење за нашиот мир, за идниот економски, социјален подем, а пред се за безбедноста на нашата Република". Да го мериме секој збор, секоја постапка која влијае на довербата меѓу сите националности да јакне соработката и меѓународното разбирање и толеранција. Мотото треба да биде: ништо не се решава со сила и рестрикции, со страв од правата на другите.

Не би сакал повеќе да читам, мислам дека многу работи се кажани. Ова го спомнувам само како еден увод во она што како граѓани на оваа држава требаше да ни биде мото на сите, затоа што еве, тогашниот претседател во неговото крајно завршување кажува и следното: "За разлика од Европската заедница каде што се договараат разумно за се она што е возможно и во степен кој овозможува согласност на сите, ние сме често склони на крајности и затоа се зачестуваат конфликтите што доведуваат до побавен развој на сите полиња, на штета на сите". Затоа верувам дека совеста и разумот овој пат ќе дојдат до израз. За жал, ниту совеста, ниту разумот не дојдоа до израз, па денеска се наоѓаме во една состојба да дискутираме за промена на Уставот, потожно за уставните амандмани кои што предложени во Рамковниот договор.

На почетокот од своето излагање зошто го цитирав ова мислам дека со текот на дискусијата ќе се најде одговорот. Јас нема директно да го кажувам, но мислам дека ќе се препознаам, затоа што сметам дека овие зборови навистина имаат и содржина и тежина и за секој нас и за секој граѓанин во Република Македонија доколку тоа сме го почитувале и слушале и секој ден повторувале, сигурен сум и убеден сум дека до ова не може да дојде, но за жал ни се случи тоа што ни се случи.

На почетокот веднаш ќе кажам дека јас не сум некој експерт за ситуации на војни, уште помалку сум експерт да ја анализирам меѓународната политика, концепцијата на големите сили итн. Повеќе би сакал да се држам до она што ни е тема денеска, поточно до она за кое што треба да разговараме. Би сакал на почетокот да разчистиме една работа. Ние денеска господа пратеници разговараме и зборуваме за предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија кој што е поднесен и предложен од страна на претседателот на државата, или кажано за првата фаза кон промена на Уставот. Еве, за потсетување, мислам и за оние кои што не знаат фактички Уставот се изменува и дополнува само со уставни амандмани. Затоа дискутираме за нив. Ние како пратеници во овој дом немаме ниту право, ниту некој такво право ни дал да ја спречуваме било која иницијатива и било кој предлог, па макар тој бил и за пристапување кон измена, односно да не се изјаснуваме и да не дискутираме по него. Уставно право е на претседателот на државата да поднесе таков предлог и нормално тој е поднесен и ние дискутираме по него и се изјаснуваме. Инаку не е само претседателот на Републиката кој што може да поднесе ваков предлог, во Уставот во членот 130 е регулирано дека таков предлог може да поднесе и Владата, можат да поднесат и најмалку 30 пратеници, или 150 илјади граѓани. Значи, имаме четири можни предлагачи. Тоа не е случајно во Уставот зошто е тоа така предложено. Но, за жал ќе кажам после зошто не е почитувано тоа. Јас би сакал да се држам до она што денеска го дискутираме. Ние денеска дискутираме за првата фаза, поточно дискутираме за предлогот за пристапување кон измена на Уставот. Многу нема да се впуштам во она што е напишано во Рамковниот договор, за оние амандмани кои се таму предложени, иако тоа е рамка за некоја дискусија, затоа што сметам дека тоа е прашање на дискусија во онаа втора фаза кога ќе биде направен нацрт. Значи, имаме прва фаза. Тоа е оваа денешна и доколку ја изгласаме нормално тогаш се пристапува кон втора фаза, а втората фаза го сочинува нацртот на предложените уставни амандмани кој што нацрт е во форма на уставни амандмани и за кој што се отвора дискусија за секој амандман поединечно, се гласа за секој амандман поединечно и дури тогаш се оформува текстот кој треба да биде ставен во третата фаза каде што се носи одлука за пристапување кон измена на Уставот. Значи ништо не е толку трагично, ниту ништо не е толку штетно ако денеска се разговара за било која одлука. Гласањето за денеска ни дава можност да разговараме и за поднесените амандмани па макар тие биле и во Рамковниот договор, ни дава можност и за наше видување, односно наши предлози за амандмани, ни дава можност да отвориме апсолутно расправа и дискусија во секое поле од Уставот во кое што ние како пратеници овде сметаме дека трпи место, или треба да се измени.

Инаку би сакал да кажам дека Уставот не е некоја творевина која апсолутно од нејзиното донесување треба да

биде таква каква што е, и треба да остане непроменлива како да е библија. Уставот во сите земји па еве и кај нас секогаш се менувал во зависност од тековите на животот, односно во зависност на економскиот развој и многу други причинители. Со оглед дека сум го учел како Уставно право, сум го полагал тој испит и сум правел компарации тогаш како студент, а еве и сега какви се устави има, какви се промени на Устав има. Ќе видиме едно шаренило, во светот постојат многу шаренила на устави. Има земји кои што воопшто немаат устав. Значи нив не им е ни потребен устав. Една од таквите земји е Велика Британија. Таа нема воопшто устав. Има земји како што е САД каде што Уставот не е сменет уште од 1878 година. Но, за жал има земји кои што уставот го менуваат секоја петта година, или уште порано. Меѓу нив беше, за ваше информирање, или потсетување доколку го знаете тоа, беше и поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија чија што членка бевме и ние. Во тогашната заедница, тогашната Југославија донесе четири устави и тоа во 1946, 1953, 1965, 1974 и уште незнам колку други амандмани. Тоа сето јасно кажува дека Уставот може да биде менлива категорија само во оние држави во кои што пред се има слаб економски развој, има слабо развој на производни сили, слаби производни односи, или да не речам каде што самата земја зависи од својата географска, геостратешка позиција, зависи како е поставена кон својата меѓународна политика во однос на целата надворешна политика и од многу, многу други фактори, од меѓуетничкиот состав, националниот состав итн. И затоа најчесто се случуваат промени во уставот токму во таквите земји. Не случајно ги спомнав САД, затоа што кај нив не е потребно да се менува Уставот, додека кај нас иако можеби не е потребно, но некој ќе ни диктира, или ќе ни наметнува разни решенија, затоа што ние сме се декларирале дека сакаме да одиме во развој, односно сакаме да одиме во тековите заедно со Европската унија, со САД, да бидеме членка на НАТО итн.

Господа пратеници, би сакал да ве информирам и за една друга работа. Република Македонија денешна, или некогашна Социјалистичка Република Македонија беше во состав на СФРЈ тогашна Југославија и заедно и таа како Социјалистичка Република Македонија како што се менуваа уставите на федеративната заедница, така се менуваа уставите и во тогашната СРМ. Исто сме имале четири промени на устави, сме имале кој знае колку амандмански промени. И сега за ваше информирање онолку колку што јас го познавам Уставот голем дел од оние права за кои што овде дискутираме еве трет ден, кои што права се опфатени во Рамковниот договор, голем дел од тие права постоеја во последниот Устав на Социјалистичка Република Македонија. Јас ќе спомнам само едно од тие права, тоа е правото на употреба на сопствениот јазик. Доказ за тоа земете го Деловникот по кој што сеуште работиме. Сега, која би била единствената разлика? Разликата е во тоа што можеби во тоа време одредени одредби не се почитуваа, ниту применуваа, а сега после евентуалното изгласување истите ќе мора да се применуваат.

Почитувани пратеници, основната тема за која треба да се разговара е дали треба да пристапиме кон промена на Уставот, поточно дали треба да го прифатиме овој предлог и дали има потреба од промена на Уставот, односно усвојување на уставните амандмани. Јас искрено да кажам многу сегменти во Уствот и заслужуваат промена. Но за жал во Рамковниот договор не ги сретнав. Ќе наведам само неколку примери. Да речеме проблематичен е членот 17 за кој што овде потрошивме два месеци дискусија по однос на аферата прислушување. Зошто велам проблематичен? Затоа што во тој член, во членот 17 е спомнато дека се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење. Значи само на писмата, а не се спомнати и другите средства за јавна комуникација.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**: (продолжение)

Заради таа празнина што ја имаше Уставот, се доведе во прашање дали прислушкување е легален чин, спротивно на Уставот и тн. затоа што во ставот 2 стои - само врз основа на оваа одлука на суд може да се отстапи од начелото на непровледливоста на тајноста на писмата. За другите средства не станува збор. Со оглед што ни се случи тоа во процедура, еве една можност каде треба да се интервенира во Уставот.

Исто така проблематично во Уставот е и самиот избор на судии. Уставните решенија се судија се бира на предлог на судскиот совет. Тој предлог доаѓа во Собранието, ние го гласаме и така се из-гласува судијата. Но, јас би го поставил прашањето, тоа би било добро прапгање до моите колеги правници, што ако се случи, а се случило еден судија да не го избереме. Се поставува сега прашање дали тој има право на жалба, или дали има право да покрене тужба пред судот за да отвори една процедура, зошто некој не го изгласал. Значи автоматски се јавува спротивност во Уставот. Му го скратуваме на

човекот правото на жалба или правото да покрене постапка пред суд. Тоа се два сегменти кои така ги нафрлам и за што сакам да кажам дека времето покажа, овие 10-11 години дека одредени одредби од Уставот навистина заслужуваат дискусии. Но, таквите одредби ги нема во Рамковниот договор. Актуелната политичко-безбедносна состојба ги наметна како приоритет другите решенија за кои ние треба да се произнесеме како за алармантни.

Со големо внимание ги слушав сите дискусии, како од страна на пратениците од мојата лева страна, така и од десната и од многу дискусии да не речам од сите дискусии, можам да извлечам еден заклучок дека сите оние што дискутираа на некој начин се во големо право или барем поголем дел се во право. Го слушав внимателно и Г - Црвенковски и еве од овде морам да признаам дека во голем дел во својата дискусија е во право. Јас ќе посочам само неколку, сега колку успеав да запам-там од дискусијата.

Прво, Г.Црвенковски е апсолутно во право кога зборува дека после ратификувањето на овој договор, или после ратификувањето, би го нарекол, на овој договор, или после пристапувањето кон измените на Уставот, Македонија нема да биде онаква каква што досега сме ја гледале и сме ја знаеле. Тоа е факт. Тој е апсолутно во право• Во право е и кога ги, заправо не ги наброи причините, ги елиминира односно ги достави, но кога ги кажа работите кои не смеат да се случуваат наброи еден поголем сегмент и сите што ги кажа навистина држат место. Но, ако тие беа адресирани на оваа страна односно на едната страна, јас мислам дека важат и за другата страна и секој еден чесен граѓанин на оваа држава, особено политичар и човек кој раководи со оваа држава треба навистина да ги фати сериозно и така и да се однесува. За жал, нашата историја во целото досегашно владеење во суверена Македонија покажа иако ги прокламираме како правила кон кои треба да се однесуваме за жал ниту едните ниту другите во голема мера и не сме ги почитувале.

Во големо право и голема вистина е кога Г. Црвенковски кажа дека оваа војна не започна заради граѓанските права на националностите, особено не на граѓанските права на албанците, туку таа истата започна за територии. Тоа мислам на секого му е јасно. Самите показатели одеа во тој прилог. Зошто после се расформираа во борба за граѓански права, дали тоа беше причина успорената интервенција, или брзата интервенција, ќе го покаже историјата.

Исто така во право е Г. Црвенковски кога вели дека , на крајот на краиштата историјата ќе рпесуди за сите нас дали сме предавници, во овој момент, дали сме херои, патриоти или незнам како, затоа што само таа ја кажува вистината , тогаш излегува на видело. Овие работи, според мене се така. Но во една работа би сакал искрено да верувам , до колку би можел да поверувам, верувајте, не со едната туку со двете раце би гласал за. Тоа е , дали овој Рамковен договор кој се наоѓа пред нас е единственото исправно решение кое стои во овој момент. Поточно дали тој е спасот односно сламката за спас на РМ и дали со неговото прифаќање од утре нема да има војна. Верувајте ми кога би можел да се уверам дека е тоа така, кај мене, а верувам и кај никој од пратениците не би постоела дилема. Ние како граѓани на оваа држава за многу случаеви сме биле толерантни, во многу случаеви сме искажале и хуманост и простор за градеше доверба. Голем дел од тие работи ги искажа и премиерот во синоќешното излагање, меѓутоа, за жал историјата ни враќа негативно, поточно за секој наш добар гест добиваме најмалку по пет или десет лоши. Затоа, не да не сум многу убеден, туку воопшто не сум убеден дека со самото прифаќање на Рамковниот договор ќе завладее мир. Заправо таква констатација не изнесе ни Г. Црвенковски. И тој кажа дека тоа е само една почетна фаза која би требало да не доведе до мир и дека на тој начин треба ние да им дадеме простор.

Зошто неможам да бидам многу убеден, баш за оваа теза, да речам? Има една работа која , покрај сите оние што ги слушав, кои не ми дадоа за право тотално да се убедам дека навистина тоа е излез-ното решение, е токму, еве ќе споман еден разговор со еден мој колега кој што го почитувам, кој доаѓа од левата страна. Во еден неврзан разговор на оваа тема дојдовме до констатација, која е можеби најреалната вистина пред која се соочуваме. Значи, ние денес се наоѓаме пред една алтернатива а тоа е , дали е подобро да се жртвува Уставот, или да се изгуби државата, поточно да се вовлечат граѓаните во една безизлезна состојба, војна, жетва и тн. Искрено да ви кажам ни едната и другата опција не е добра. Се псотавува прашањето која да ја одбереме, бидејќи трета нема. Значи тоа е една од причините во своето размислување што ми дава за право да неможам да поверувам дека мирот ќе дојде после ратификацијата. Она друго што ми дава за право да мислам дека мирот така автоматски нема да дојде во РМ се токму случувањата што ни се случуваат на теренот како пред потпишувањето на договорот, така

и после него. Сите сме неми сведоци дека и за време на преговорите за потпишување на Рамковниот договор и после неговото потпишување, иако имавме разни ветувања дека тогаш е моментот кога ќе почне мирот и тн. на нас интензивно и секојдневно ни се случуваат разни форми на тероризам, разни присилби, разни за-кани, разни убивања, етнички чистења кои и понатаму продолжуваат. И сега се поставува прашање што е тоа што ги тера овие структури да и понатаму продолжат со своите терористички дејствија кога не веру-ваат ниту на потпишан Рамковен договор, не веруваат на оние четири лидери кои што го ставиле потписот , два доаѓаат од албанската популација, не веруваат на странските претставници, поточно претставниците на ЕУ и претставникот на САД. Тогаш зошто би ни верувале нас овдека во Парламентот или зошто воопшто би му верувале дури и да се случи промената на Уставот. Што би ги запрело. Уште една работа која ми иде во прилог односно во моите размислувања дека, дали е можен мирот со овој Рамковен договор е и онаа констатација што овдека многу често се повтори. Тоа е начинот до кој што се дојде до остварување односно до овој Рамковен договор, начинот на кој се дојде. Еве сега не случајно го читав говорот на претседателот Глигоров. Тој зборуваше за меѓуетничка толеранција и за разбирање , демократски разговори, за толеранција и тн. меѓутоа нас ни се случува употреба на сила, употреба на закана, средства со кои што се осудени од сите можни цивилизирани општества, средства на присилба за да се дојде до одредена цел. И сега каде е нелогичното . Дали се тие средства аргунент и дали се тие средства единствено решение за да се дојде до одредени грагсански права кои што еве се предвидени во Рамковниот договор. Зошто ако 10 години сме граделе демократија, во сите тие 10 години се присутни албанците како политички фактори и во Парламентот и во Владата. Зошто не ги изградивме од 10 години оние демократски процеси или развои па да дискутираме на еден цивилизиран начин па макар и за промена на Уставот. Мораше да се посегне по оружје, мораше ли да има жртви. Тоа е пашање кое се поставува. Затоа не ми дава за право да верувам дека начинот со кој се доаѓа до овие цели е токму тоа. Токму граѓанскит аправа или промена на убтавот. Тоа што ми за право да се сомневам дека воопшто не станува збор за граѓански права, туку станува збор за чисто етнички територии. Тоа е другата линија.

Следна работа, моето сомневање за успех во мирот токму е и од друг аспект. Ние денеска имаме окупирани територии. Според нас, според т.н. ОНА ослободени територии. Според тоа, дали во услови на окупирани територии може да се разговара за граѓански права. Па, нели е тоа потсрет ако денеска , има една народна поговорка, "ако денеска ми дадеш прст утре ќе побарам рака". Нели тоа води кон тоа. Ние ја отпочнавме дискусијата во парламентот. Претседателот ја закажа според Рамковниот договор, според роковите, но што се случува објективно? Цивилите не се вратени, теророт и понатаму продолжува, нмедна одредба од тој Рамковен договор, кои беа предуслов да се отпочне со расправа не е испочитувана. Каде е гаранцијата дека после нашито гласање "за" сето тоа ќе се почитува и дека одеднаш се ќе престане.

Сите ние г-да пратеници го слушнавме прогласот на т.н. АНА, која од ден на ден презема одговорност, она што беше ОНА сега го пре-зеде таа за сите пониви случувања кои ни се случуваат во РМ. Една од таквите одговорности е и убиството на нашите војници од резервниот и сега каде е нелогичното . Дали се тие средства аргунент и дали се тие средства единствено решение за да се дојде до одредени граганскi права кои што еве се предвидени во Рамковниот договор. Зошто ако 10 години сме граделе демократија, во сите тие 10 години се присутни албанците како политички фактори и во Парламентот и во Владата. Зошто не ги изградивме од 10 години оние демократски процеси или развои па да дискутираме на еден цивилизиран начин па макар и за промена на Уставот. Мораше да се посегне по оружје, мораше ли да има жртви. Тоа е рпашање кое се псотавува. Затоа не ми дава за право да верувам дека начинот со кој се доаѓа до овие цели е токму тоа. Токму граѓанскит аправа или промена на убтавот. Тоа што ми за право да се сомневам дека воопшто не станува збор за граѓански права, туку станува збор за чисто етнички територии. Тоа е другата линија.

Мене г-да пратеници овој Рамковен договор вака како што е псотавен, нормално до колку не претрпи некоја измена во текот на процедурите кои што би оделе во постапката не ми асоцира на ништо друго туку на еден дел, можеби не толку срамна капитулација, но сепак еден дел е капитулација. Ќе се осврнам малку и на излагањето на премиерот вчера. Во вчерашното излагање премиерот искажа повеќе аргументи со кои сакаше да ни презентира и ни презентираше овде на некој начин причини поради кои што треба да го дадеме гласот за. Една од тие причини е неформалната економска блокада, во која што моментално се наоѓаме и во која што најверојатно ќе се наоѓаме во иднина до

колку не попуштиме. Тоа го кажа од аспект на присилбата, го кажа од аспект на заканите и силата на моќта која се користи врз македонскиот фактор и македонскиот блок. Сега се враќаме на она дали сите ние што седиме во клупите денеска кога треба да гласаме ќе размислуваме со свои глави, или треба да размислуваме под присила, под закана, или под опасност што се уште утре не чека.

Јавна заложба за мир од друга страна ќе значи дека македонските граѓани според нас ќе се вратат во своите домови, ќе можат мирно да патуваат, без пресретнување, киднапирања на патот Скопје Охрид дека Македонија ќе го врати дуверенитетот на оној дел од територијата кој сега не го поседува, така да ќе го владее правото на целата своја те-риторија. Додека ова не се оствари останува под прашање озбилноста на другата страна. Се знае која друга страна.

Во овој поглед НАТО и ЕУ треба да покажат максимална ефикасност и сериозност за што ние не гледаме пример во досегашните нас-тани. Ние немаме безусловен и општ мир. Затоа мора од сите страни да се обезбедат сите овие услови кои од своја страна ќе обезбедат услови за расправа и за натамошниот нејзин тек. Се она што од овој договор ќе води кон интеграција на македонското друштво и единство на државата, кон почитување на сите граѓани, велат на сите граѓани, не на ентитети и сите решенија кои нема да бидат против идентитетот историјата и само-битноста на македонскиот народ ќе бидат во функција на оние определби за кои што и ние како партија ќе ги поддржиме. Но само тоа. Македонија како граѓанско општество е приоритетна цел, но не е штета да нема штета македонскиот народ и пред се на штета на македонскиот јазик како јазик на кој што единствено во светот се зборува во оваа држава, кој е за нас единствен интегративен стожер во земјата која има други малцинства. Ние немаме сега само едно малцинство, туку и други малцинства кои ги заборавивме и мислиме дека тој јазик соединува и прави сите да работат и да функционираат заедно. Сите овие ставки треба да се најдат таму каде што им е местото во институциите, ќе ги опсервираме и потоа ќе решиме зависно од понудата што ќе биде, мислам преку амандманската расправа со одбивање и отфрлање. Одбивање ако не се запазат принципите што се кажани, прифаќање ако тоа е на корист на сите, а не на штета, или пак на корист само на едни.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (продолжение)

Господинот Црвенковски го објасни со едно равенство, искрено да кажам не се разбирам многу во математика, па равенките не ми одат меѓутоа, ако е тоа така тоа е навистина сериозна работа да се закани пратеник или да се закани или да се уцени на некој начин граѓанин дека мора да попуштиш, бидејќи те чека поголемо зло е надвор од сите свесни демократски процеси, надвор од сета демократија, за тоа треба сериозно дас се размисли меѓународниот фактор. Кого всушност присилува? Како не најде за сходно истиот да ја присили малку другата страна, да види да го опомене дали е тоа економски односно евроспки стандард да се употреби сила, терор за да се добие граѓанско право. Дали не можеше, ако не можевме како граѓани, како пратеници во овој парламент да издејствуваме било каква иницијатива за промена на Устав зошто тогаш не се смени меѓународноит фактор, па да наметнеше по пат на една демократска процедура да разговараме за ова денеска, дали мораше да се оди со сила?

Затоа господа јас го спомнав членот 130 од Уставот, можните предлагачи, претседателот, владата, 30 пратеници, 150 илјади граѓани. Зошто несе искористија овие форми во овие 10 години. Албанците беа присутни и во Владата, присутни и во Парламентот, 150 илјади гласови можеа во секој момент да обезбедат, зошто преку една регуларна процедура не ги поднесоа барањата, па еве нека биде тоа и за промена на Уставот, туку оружје на сила, па сега со страв и ќе постигнеме ефекти. Кој ќе биде ефектот, пак ќе каже историјава.

Второ, она што премиерот не го кажа, јас би сакал да го надополнам во смисла на тоа кои се причините поради кои треба да се изјасниме позитивно денеска, а една од тие е ембаргото за овој на оружје и муниција. Сите сме сведоци дека Македонија се наоѓа во едно неформално ембарго, но во ембарго. Сите знаеме колкава дипломатска активност употреби г-динот Солана да ги убеди сите соседни земји кои не опкружуваат, вклучително и Украина, да не и испорачуваат оружје на Република Македонија. Нашите соседи го забранија транзитот. Тоа исто дел од присила.

Една од причините мислам од факторите кои исто така стојат на становиштето да не убедат во поддршка на ова што денеска ќе го гла-саме е фактот, тоа го изнесе и премиерот, тоа го изнесе и Бранко Црвенковски, е тоа што македонскиот блок, политички партии поточно СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ го ставија потписот на Рамковноит договор. Тој потпис

не се стави во еден ден, за него се дискутираше и трошеше време повеќе од три месеци, но сепак секој ден слушавме дека те има напредок, те нема напредок, народот буквално се претвори во навивачка група ќе даде гол некој или нема да даде, ќе се потпише или нема да  се потпише, тоа беше најважната топ тема на сите можни медиуми. Тоа не треба да го тргаме на страна како да е нешто ставено така произволно, како да некој таму не учествувал и не дискутирал.

Она што најмногу ме боли, да речам како пратеник, или како македонец е состојбата со нашето бранење на суверенитетот на татко-вината. Откако почна војната од Тањушевци  со една добра интервенција во првиот дел во тетовско кога се елиминираа првите групи, па се до ден денеска како трае војната, верувајте ми и како човек и како граѓа-нин и како пратеник ми се згади да слушам секој ден албансккие терорисп нападнаа ние соодветно возвративме. Што значи тоа, соодветно возвра-тивме. Имаме агресија и соодветно возвраќаме. Значи, ако некој употреби пиштол треба соодветно со пиштол да се возврати за да се занемари дека некој извршил агресија. Кои се тие правила на соодветно,  што е она што како граѓанин ме плаши во шест месеци колку трае војната, господа пратеници употребивме се што ни стоеше на располагање да речам од оружје, од армиски потенцијал, од полициски потенцијал, а што добивме? Ако војната во февруари почна во Танушевци денеска имаме се поголем број окупирани територии и покрај сите настојувања и покрај сите дејствија за одбрана кои ги презедовме. Она што најмногу ме боли на кој начин ја браневме? Секоја акција беше прекинувана. Ако сега се даде наредба за одбрана, по пет минути се менува. Ќе се јави некој по телефон, ќе се употреби меѓународен фактор и цело време сме стопирани, за разлика од тоа некој длабоко, длабоко напредуваше и се доведовме во позиција иако овде ги читам принципите во рамковниот договор, сите тие принципи да паднат во вода, осуда на тероризам, ние го легализиравме тој тероризам. Нема да разговараме под услови на притисок, ние разговараме под услови не на притисок, туку на војна и на окупирани територии и ред други работи.

Тоа се сите елементи кои не ми даваат цврсто да се убедам дека ова е спасот за Македонија.

Некој тука  добро постави прашање, може би требаше дискусиите да одат во тој правец, дали постои некое трето решение? Едното е неприфаќање другото е прифаќање, дали има трето решение? Или, едното е опција некој ја нарече за војна другата опција за мир. Во суштина, ние немаме опција војна и мир, која војна и мир. Ниту рамковниот договор значи мир, ниту одбраната на татковината значи војна. Тоа значи одбрна. Зошто го имаме министерот за одбрана, не се вика министер за војна. Имаме ресор Министерство за одбрана, а не за војна. Ние во целиот период на  отворена агресија кон Македонија ние само си ја браниме сопствената држава, зошто тоа некој го споредува со опција војна или мир.

Она што најмногу ме разочарува и кое морам да го истакнам е фактот што по неколкудневната расправа на парламентот се покажа старата болка, се покажа најверојатно неизлечивата болест на македон-скиот народ, тоа е неговото вековно нeединство. Кој е виновник не навлегувам, или за вина, барем во правото треба да постојат дваица. Меѓутоа, тоа неединство кое го прокламиравме овде, јас незнам како ќе го убедиме македонскиот народ, добро некој кажа овде од пратениците дека со вакво неединство, со ваква омраза еден спрема друг, тешки денови следуваат за Републиката, можеби овој Рамковен договор ќе биде мелем  во однос на она што друго би не снашло. Дури сега ќе се најде прашањето зошто ние ја браневме РМ, овие шест месеци, како што ја бра-невме, да не речам само се повлекувавме, дел по дел ни освојуваа, денеска повлечи ги тенковите, утре повлечи ја полицијата или појди ама не пукај, ги гледаш таму шетаат, не употребувај сила, тоа ли е одбрана. Еве го одговорот сме ја бранеле така, затоа што го немаме единството. Со вакво неизразено национално единство, па како ние ќе го убедиме меѓународниот фактор, како од него да бараме поддршка кога овде сами не можеме да се убедиме.

Господа пратеници од сето она што го изнаслушав овие денови јас искрено да ви кажам сватив односно дојдов до некој заклучок дека може би најголем непријател на РМ, не е ОНА-терористичката организација. По се изгледа, барем спрема излагањето од г-ѓица Шекеринска јас дојдов до заклучок дека најголемиот непријател на РМ, е ВМРО-ДПМНЕ и сите структури кои ги има ВМРО-ДПМНЕ. Вистина да не се употреби ниту еден збор да се сублимираат сите можни искази што се кажаа во овјо период дека тоа е основната причина за она што сега ни се случува, тоа е она каде не води и каде ни е иднината. Затоа велам нешто што најмногу ме  разочарува и што сите аргументи кои овде ги искажав, кои не ми даваат за право да поверу-вам дека од  утре или друг ден или незнам кога ќе завладее мир во РМ, е токму нашето национално неединство. Ние формиравме Влада на широка

коалиција.Зошто? Господа, за тоа министерот за здравство да менува кадри каде ќе му текне? Демек еве ние ВМРО-овците сме нестручни, тие се стручни, она за кое година ипол овде трпевме критики, сега се случува на другата страна или формиравме господа широка коалиција за да ги збиеме сопствените редови, да ја обединиме националната свест, да се изборимe заеднички за проблемите. Колку се сеќавам на тогашната седница кога дискутиравме за гласање на Владата на широка коалиција беа спомнати три работи.

Да се овозможат легални предвремени избори да се зачува територијалниот интегритет на државата или да се подготви онаа законска процедура како би овозможиле, но што ни се случвуа? Сето тоа падна во вода. И, кој е најголемиот проблем во таа широка коалиција? ВМРО-ДПМНЕ - СДСМ.

Широката коалиција г-да, функционира одлично,но помеѓу ПДП и ДПА. Во овие три дена откако ве слушам како колеги, јас не слушнав ниту еден албанец, дали е тоа од ПДП...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да му дадеме простор на г-динот Караџоски да заврши, при крај е, да не му пречиме.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Значи, не слушнав ниту еден пратеник дали е од ПДП или ДПА да се конфронтира овде, не слушнав ниту еден меѓусебно да фрла такви црни стрели какви што ние правиме. Затоа е вака како што е.

Еве господине претседателе ќе завршам, имајте малку трпение и вие.

На крајот би сакал да кажам, гаранција нема, тоа е јансо, нема ни кој да ја даде и тоа е јасно, но не може ни да ја има, а зошто? Сега ќе ви кажам. Ако еден договор се случува под услови на за-кана, под услови на сила, под услови на заблуда итн., тоа се основни правила во правото кои гарантираат дека таквиот договор нема да произ-веде правно дејство од проста причина што е ништовен. Не може при такви услови, при такви елементи да се дојде до стабилен договор, затоа што не е опфатена волјата поточно реалната волја да се склучи таков договор. Сведоци сме сите за тоа. Затоа, искрено да кажам во натамошниот тек на седницата, незнам како ќе се однесувам, може би до послендиот пратеник ќе го ислушам и од сите дискусии на крајот ќе донесам заклучок како би гласал по ова прва фаза.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловничка интервенција има пратеникот Горѓи Котевски.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувам претседателе, почитувани пратеници овие неколку дена постојано работиме без мнозинство во Собранието на РМ.

Второ, постојано работиме без предлагачот на оваа иницијатива. Ве молам деловничко право е овде да има барем 61 пратеник да можеме да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тука се, еве ги дојдоа.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Јас, заради сите овие работи ќе ја напуштам седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седете сите, така ќе бидеме уште помалку, ајде нека дојдат уште.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Ве молам, почитувани пратеници, посебно ве ценам сите, меѓутоа, ние сме омаловажени овде, ние сме овде понижени. Тој што ја предлага оваа иницијатива мора да не сослуша сите нас за  да види дали навистина сме расположени да гласаме или не. Тоа е основно правило на однесување и тоа однесување не претседателот на државата треба да го смени и македонскиот народ и македонскиот граѓанин, за да може правилно после тоа да се вклучи во политичкиот живот во државата.

Ве молам, без предлагачот овде не треба апсолутно да почнуваме како што и предлагачите на Владата или поединци во ова Собра-ние додека не биле присутни не се почнувало со работа. Јас заради тоа протестирам и ќе го напуштам Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, седете да продолжиме, ќе видиме доколку може ќе дојде сега претседателот на државата.

Збор има г-ѓа Наталија Маркмовиќ Димова.

**НАТАЛИЈА МАРМКОВИЌ-ДИМОВА:**

Господине претседателе, почитувани колеги. Најпрвин на вас ќе ви се обратам г-дине претседателе на Собранието за што без одговор останаа барањата на пратеничките групи кои ги упатија до вас и писмено и усмено за одржување на седница со дневен ред по единствена точка актуелна безбедносна состојба и таа иста седница да трае во континуитет. Тоа не го сторивте, од кои причини незнам.

Ако дијалогот започнеше овде во Собранието и паралелно со преговорите во

Охрид на Собранието постоеше можност да му се пренесуваат инфорамциите од етапите од преговорите во Охрид, а од овој дом ќе произлезеа дискусии, претпоставувам и некои решенија кои ќе можеа да се инкорпонираат во овој рамковен договор, барем како предлог до граѓаните.

Ставовите на Нова Демократија и денес не се поинакви од претходно искажаните на пресконференции и во изјавите за новинарите кога беа побарани. Имено, водењето на преговорите со четворица лидери во Охрид беше вон институционално, тоа го суспендираше ова Собрание, не суспендираше сите нас, ги суспендираше другите политички партии кои се парламентарни и вонпарламентарни нарекувајќи ги минормни политички партии. Исто така не беа вклучени во преговорите и другите партии на националностите во РМ, кои ги има.

Дали сега и од почетокот на оваа седница кога почна расправата по ова прашање оние што се потписници на Договорот не сметаат дека овде постојат мали и големи пратеници, повеќе моќни и понемоќни повлијателни и помалку влијателни со својот глас или сега едноставно поддржувајќи го она што го направија во Охрид и што го потврдија со совјот потпис, сакајќи да ја исперат својата совест сакаат да не убедаа дека ние треба да го поддржиме денеска како иницијатива, понатаму до завршувањето на сите фази како рамковен договор за промени на Уставот.

Не се согласувам со тоа и сметам дека требаше сите да бидеме еднакво вклучени, барем во некоја од фазите во која сметаа дека треба да земеме учество и да дадеме односно пренесеме дел од ставовите и решенијата и на другите политички партии.

Денес на сите тие кои беа заобиколени, а особено на нас пратениците ни се предлага иницијативата за промена на Уставот, а за да во истото се успее ние, на отпочнувањото на оваа 80-та седница се спротивставивме и на граѓаните кои стоеја пред Собранието и не сакаа да отпочнеме со работа по ова прашање и по овој дневен ред.

За работа какви такви услови сторивте напори и ги створивте. Но, јас ве прашувам, а често пати се прашувам и самата дали условите за мир ќе ги створиме зашто него го посакуваме и дали мирот после завршувањето на сите фази на предложеното, ќе го имаме во Република Македонија.

На затворената седница овде во Собранието на 17 март донесовме заклучоци кои пратениците ги изгласаа со големо мнозинство. Со тој документ бевме убедени дека од следниот ден не очекува мир заради тоа што сите политички партии гласаа, тие се обврзаа со точките во тој заклучок, но тој не беше ниту испочитуван, ниту реализиран.

Денеска треба да расправаме по предлогот за измени на Уставот за кој, како основа служи рамковноит договор без претходно да се води дијалог или дебата во законодавниот дом, а не дозволиво и некоректно е документот да е наметнат императив да се донесува со ултиматум, под присила, уцена и закана.

Иако овде во дискусиите на колегите пратеници често пати се спомнува Уставот властите и хиерархијата на тие власти, меѓутоа, сосема беше заобиколена највисоката во хиерархијата на властите оваа наша законодавната. Иако се почитува Уставот иако се знаеше дека е неизбежно ова прашање да стигне на дневен ред овде во Собранието, постапката беше поинаква и тоа требаше да се вклучи на начин на кој претходно го образложив со водење на дебата или дијалог, како сакате.

Почитувани колеги сите вие кои се обврзавте со потпис во рамковниот договор ...

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:** (Продолжение)

Сакам да ме убрдите дека по прифаќањето на овој документ, дека граѓаните на Македонија ќе живеат во мир и дека со истиот ќе се создадат услови и дека за истиот ќе се создадат услови веднаш. Не треба да се споредува гласањето или негласањето за војна или за мир. Кои аргументи се на едната, кои аргументи се на другата страна. За мене, тоа е неразбирливо. Тоа подразбира да се создадат услови веднаш, со што ние би можеле овде да водиме расправа по оваа точка. Тие услови подразбираат, целосно разоружување на терористите и на-пуштање на територијата на Република Македонија. Значи, таканаречената ОНА, да не ги продолжи своите активности, преименувана во АНА. Која е гаранцијата дека, со изгласувањето на овој Рамковен договор, тие воени дејствија нема да продолжат под друго име. Веќе во тек доаѓаат повици од друга терористичка органи-зација под име АНА. До граѓаните од албанско етничко потекло постои повик, да се воздржат, додека трае присуството на НАТО трупите, а потоа да превземат воени дејствија врз Република Македонија, за барање и усвојување на своите права или територии.

Мене не ми е јасно, од кој број е собрана една третина од оружјето. Впрочем, на кој број е најден компромис. Која е волшебната формула со која ќе се

разграничи кои се вооружени екстремисти за амнести-ја, а кои се окрвавени. Исто така, треба да се постави прашањето од која терористичка организација се тие. Дали од ОНА или од АНА.

Всушност, кога тие го оставаат и кога го предаваат оружјето во оваа операција, не кажуваат ништо повеќе за своите генералии и за она каде припаѓаат, освен тоа што го ставаат својот потпис, на тој начин го оставаат и оружјето. Апелирам веднаш да се отпочне со процесот за безбедно враќање на раселените лица на своите огништа. За тоа да се побара помош од меѓународната заедница. Нашата иницијатива, како партија, која денеска ја имате и како писмен документ е солуцијата распишување на референдум. Таквата одлука, треба да ја донесе Собранието, а таа подразбира, граѓаните да се произнесат, при што, секој народен пратеник ќе гласа со чиста совест, за,или против иницијативата на претседателот за пристапување кон промената на Уставот. Имено, со отпочнувањето на процесот на свикување на референдум, па се до неговото евентуално одржување, секој од нас, па и секоја политичка партија воопшто, има време, аргументите за и против да им ги образложи и приближи на граѓаните, бидејќи тие се сосема неинфор-мирани, околу договорот, што тој суштински менува во Уставот на РМ, што потоа ќе произлезе, а таа информација треба ние, овде, кои го имаме договорот пред нас да им ја приближиме. Она што сега стигнува до нас, да гласаме за војна, или за мир, она што е апел дека немаме време понатаму да чекаме, и дека по потпишувањето, односно изгласувањето на Договорот дека во Македонија ќе има мир е доволен за процесот за закажувањето на референдумот, исто толку, колку што ние ќе водиме расправа во четирите фази, до доаѓањето на Рамковниот договор на седницагта на Собранието. Меѓутоа, тој простор може да се искористи поефикасно, може, секоја политичка партија и нејзин претставник односно ние пратениците да им образложиме на граѓаните кој е нашиот став и зошто е таков, да им образложиме во врска со Рамковниот договор, што содржи, што ќе биде по него, што ќе биде со тие измени на Уставот, каков ќе биде потоа Уставот и така натаму. Тоа треба да им се приближи на граѓаните, преку електронските и печатените медиуми а потоа, да им се дозволи со закажаниот референдум да се произнесат, за, или против, за промената на Уставот. На секој пратеник обврска му е да го слушне гласот на граѓанинот. Нашето индивидуално залагаше, на секој, во својата изборна единица, на било кој начин дали со одржу-вање на трибина, или на било кој друг начин, да се приближи тоа до граѓанинот, ќе се дојде до сосема парцијално решение, односно, одлука на секој од нас, затоа што тоа не е гласот на два милиони луѓе. Ние го немаме правото да решаваме за судбината на сите. Јас барем лично чуствувам дека мојот мандат, не го побарав за да решавам, од-носно да одлучувам за судбината на граѓаните, со промената на Уставот. Тогаш можеби не беше време, меѓутоа, сега имаме начин како да го приближиме и тоа да бараме мандат од граѓаните за донесување на одлука, во врска со решавањето на тоа прашање.

Ние, не можеме да решаваме за судбината на другите, без да ги прашаме, дотолку повеќе,што Македонија се наоѓа во судбоносни мигови. Ова е исклучително суптилно прашање, затоа што постои огромна вредност да се пристапи на овој начин, со што ќе се чуе гласот на граѓанинот, а потоа, со чиста совест, без обезбедување околу Собранието и со кренатa глава, ќе можеме да влеземе во оваа сала овде и да гласаме за она, што објективно е глас на граѓанинот, по завршениот референдум.

Со тоа, ќе создадеме услови да работиме нормално, без притисоци, без пресија, без ултиматум, без уцена и без закана од никого. Во спротивно сите ние ќе сносиме политичка и морална одговорност. Со скратувањето на правото на граѓанинот да се произнесе, ќе се отвори кај нив простор за недоверба, дека се автономни граѓани, а тие тоа се. Тие го имаат неприкосновеното право да се произнесат. Тоа е со Уставот загарантирано. Меѓутоа, доколку не го направиме тоа така, тие ќе бидат деградирани, во зависни луѓе, поданици. Народната маса ќе стане безлична, а овде донесената одлука ќе остане и ќе биде само предмет на произволно моделирање од страна на политичарите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Очигледна е тензијата е напната во Собранието. Еве има некоја реакција од колегите пратеници, но убеден сум дека тензијата надвор се зголемува, но не попушта. Тоа е од многу причини, за кои што овде моите колеги зборуваа претходно. Јас тоа не сакам да го повторувам. Македонија е навистина во драматична состојба. Меѓутоа, јас сакам да ви предложам и ќе се обидам, се разбира, во духот на она што сакам да ви го предложам да се придржувам, бидејќи има пријавено

уште двае-сетина дискутанти, сепак,во едно пристојно време да се ограничат дискусиите за 10 до 15 минути, за да си го кажеме нашето мислење и до вечерва господине претседателе, да се обидеме да завршиме, доколку е можно, не заради тоа што НАТО вчера одржа пресс конференција и кажа дека повеќе нема да разоружува, додека оваа фаза не се заврши, туку, пред се, заради нас. Еден добар дел од Република Ма-кедонија е окупиран, луѓето ги изгубија животите, останаа и без домови, без шанса, без перспектива и треба што побрзо да се вратат. Имаме девасирана економија, имаме цивилизациски пад, наместо култура, како што важевме досега во светот. Во Македонија денеска има варварство. Оние примери што ги кажа мојот колега Караџоски, тоа е варваризам. Македонија, значи е навистина пред колапс, економски и социјален. Но, најбитно е дали ќе можеме да ја сочиваме државата. Поради тоа, јас предлагам денеска, ако можеме да смогнеме сили сите заедно да ја финишираме оваа седница, без оглед на тоа, кој како овде дискутираше и за што ќе се определи. По мене, сите овие мислења што беа искажани тука, се соема легитимни. Ние како пратеници имаме обврска и пред граѓаните, а гласаме и според тоа убедување овде во Парламентот и секој е за почит, но, не видов навистина, дека многу се разликуваме за тоа, како да дојдеме до мир.

Јас немам еден аргумент, дека некои од овие колеги овдека, ја заговара опцијата,војна. Меѓутоа, прашање е само по кои патишта да дојдеме до таа цел, до таа единствена цел. Тука, мислам дека сериозно се разликуваме. Но, еден е фактот: Македонија е во војна. Еден добар дел од државата, не ја контролираат нашите власти. Не може таму да влезе ниту армија, ниту полиција. Не станува збор за некои демократски институции што беа овде заговарани, како: референдум, попис, па"не дај боже" избори. За тоа, моите колеги тука доста исцрпно зборуваа. Таму не може да влезе ни војската, ни полицијата,а камо ли да се организира референдум во тие места. Значи, во Македонија мора да"зацарува"мир, за да можат овие институции да започнат да функционираат. Без тоа, немаме шанса како држава.

Меѓутоа, едно е сигурно. Тоа е документот од најодговорните луѓе и ние по него денеска расправаме. Тоа е нашата шанса, и се разбира тука природно е да се разликуваме, бидејќи имаме различни политички погледи. Сите ние имаме различни политички програми и платформи и тоа е природно во еден повеќепартиски парламент. Преку борба на мислења да дојдеме до она што е најдобро за Македонија во овој момент. Документот, Рамковен договор, верувам, дека никој од овде не го посакуваше. Ниту промената на Уставот беше наша одлука, а исто така и пред отпочнувањето на војната, таа не беше наша желба.Има овде колеги пратеници, односно пратенички групи и поединци, кои преговараа, и заговараа, за промена на Уставот. Меѓутоа, тоа беше сосема од поинакви причини и од сосема друга насока. Но, факт е дека ние сега имаме Рамковен документ, кој заговара, односно кој проектира промена на Уставот, по предлог проекција која граѓаните на Република Македонија не ја посакуваат. Тоа е резултат на воената интервенција, на таканаречената ОНА и војната што се случи во Република Македонија. Доколку ја видите содржината, јас во оваа прилика не сакам да зборувам, за амаднманите, односно за нивната содржина. Се е тоа, пред-лог иницијатива на учесниците во преговорите, или, условно речено од овде, на албанскиот политички блок. Иако, не го зборувам тоа со задоволство,бидејќи тоа се македонски политички партии, а ги сочи-нуваат претежно граѓани на Република Македонија, од албанско етничко потекло. Во секој случај, тие ја диктираат содржината за промените на Уставот, а другите учесници или помагаат, или се спротвставуваат или се согласуваат. Се прашувам, дали до сето ова мораше да дојде? Дали Македонија мораше да дојде во војна, за да имаме ситуација да го менуваме Уставот. Јас за тоа, навистина,ги поддржувам моите колеги кои кажаа дека е наметната измената на Уставот. Ова ние денеска што го правиме, зарем не влегува во тој контекст. Прво, договорот дека ќе треба да се менува Уставот во прва фаза, е една третина од предавањето на оружјето, а втората фаза отпочнувањето на амандманите, и трета фаза, целосно разоружување и потпишуваље на уставните амандмани.Тоа е процес. Затоа, јас кажав да дадеме можност тој процес дасе одвива нормално. Бидете сигурни, дека ние треба околу тој процес да продолжиме со целосна политичка одговорност уште три четири дена да расправаме, не можеме битно да влијаеме. Тоа е од едноставна причина. Можеби, сите нема да се согласиме со тоа, мегутоа, ]ас ке кажам отворено: до ова, сигурно немаше да дојде, ако во Република Македонија имаше способно раководство, кое можеше да ги предвидува настаните. Без никакви навреди, меѓутоа, тоа е мое лично мислеље. Ние за тоа не сме разговарале во пратеничката група, и се разбира, како што слушнавте, никој тоа не го изнесе како став. Но, политичко раководство, кога ќе земе

мандат, мора да има јасна проекција, односно стратегија за иднината. Иднината се гради, но не се чека. Ако се чека иднината, ќе биде тоа, што нам денеска ни се случува. Способно раководство, мора да ги предвиди сите можни опасности за безбедноста на државата. Тоа треба да го предвиди навреме и да оди во пресрет на отстранување на опасноста. Да предвиди на време средства и методи да ја спречи опасноста. Потоа да не дојде во ситуација да ги лекува последиците. Факт е денеска дека ова раководство донесе војна во Република Македонија. Или, да бидам попрецизен, не спречи војна во Република Македонија.Јас да бидам попрецизен: ова раководство не спречи да не дојде до војна во државата.

Според тоа, немаше мандат раководството да ја доведе Република Македонија во војна. Тие излегоа 1998 и 1999 година со мандат дека ќе градат стабилна држава, стабилна економија, дека ќе градат висок степе на безбедност, меѓународна силна позиција, благосостојба во државата. Но, еве што ни се случува. Најдобар индикатор е токму тоа, што денеска ни се случува во Република Македонија. Војната никој не ја сака, меѓутоа, треба да имаме мудрост. Ние сме осудени почитувани колеги пратеници, како мала држава, како мала нација, дали со таа квалификација ќе се согласите, исто така тоа е ваш проблем. Ние сме осудени едноставно, да бидеме мудри и рационални. Во Македонија нема место за сила. Силата не е наша шанса. Ние, сме осудени да бидеме мудри и рационални. Нашата шанса е разумот, рационалноста, шансата за да преживееме. Токму затоа, овој документ што го разгледуваме овие неколку дена, ја дава шансата. Сите колеги пратеници, а и госпоѓата Марковиќ овдека говореше, а и многу други колеги пратеници, дали овој документ гарантира мир во државата. Јас исто така, ќе кажам дека со ова не се создава никаква гаранција. Меѓутоа која е алтернативата? Јас да ви кажам, навистина се изненадувам од храброста на господинот Филип Петровски, ми е навистина жал што во овој момент не е тука. Тоа му личи на неговите години. Тоа им личи на сите млади луѓе. Тој го цитираше Даме Груев и неговата позната реченица: "подоброужасен крај, отколку ужас без крај". Прашање е дали Даме тогаш имал избор во 1903 година. Очигледно, тогаш немал избор. Даме го вложи животот, како и сите илинденци во темелите на Крушевската Република. Меѓутоа, исто така, историски факт е дека Крушевската Република траеше десет дена а тој го положи животот. Ние го славиме тој стремеж, тој сон на Даме и сите илинденци да имаат своја држава. Поразот, се разбира, не го славиме. Ја славиме нивната храброст, надежистремежот да имаат своја држава. Јас најискрено сакам Македонија да ја сочува државата, а господинот Филип Петровски да остане жив и сите како Филип Петровски и моите деца и вашите деца и сите идни геренрации. Затоа, исто така треба многу повеќе мудрост, отколку храброст. Не велам дека нема да го изгубиме достоинството. Туку, зборувам за онаа алтернатива дека никој нема да гарантира доколку се измени Уставот и се донесат амандманите дека оние што ја почнаа војната ќе престанат да војуваат. Можеби, ќе биде уште полошо. За тоа никој не гарантира. Меѓутоа, има неколку работи кои ние мораме да ги почитуваме. Да кажам за варијантата доколку не се прифати Документот. Некои колеги кажаа дали навистина, алтернативата е војна. Доколку се има предвид фактот дека оваа територија, која што ја окупира таканаречената ОНА, ја имаат тие под контрола. Што значи, неприфаќањето на контролата, значи ескалација на воените дејствија. Значи ли тоа дека ќе се ослободат, или ќе подлегнат под закана на меѓународниот фактор или на нашата армија. Но, почитувани колеги, има нешто уште полошо. Ако е воена опција, во Македонија, а јас знам дека вие не ја заговарате, меѓутоа, друг ја наметнува. Таа е реалноста. Ниеден од нас овде не ја посакува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Бидете сигурни ало се обидеме како што предлагаат некои политичари во Македонија да се употребат сите можни средства, воени средства да се истераат терористите од сите населби од Куманово до Тетово. Што мислите? Зарем навистина тоа и натаму ќе биде македонска територија, зарем навистина мислита дека тие луѓе ќе ги добиеме да бидат лојални граѓани на Република Македонија, или ќе не дочекаат таму војската на Македонија како ослободители? Бидете сигурни дека тоа апсолутно оди кон варијантата на поделба на Македонија, а не кон унитарниот карактер и сочувувањето на територијалниот интегритет. Јас сакам тие пријатели кои што меѓу нив постојат пријатели што ја сакаат РМ за своја држава како татковина и овде што пишува во точката прва во Рамковниот документ дека гарантираат територијалниот интегритет и унитарноста да ги добиеме на наша страна. Знам дека тоа е потешко, многу потешко, меѓутоа тоа вреди да се обидема, отколку да жртвуваме човечки животи како што досега изгубивме полицајци и војници над 60, цивили исто

така. Јас незнам колку е на другата страна, никој тоа не го кажува, но факт е дека има жртви и на таа страна. Вреди ли Македонија и натаму да дава жртви повеќе, а да ги сочува сите вредности мир, стабилност, меѓународна положба, економски развој, социјалан просперитет. Нема шанса за таа работа. Значи анимузитетот, омразата во Македонија во нашата иднина едноставно немаат шанси. Омразата е лош сојузник на здравиот разум и таа води кон емотивни реакции, емотивните реакции се деструктивни често пати и никогаш не можеме да дојдеме до посакуваната цел. А ова што се нуди другото, другото што значи прифаќањето на Рамковниот документ и се разбира прифаќањето на уставните амандмани дава шанси, дава можност. Јас тоа секогаш го говорам дека ни дава шанса, а наше е дали таа шанса ќе ја искористиме. Кога говорам , наше , наше оригинално македонско. Затоа што јас можеби овде и г-динот Флоровски и некои други пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, па и некои други говореа можеби за некој заговор, постоење на некои системи. Јас навистина немам многу информации. Можеби постојат и системи од некој центар и да се крои картата на Балканот, на Европа и т.н., меѓутоа немам доволно аргументи да тврдам дека е тоа посреди. Но, едно сум сигурен, за состојбите во Македонија одлучуваме ние, ние граѓаните на Република Македонија. Какви ние ќе бидеме овде, така ќе не почитуваат од надвор, како ќе си проектираме меѓу нас иднина наша македонска, така ќе биде и надвор. Затоа и не можам да се согласам со тезата на премиерот, а овде гледам неколку луѓе ја прифатија таа теза, нам ни треба национално единство. Да, и јас се согласувам, нам ни треба национално единство, меѓутоа на сите. Јас не можам да ја прифатам тезата , ни треба единство на македонците. Ако македонците се обединат, значи ќе се обединиме против албанците. Против кои други? Затоа што тие се сега персонификација на војната во РМ. Меѓутоа, не беа сите албанци такви. Но, за тоа ќе кажам нешто подоцна. Тоа значи пак делење, затварање на етничка основа во сопствени атари. Јас да ви кажам како го разбирам националното единство во РМ. Национално единство на сите граѓани што живеат во РМ, меѓутоа Македонија, да ја градиме македонската нација како збирна категорија на сите што живеат во неа без оглед на националната припадност и македонци и албанци и турци и власи. Тоа е тешко. Јас го разбирам вашето негодување, тоа е тешко, меѓутоа тоа го направи светот. Она што го направи Швајцарија, Франција и многу други Земји пред сто и сто и педесет години Македонија го доживува денеска. Тоа била нашата судбина, меѓутоа не е наш избор. Ние мораме да бидеме сега над висината на историскиот момент за да на нашите деца им обезбедиме по пристојна иднина, безбедна иднина, гарантирана стабилност. Јас знам дека е многу тешко. Сум разговарал и со мои колеги албанци. Кога ќе му кажете често пати дека Вие треба да прифатите да бидете Македонец од албанско етничко потекло, исто онака како што е македонецот во Албанија, Албанец од македонско етничко потекло, или македонецот во Бугарија како што е таму Бугарин од македонско етничко потекло, тоа е логиката на развиениот свет. Тоа е логиката на демократскиот свет. Јас мислам дека тоа е и предност, дури си го земам правото да кажам пред моите колеги албанци овде, она што се случи од Танушевци па наваму, Дека практично е изгубен чекорот, предноста што ја имаа албанците во РМ пред албанците во Албанија и на Косово. Ако сакате цивилизациски гледано стандард, начин на живеење, комуникација, апсолутно се во многу подобра положба, економска, социјална, политичка и цивилизациски многу повисоко стојат албанците во Македонија отколку во Албанија и Косово. Тоа е мое мислење, можеби ги немам сите индикатори. Според тоа, јас мислам дека наша обврска е како Собрание, како политичари да ги бараме тие сили кои што сакаат да живеат заедно. Јас не сум убеден дека е исчезнат и минимумот на политичка волја за заеднички живот во оваа држава со албанците. Апсолутно сум сигурен дека постои. Како што кај секој генијален човек стои по некој идиот чучи во него така во неговата душа, така мислам дека и во секој кретен чучи по некој човек. Да го разбудиме него, знам дека е тоа многу потешко, знам дека е многу потешко кај луѓето кои што земаг оружје и пукаа на Македонија, несвесно пукаа и на својата иднина. Мислите албанците сигурно сакаат да им гинат децата? Напротив тоа е страшна манипулација од политичките лидери. Ова го темелам врз основа на искуствата што ги имавме од поранешна Југославија, но, тие лекции не ги научивме. Само една илустрација и нема многу да се задржувам. Во Босна и босанската криза загинаа над 200 илјади луѓе, над милион бегалци. Меѓутоа, можете ли да се сетите има ли некој политичар што загина? Ниту еден. Сите останаа живи и здрави и ги

втурнаа луѓето во несреќа, во војна, загинаа толку луѓе, толку бегалци, а никој не настрада од политичарите, ниту нивните семејства. Јас сум сигурен дека стремежот на албанците не е да живеат во автархично затворена држава каде што ќе говорат само на албански јазик, сите институции на албански јазик. Јас сум сигурен како што и на секој човек во Македонија желбата му е да живее човечки, да има стандард, да комуницира со светот, да ги задоволува своите културни потреби. Тоа е смислата на животот. не е смислата на животот вие да се затворите и со бродови после да бегате во Италија и да се давите во Јадранското Море, или во прекуокеанските земји. Според тоа, животот, желбата, стремежот на секој нормален човек е да живее поубаво. И не случајно мудроста не е моја, од еден генијален филозоф дека ние случајно само припаѓаме на нација , пред се сме луѓе . После се разликуваме на национална основа, верска убеденост и т.н. Тоа е многу потешкиот пат, се согласувам , меѓутоа, ние како Собрание, како политичари мора да градиме нови мостови на заеднички живот. Немаме друга шанса. Почитувани пратеници, една третина од Македонија припаѓа на немакедонско население. Значи ли тоа сега сите да се затвараме во свои атари. И нешто што битно влијае, меѓутоа не се наметна во овие разговори за промена на Уставот, ако се бришат сите тие национални обележја во Македонија идентитет на Уставот, политичките партии на етничка основа едноставно се бесмислени. Меѓутоа, заради тоа што македонското општество се сегментираше на етничка основа, кај нас се направија политички партии на етничка основа . Еве сега имаме дури и на верска основа се формира партија во Реублика Макеоднија. Тоа не води кон хомогенизација на македонското општество, тоа води кон негова сегментација , фрагментација, а ние немаме шанса ако не се обединиме околу оваа единствена програма. Често пати се спомнува Швајцарија како пример. Во Швајцарија имате само швајцарска нација. Сите и италијани и германци и французи се Швајцарци. тие не се припадници како државјани на друга држава, тие се францускi државјани, швајцарски , и по тој основ се припадници на швајцарската нација. Па ако имаме пример, дајте да се придружиме кон цивилизираните народи отколку кај оние кои што многу заостануваат. Ќе завршам со две, три констатации. Ако навистина имаше државничка мудрост, способност мораше да се дејствува на почетокот кога се појави интервенцијата на терористите во Танушевци и до тетовската криза. Тогаш мораше ефикасно да се дејствува. Еве, да Ви кажам од кои причини. Ако се разбиеше таа чета како што сите тогаш ја нарекуваа криминалци, шверцери, па дури еве и г-динот Мендух Тачи во една прилика рече дека е тоа банда на криминалци и дека со неа треба војнички да се пресмета. Меѓутоа, тоа не се направи.И што се случи? Со текот на времето, бидејќи не се делуваше државни!ки, мудро и ефикасно, со текот на времето албанци ако имаше на почетокот албанци кога говорам популација , граѓаните од македонско и од албанско етничко потекло , малкумина ја подржуваа ОНА. Дали процент после овие искажани реченици на Мендух Тачи и други. Не се артикулираше тогаш масовна подршка на албанското население на ОНА. Дури и Меѓународната заедница се држеше доста резервирано. Меѓутоа, со текот на времето асиметрично дејствување и т.н. оваа стана многу масовна организација. Ако тогаш имаше 5, 6 , или 10% албанци што ја подржуваа ОНА, Денес имате многу висок процент, јас незнам кој е, меѓутоа факт е дека е многу висок. А Меѓународната заедница ако може и намигнуваше за некои ефикасни решенија. Денес имате цврст став на Меѓународната заедница. Вие видете ја реториката. Некој ги спомна овде и на Робертсон и други. Ако на почетокот беа тоа банда криминалци и убијци како што ги нарече Робертсон , сега веќе се другата страна.И последните денови од вооружените интервенции на терористите на ОНА и сугестиите на НАТО беа дека треба да се воздржарт од употреба на сила и двете страни. Значи терористи се промовира. Зошто е тоа така, тоа е друго прашање. Се промовира употребата на силата како легитимно средства за остварување на човекови права. Ве молам, не заради тоа што е НАТО моќна воена алијанса, не заради тоа што ги диктираат условите во светот и оние држави членки на НАТО, наш интерес е НАТО да го имаме за наш пријател, наш интерес е ЕУ да ја имаме за наши пријатели. Не е желба на НАТО да дојде во Македонија. Тоа можеби кореспондира со нивните стратешки интереси, но пред се е македонска желба НАТО да биде во Македонија. Да бидеме дел од тој механизам, од тој систем кој што ќе ни гарантира стабилност и безбедност, да бидеме дел од ЕУ, да бидеме дел од тоа семејство на моќни држави. Ако е тоа така, имаме ли тогаш потреба и како пратеници овде да шириме омраза кон НАТО и ЕУ. Јас

се согласувам со тоа да се кажат вистините , можеме ли битно да измениме во физиономирањето на НАТО, неговата улога и на ЕУ. Не , заради нашата неспособност како мала држава, заради тоа што сакаме да бидеме дел од тоа семејство на развиени нации и држави. Таму да се чувствуваме по сигурни и побогати и таму да бараме пријатели, а не непријатели. Многу аналитичари тврдат сега дека НАТО и ЕУ фатија страна за време на интервенцијата на ОНА и за време на преговорите. А зошто да не ги добиеме на наша страна, на принципиелната . Ако знаеме, јас сум сигурен дека правдата, правдината и правото е на наша страна, на македонска страна. Не може да се подржуваат терористи никаде во светот. Да се случело тоа не во САД, во Порторико да се случеше, американците за 4 часа ќе ја завршеа целата приказна. Никој не поднесува тероризам. Но тоа е позиција која што е градена со години. Затоа реков на почетокот, нашата позиција не е изградена. Позиција се гради на една држава и нејзината меѓународна положба многу, многу години наназат. И кога се зема мандат од тогаш почнува. Не е ова никакво карикирање. Го почитувам г-динот Џафери како политичар затоа што неговиот сон како што гледате почна да биде реалност. Тој јавно кажа дека сонувaв , легнува и се буди со желбата да се промени Уставот. Меѓутоа, тој си работел на тоа долго време, стрпливо со јасна стратегија и цел да се дојде до тоа. За жал на штета , како што ние сега разговараме во овој момент и по диктат на Македонија, Барем требаше нашиот премиер од Него нешто да научи кога толку време се дружи. Можеше да научи дека инвестирањето во него, дружењето со него во Владата 1998 година, изборите 1999 година за Борис Трајковски и т. тоа се страшни инвестиции на Џафери за она што денес ни се случува во Македонија. Тој знае дека тоа со Бранко Црвенковски не може да го прави, или некој друг. Затоа инвестира на вистинско место, со она што ќе го прави во ваков развој на настаните. И сега нашиот премиер овде покажува голем патриот и овде сака со се да расчисти, бидејки бил изневерен, како изневерена девојка, изневерена невеста и т.н. Е не може така , така позиција не се гради. Меѓународната позиција г-дине Џафери си ја градел долги години наназад, неговата лична, на неговата партија и неговата политика пред се. Затоа тој и неговата политика имаа подршка и на стартот ако сакате и за време на овие преговори и од САД и од НАТО. Нив ако сакаме со инатење, со омраза, со отпор по американците , да ги добиеме , кажете ми на кого тоа му пошло од рака? Едноставно немаме таква шанса. Мора да градиме пријатели со нив, мора упорно, трпеливо да им докажуваме дека ние сме вистинското рвшение, дека сите се бориме за мир и стабилност на оваа држава. Сакаме таа да постои , сакаме таа да опстои. Немаме друга алтернатива. Од тие причини реков дека заслужува да му се даде шанса на овој Договор. Заслужува заради тоа што тој сепак отвора можности вистинската позиција на Македонија надвор да се гради, а на граѓаните положба многу, многу години наназат. И кога се зема мандат од тогаш почнува. Не е ова никакво карикирање. Го почитувам г-динот Џафери како политичар затоа што неговиот сон како што гледате почна да биде реалност. Тој јавно кажа дека сонувaв , легнува и се буди со желбата да се промени Уставот. Меѓутоа, тој си работел на тоа долго време, стрпливо со јасна стратегија и цел да се дојде до тоа. За жал на штета , како што ние сега разговараме во овој момент и по диктат на Македонија, Барем требаше нашиот премиер од Него нешто да научи кога толку време се дружи. Можеше да научи дека инвестирањето во него, дружењето со него во Владата 1998 година, изборите 1999 година за Борис Трајковски и т. тоа се страшни инвестиции на Џафери за она што денес ни се случува во Македонија. Тој знае дека тоа со Бранко Црвенковски не може да го прави, или некој друг. Затоа инвестира на вистинско место, со она што ќе го прави во оваков развој на настаните. И сега нашиот премиер овде покажува голем патриот и овде сака со се да расчисти, бидејки бил изневерен, како изневерена девојка, изневерена неВеста и т.н. Е не може така , така позиција не се гради. Меѓународната позиција г-дине Џафери си ја градел долги години наназад, неговата лична, на неговата партија и неговата политика пред се. Затоа тој и неговата политика имаа подршка и на стартот ако сакате и за време на овие преговори и од САД и од НАТО. Нив ако сакаме со инатење, со омраза, со отпор по американците , да ги добиеме , кажете ми на кого тоа му пошло од рака? Едноставно немаме таква шанса. Мора да градиме пријатели со нив, мора упорно, трпеливо да им докажуваме дека ние сме вистинското решение, дека сите се бориме за мир и стабилност на оваа држава. Сакаме таа да постои , сакаме таа да опстои. Немаме друга алтернатива. Од тие причини реков дека заслужува да му се

даде шанса на овој Договор. Заслужува заради тоа што тој сепак отвора можности вистинската позиција на Македонија надвор да се гради, а на граѓаните на РМ мирна разврска. Реков, тој дава шанса, не гарантира ништо никој. Потписите на ЕУ и на НАРО односно САД и ЕУ ако сакате мора да бидат гаранција. Сепак, мора да држат до сопственото достоинство и до сопствениот авторитет и до сопствениот кредибилитет и заради тоа немојте да мислите дека тие не се загрижени зошто да речеме во Македонија така стои лошо НАТО. Тие прават анкети. И тие се за тоа да се подобри кредибилитетот. Подобрувајки го тој кредибилитет нивни , прифаќајки ги како наши пријатели и сојузници *ќе* си помогнеме на себе. Инатењето може да не однесе само уште подолу и д ане бидеме препознатливи . Оваа шанса почитувани пратеници мора да ја зграпчиме како своја шанса , како шанса да преживееме, како шанса да почнеме да градиме стабилна држава. Јас Ви реков, доста употребив зборови за другата алтернатива. Би сакал навистина да слушнам аргументи кои се тие кои што ќе не разуверат , меѓутоа аргументирано.

Затоа јас ќе гласам за оваа варијанта, а вие како сакате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 16,45 часот.

(Седницата прекина во 15,20 часот).

(по паузата седницата продолжи со работа во 17,10 часот)

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Констатирам дека имаме кворум.

Според тоа можеме да почнеме со работа.

За реплика се јавува г. Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Најпрвин да се извинам што со задоцнување ја поднесувам мојата реплика, бидејќи г. Никола Поповски во неговата реплика ме повика да одговорам на некои елементи . Јас бев отсутен, токму во времето на репликата на г. Поповски, бев зафатен на моето работно место.

Јас во оваа прилика, г. Поповски не е тука но би му одговорил. Имено, тој мене ми префрла дека сум кажал дека се заканува на пратениците што навистина не е точно. Јас знам точно што реков.

Јас имам извадок од стенографските белешки, во тој дел каде што зборувам и каде кажува дека јас сум му префрлал на г. Поповски дека тој потпишал договор и повикувал на некоја веселба. Тоа не е точно. Јас знам кој го потпишал тој Рамковен договор. Јас кажував каква беше атмосферата кога се потпишуваше тој Рамковен договор. Ако не беше така нека потврди г. Царвенковски за таа атмосфера. Никаде не кажав дека г. Никола Поповски повикувал на веселба.

Во неговата дискусија г. Поповски кажа дека со тој Рамковен договор, ние, ќе повторам уште еднаш, односно македонскиот народ ништо не губи, напротив дури викаат дека добиваме. Друго ништо не кажав.

Понатаму, се наоѓа навреден почитуван г. Поповски, сум го навредил со тоа што сум рекол дека го злоупотребува терминот Мимикрија и не знае тој које е неговото вистинско значење. Дека е тоа точно, еве и овде, дали е тоа грешка на службите кои ги водат стенографските белешки. Овде наместо Мимикрија е напишано Реликлија. Дали тоа го рекол г. Поповски, јас не знам. На крајот тој мене ми префрла дека сите ми биле криви за моите сопствени проблеми. Јас на г. Поповски морам да му кажам дека немам толку големи проблеми што не можам да ги решам, а за нивното решавање најмалку ќе ми помогне дискусијата во Парламентот и шест пати што ќе го споменам името на г. Поповски. Тој ми префрла на поодминатите години. Што се однесува на поодминатите години, да му кажам на г. Поповски, јас не ги чувствувам и да му кажам дека годините не се прсудни за проблемите. Тој иако е релативно млад човек со неговите погледи и со дикусијата во врска со овој проблем што се расправа овде делува како исплашен човек од трето доба. Токму затоа за тиа се плаши и во дискусијата предлагате да го дадеме македонското достоинство, бидејќи другата алтернатива според Поповски е граѓанска војна, многу погинати, ранети и сл. Таквите погледи на г. Поповски ги ценам како апсолутно точни и исправни, бидејќи тој е политичар од кариера, кој првите чекори во политиката ги направи уште во предшколска возраст, да не речам уште од детска градинка, кој знае да се занимава само со политика и да практикува само позиција, што би рекол власт. На крајот јас не би му замерил на г. Поповски, меѓутоа за она четвртото што го изнесува во својата реплика, на тоа сигурно нема да му опростам, а еве за што се работи.

Во неговата реплика ги спомнува погинатите херои од Драчево, кои ги

положија своите млади животи бранејќи ја нашата Татковина.

Тие од Драчево како и другите погинати за мене се херои, почитувани пратеници кои ги дадоа своите пратеници за одбрана на нашата Татковина во одбрана на постојниот Устав, а г. Поповски во неговата дискусија и како координатор на СДСМ повикува да се прифатат измени на постојниот Устав, ни помалку ни повеќе, со над 30-тина амандмани, каде ќе нема македонски народ, туку ќе има македонска етничка заедница, каде што ќе имаме повеќе службени јазици, и на крајот тој и одредени дискутанти од СДСМ бараат јас да бидам нем сведок на несреќата на својата Татковина.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јави г-ѓата Наталија Марковиќ Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Во контекст на изразената желба за мир која беше во мојата дискусија за која ме поддржа колегата Петковски, беше направена и една споредба помеѓу Република Македонија и Швајцарија. Меѓутоа, не се согласувам со спордбата, бидејќи нема споредба помеѓу Унитарна држава и конфедерација. Различна е географската местоположба на овие две држави. Зад жителите кои живеат во Швајцарија: Италијанци, Германци и Французи, зад нив стојат силни економски држави и тие сосема доброволно се признале како Швајцарци. Република Македонија, односно граѓаните на Република Македонија немаат алтернативна држава и оттука оваа споредба не држи. Доколку повеќе што и онака длабоката социјална и економска криза и стопанството во Република Македонија од овие настани кај нас, е разнишано, колабирано, не функционира, нема производство, нема пласман на производите и не функционира ништо што значи економски интерес и подигање на економијата во Република Македонија. Нема никаква споредба. Но сега се прашувам, зошто во времето кога можеше да се направи подобрување на релациите за кои зборуваме денес, што би ги подобриле, не се имплементираше дел од законодавството на некоја држава со која ние денес би можеле да се спoредиме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Процедурално збор бара пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас ќе го искористам и правото за реплика, и процедурално имам нешто да кажам нешто, ако ми дозволи г. Петковски.

Во неговиот говор беа спомнати, тоа се случува неколку пати овде од говорницата и мислам дека треба да реагира и претседателот на Собранието што ја води седницата кога се однесува на лица кои не се присутни во Собранието, политичари кои не се пратеници овде. Конкретно беше спомнат г. Тачи. Исто така сакам да ја демантирам цитираната изјава на г. Тачи што беше прочитана од г. Петковски. Исто така сакам да кажам дека г. Тачи со својата позиција како потпретседател на ДПА и со сите свои изјави досега дадени беа во контекст на политиката која од почетокот ја промовираше ДПА. Тоа беше да се промовира мирното разрешување на кризата и бевме за тоа правата на албанците во Република Македонија, кои беа институционално маргинализирани и конституционално понижени, со политички методи и средства да се разрешат.

Исто така, јавноста сакам да ја запознаам со тоа дека од почетокот на кризата ние организиравме еден протест во Скопје, протест за мир, исто така и во Тетово. Но, отпосле ние од самите институции на државата бевме маргинализирани. Само да го споменам, на пример, таканаречениот државен врв кој не игзистира ниту во Уставот ниту во ниедна законска рамка во РМ. Беше елиминиран еден наш член од Советот за безбедност. Исто така бевме елиминирани од МВР и од Министерството за одбрана, во тие најрани фази. Така да, како што реков не е добро да се спомнуваат политичари кои не се тука и не можат да реплицираат. Репликата ми е во тој контекст. Моето процедурално јавување Се однесува на следното сега ја добив листата на пријавени дискутанти. Листата е гломазна. Уште 31 пратнеик се јавуваат да дискутираат за оваа одлука што требе да ја донесеме.

Јас сакам ние како Парламент да искажеме една политичка волја, ако се спремни исто така координаторите на другите политички партии, да се обратиме до пратениците, да ги замолиме, бидејќи јас мислам дека се е веќе кажано од сите политички партии, тезите сега само се вртат. Сметам дека ставовите на политичките партии застапени овде во Собранието веќе се познати и мислам дека би било добро да ги замолиме, значи во име на пратеничките групи, тие

пратеници што можат да се откажат да не зборуваат, да се откажат, а другите кои ќе останат барем да ги терминираме нивните говори, ако е можно. Јас би сакал по тоа прашање да се изјаснат и координаторите на другите пратенички групи, да искажеме една политичка волја, да завршиме со првата фаза и да почнеме со втората фаза каде ќе имаме можност сите овие пратеници да се искажат по оваа тема.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Процедурално збор бара г-цата Шекеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Во име на пратеничката група на СДСМ сакам да го изразам нашиот став дека ние ваквата иницијатива ќе ја прифатиме, до колку се разбира наиде на одобрување и од страна на другите пратенички групи во Собранието и од страна на потпретседателот на Собранието, се со цел да се зголеми ефикасноста на работата на оваа собраниска седница и што е можно побрзо да дојдеме до моментот на изјаснување по Предлог-одлуката.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави г. Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Да го кажам и ставот на ПДП.

Ние исто така се согласуваме со ваквата иницијатива, да ги замолиме пратениците, за да бидеме порационални како Собрание, да се повлечат, бидејќи така многу долго расправаме, со истите аргументи што беа во текот на расправата односно по излагањето на пратеничките групи.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Процедурално збор бара координаторот на ВМРО-Вистинска, г. Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседатале, дами и господа,

Не е ова седница и не е ова прашање за кое можеме да реагираме вака, сите да замолчиме и да не го кажеме своето мислење. Ова е можеби најбитното прашање со кое се судира овој Парламент во овој состав. И ако другите немаат што да кажат, можеби другите се кажале кога го потпишувале договорот. Мислам дека не е коректно пред јавноста да се игра ваква игра, со цел што побрзо да се протрчи преку она што е веќе договорено.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор има г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитувани колеги,

Јас не би сакал мојот личен став да го промовирам како став на пратеничката група, меѓутоа сакам да ги повикам нашите пратеници до максимум да го рационализираат настапот, а сепак не би сакал да им го одземам правото да го кажат она што треба и што сакаат да го кажат. Но, евентуално ако се вклопува во некакво ограничување на времето, би ги повикал пратениците да се согласат со тоа, дискусијата да се ограничи.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Процедурално за збор се јави Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа,

Ваква иницијатива треба да се поведе, по Деловникот, пред почетокот на седницата. Во текот на седницата нема правило во Деловникот да може да се вметнуваат вакви ограничувања. Ако некој мисли вака да ја тера седницата требаше пред почетокот да се договори ваква процедура, а не во текот на седницата да се менува, откако некој го направил она што мислел да го направи. Нема во Деловникот правило сега да се гласа, откако седницата веќе е во тек и откако почна по други правила. Значи текот на седницата мора да продолжи така како што почна. Нема тука гласање.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јави г. Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине потпретседател,

Во текот на досегашната седница, претседателот на Владата на РМ, ги повика сите пратеници до кои допира неговиот авторитет, да се изјаснат по Предлог-иницијативата за промена на Уставот на РМ. Претседателот на СДСМ ги повика сите пратеници до кои допира неговиот авторитет да се изјаснат за промената на Уставот на РМ. Координаторите на пратеничките групи на ДПА и на ПДП исто така ги повикаа своите пратеници да се изјаснат по Предлог-иницијативата за промена на Уставот.

Досега беа потрошени огромен број на зборови, многу аргументација за едната или другата опција во овој Парламент. Истовремено РМ е соочена со фактот дека од денес па наредните денови ќе биде прекината акцијата на НАТО за собирање на оружјето и дека продолжувањето на оваа седница во

недоглед може навистина да го забави процесот на решавањето на кризата во Македонија. Оттаму уште еднаш би сакал да ги замола сите наши колеги пратеници, ако сакаат да говорат на оваа седница, да излезат евентуално само со нови аргумети кои досега ги немавме слушнато и навистина дискусиите да бидат огрничени на минимум, како би можеле што е можно побрзо да пристапиме кон изјаснување по повод иницијативата дадена од претседателот на РМ.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници,

Јас ги ценам мислењата и на вашите лидери на политички партии и на координаторите на пратеничките групи. Меѓутоа, морам да ви кажам една работа дека Деловникот по кој работи Собранието на РМ не дозволува откако ќе почне една седница дополнително да се утврдуваат други пропозиции надвор од важечкиот Деловник. Јас предлагам да бидеме принципиелни да го почитуваме Деловникот и да го почитуваме Уставот поради тоа што се документи што, можеби некој посакува да бидат изменети но сеуште важат. Во тој контекст јас ги ценам и на претседателот на државата и на лидерите на политичките партии и на координаторите, меѓутоа ваква интервенција можете да си направите само во рамките на вашите политички партии, односно да ги убедите вашите пратеници ако сакаат да се повлечат и да не дискутираат. Јас мислам неблагодарно е и надвор од Деловникот на Собранието преку институцијата гласање да им го одземеме правото на одредени пратеници да си го кажат своето мислење во однос на иницијативата на претседателот. Од овие причини давам пауза од 15 минути да си се договорите во политичките партии и да си ги консултирате пратениците, кои мисли да се повлече од дискусија, а другите кои имаат намера да дискутираат немаме право да им го земеме правото на дискутирање.

(предлагам пауза од 15 минути).

(паузата претседателот ја даде во 17,30 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17,55 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека во салата присуствуваат 70 пратеници и според тоа можеме да продолжиме со работа. Ме информираа дека почнал договор како да привршуваме, како да се приближиме кон тоа да можеме да се собереМе и на крајот да се изјасниме, не само да разговараме. Тоа е добра иницијатива. Како што ме информираа има 36 пријавени дискутанти. Со оглед на тоа што сме 120, не сме многу.

Ве информирам дека 36 се пријавени за дискусија. Ако одиме, како што одиме, до сега 32 зборувале, мислам Дека е добро ако денеска дојдеме до одлука. Беше речено дека ќе се повторуваат, па може и накратко да се каже. Информиран сум дека пријавените пратеници од пратеничката група на СДСМ Ќе Се повлече. Информиран сум од пратеничката група на ПДП Ќе Се повлече. Така?

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ние Се договоривме како пратенички групи, предлогот го даде Демократската партија на албанците ние го поддржавме, СДСМ и ПДП да ги замолиме пратениците секој од своите редови да се повлече. Ги повлекуваме нашите пратеници, но ако се повлечат сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве како сум информиран.

Се повлекуваат пратениците од СДСМ, се повлекуваат од ДПА, сега вие или се повлекувате или не.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Се повлекуваме и ние.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ВМРО-ДПМНЕ?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ**:

Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ максимално ќе го рационализираат настапот на оваа говорница, кои ќе се повлечат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ВМРО-ВМРО има еден пријавен.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Пратниците од нашата пратеничка група ќе го користат правото што веќе го искористија другите, не се повлекуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ДА - не се повлекува.

Нова Демократија?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, ние како пратеници од помали партии четири члена од пратеничка група Нова Демократија на почетокот бевме изолирани од разговори и најнормално сега е прилика денеска да разговараме за ова. Бараме месец и повеќе седница, ние не се откажуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не се повлекувате.

Од Либералите зборуваше Пајкоски, Даневски не е тука.

Многу се извинувам на господинот Амди Бајрам, тој не се откажува.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас на крајот ќе останам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Социјалистичката партија ја нема, а ЛДП зборуваше.

Господинот Флоровски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ме интересира зошто е овој притисок, зошто се притиска толку дали сме временски ограничени, дали некој временски ве ограничил вас како претседател, дали денеска мора да ја завршиме седницата?

Ако е така, ако некој врши притисок врз нас, тоа е диктат, а штом постои диктат ние веќе сме во првата фаза на протекторат. Ова е повеќепартиски Парламент и дозволете да се искажеме. Кажете што е причината што мора денеска ние да ја завршиме процедурата по првата фаза. Мене воопшто не ми е јасно. Ако некому сте му дале збор, Не е битно, ако некој друг веќе се договарал, кажете да знаеме што се случува или ќе функционираме како Парламент, ако не дајте да си одиме. Тие што договараа од внатре и надвор нека дојдат нека решаваат место нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас овде наследувам само еден договор кој почнал и заради тоа се дало пауза. Договорот е постигнат овде во оваа сала и немојте да викате за притисоци. Какви притисоци? Никој не ме притиснал, овде сте дале идеи, сте се договарале, јас го наследив тоа. За тоа никој не е ограничен, меѓутоа, договори мора да постојат, ако постои договор нема никој право да го нарушува договорот, т.е. ако никој не ветил, пратеничката група ако не ветила ништо, не подлежи на тоа.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не мислев на договорот кој сега го постигнавме. Ве потсетувам дека уште синоќа ветивте дека денеска ќе работиме додека не се заврши точката. На тоа се однесува моето праеање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако седевте до 24,00, како што ви реков нормално ќе завршевме, се заморивте, на кондицијата попуштивте, што да ви правам.

Да одиме понатаму.

Има збор господинот Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, За времетраењето на оваа седница често пати менував концепт и размислување како да настапам, еве сега последната полемика околу времетраењето на седницата уште еднаш ми наметна размислување за мојава дискусија, но се надевам ќе бидам концизен и доволно јасен.

Почитувани пратеници, оваа седница или оваа состојба која резултира како посебна фаза од оваа состојба оваа седница, седница која, за жал, многу пати ми заличи на комеморативна седница, како комеморација, а многу пати заличуваше токму на предизборна кампања, а за среќа често пати личеше на она што треба да биде темелна, грижлива расправа по актуелните состојби и излез од кризата на Република Македонија и во секој случај оваа состојба и оваа седница се за мене логична последица од многу нелогичности кои претходеа на нејзе, од многу непринципиелности и многу недоследности. Затоа така ни изгледа оваа седница и затоа ни изгледа целата состојба.

Кои се партиципиентите или фактори? Со сите недоследности, непринципиелности и нелогичности на настани, на процени, на квалификации на состојби, на луѓе, на изјави, на решенија и тн. Секако дирекни учесници и фактори се граѓаните на Република Македонија преку партиите на македонскиот народ и албанското малцинство и меѓународниот фактор, Меѓународната заедница преку Европската унија, НАТО и нивните претставници во Македонија.

Точно е дека се е скоро елаборирано и јас би требало да повторувам многу искажани процени и оцени за состојбите ако зборувам и ги набројам сите нелогичности, непринципиелности и недоследности. Но, за да не биде така паушално кажано сепак морам неколку да напоменам и да укажам за кои недоследности станува збор. Прво, за позицијата на Република Македонија од 1990 година навака и проценката на меународниот фактор на развојот на демократските процеси во Македонија со тоа и статусот на малцинствата, граѓанските права, партиципацијата на Македонија во југословенската криза и

сите се сеќаваме оценките на Меѓународната заедница беа многу поволни. Значи нашето владеење се оцени како одлично, до косовската криза и ред други примери.

Тука беше вреднуван и нашиот статус, односно сета законска регулатива која ги регулира и се грижи за граѓанските права и правата на малцинствата. Тука беа добро вреднувани меѓунационалните односи во нашата земја за да во завршната фаза на наше големо разочарување ни беа наметнати сосема други опции, сосема други решенија и бевме окарактеризирани како земја која не нуди или не дава доволно демократски и граѓански права и права на малцинствата за да еве како рефлексија или како завршница ја имаме оваа седница која, како што изгледа, и како сме дојдени до оваа седница ни носи еден горчлив вкус и едно големо незадоволство, па она што го третира оваа седница најголемата и најчеста процена од дел од Парламентот како излез, како решение, како компромис.

Многу се дискутираше и, за жал, само на неколку пати имаше јасно соочување со она што се суштински проблеми и проблеми кои доведоа до оваа состојба во нашата земја. Некако круцијалните проблеми беа вешто одбегнувани веројатно од чувството дека некакво решение е неизбежно, дека решението е контролирано од моќните сили и оттука отсуството за поголемо дебатирање токму насочено кон сопствените проблеми, нашата малодушност во форма и смисла да излезаме од оваа криза, подобро да излеземе отколку да влеземе во поголема криза, како што би била војна и т.н., со најтешките квалификации до колку не се поддржи овој Рамковен договор и амандманите кои се содржани како решение во него, тие што не гласаат ќе бидат за војна и сето тоа направи многу мачна атмосфера и голема пресија врз сите нас за слободата во дискутирањето и во третирањето и отворено соочување со проблемите. Со цел да ја скратам дискусијата ќе се обидам да го задржам вашето внимание на она што јас го ценам како сериозен проблем за кој и порано сум разговарал, а тојпроблем е токму оној што порано го нарековме интеграција на албанското малцинство во севкупното живеење на РМ и задоволување на нивните национални права. Ние покажавме и во претходната фаза подготвеност за постепено решавање на тие проблеми, еве пример преку Законот за високото образование и воопшто за цело време имаше подготвеност да се комуницира, да се наоѓаат решенија, но што ни се случи? Всушност, јас цело време носам чувство на силувано и под страшна пресија од повеќе фактори пред се од албанската страна како партии на албанците, понатаму во завршната фаза силна пресија од меѓународниот фактор едноставно едно силувано водење кон решавање на проблемите кое никако, по мое мислење, не е вистинско решение, бидејќи за мене вистинското решение е спонтаното, природното доаѓање до решенијата преку таа интеграција за која е потребно време, потребна е стрпливост, но пред се преку разбирање меѓусебно. Цело време зборуваме за правата и потребите на албанското малцинство, а помалку е елабориран нашиот проблем, нашите потреби, бидејќи овој компромис, ако може така да се нарече, сепак се работи за компромис, биле потребни и се правеле секогаш, овој компромис има многу прашања. Со што правиме компромис, со кого правиме компромис, за што правиме компромис, правиме не само за сегашноста и иднината, туку компромис и со минатото. Тоа е широко прашање и вака накратко со кого правиме компромис? Дали правиме компромис само со албанците во Македонија? Имаме толку показатели дека всушност правиме компромис и со албанците од Косово, правиме компромис и со албанците од Албанија иако е во закриена форма, но сите сознанија покажуваат дека во добра мера се пратиципиенти во целата состојба. Правиме компромис и со други кои не се директно инволвирани, меѓутоа посредно и те како се заинтересирани за текот на настаните, за решенијата кои ќе уследат по оваа седница и по наредните настани. Тука малку ќе елаборирам. Ќе земам пример амандманот кој се предвидувае бришење на преамбулата и правење нова преамбула од која дефинитивно отпаѓа зборот "македонски и македонци". Тоа не е компромис само со албанците или не е нивна потреба дури јас би рекол дека и не е нивна суштествена потреба дури ми е чудно по малку што толку стојат зад тоа барање.

Ако ги следиме настаните, а сите ги знаеме состојбите, едно такво барање е повеќе потреба на Грција дури и на Бугарија или дел на бугарите и дел на бугарските партии. Што носи оваа работа? Ние имавме проблем со името и сеуште го имаме не Република Македонија, туку Поранешна Република Македонија, во 2002 година е крајниот рок за решавање

на проблемот со името, незнам до кога ќе биде, но првобитно кога влеговме во ОН се кажа за неколку месеци за дефинитивно решение, но очигледна е тенденцијата да не се манипулира со името Македонија и македонци. Сега господа албанци ви се обраќам вам, слушале или не, на оние што слушаат ако вие зборувате за коегзистенција и желба за соживот, се декларирате дека Македонија е ваша држава, ваша земја и не гледате други решенија, ги отфрлате обвинувањата дека ваша цел е голема Албанија, територијални претензии, ако навистина се декларирате и она декларираното навистина стои во вас дека сакате соживот со нас и почите, ако живеете со некој прво треба него да го поддржите.

Вие како пратеници и еако припадници, како граѓани на оваа држава, вие што живеете со македонците, вие кои не сте биле изложени на репресии, како што денеска се изложени од ваши припадници на репресии ако навистина стоите на опцијата за соживот со нас вие најповеќе треба да не поддржите и не да не барате промена на преамбулата и во нејзин состав да биде името Македонија и македонски народ. Ако сте за соживот, ако сме браќа во местото на живеење, во една држава, за оваа држава вие прво треба да ја дадете поддршката, а не да барате да се мени преамбулата.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

И, можеби и вие ни го оспорувате името и припадноста. Имаше некој кој и тоа го чинеше. Тоа е тезата за Славомакедонците и за Славјанството итн. Славјанството е работа која што треба да се преиспита, а ние како што рекоа и другите едноставно сме Македонци, сме биле и ќе бидеме. Поимот славјанство и суштината на неговото значење точно е дека обединува многу народи и огромен број на луѓе, огромен број на народи. Меѓутоа, употребата како предзнак или префикс на наше име Славомакедонци, тоа е во најмала рака тенденциозно и злонамерно. Тоа е во најмала рака потреба, од ваша страна и вие ако тоа го чините е соучеснииштво или влегувате во иста игра со сите оние кои досега со судни маке се бореле да ни го оспорат името и националниот суверенитет, името на нашата држава. Оттука, значи, тешко, а да не е само декларативно она ваше тврдење дека сакате, дека немате никакви територијални претензии, односно не сакате никакво обединување, Македонија е ваша држава и со нас ќе живеете. За ова тврдење да го оспорам ќе земам еден пример или ќе продолжам уште малку да објаснам. Коегзистенција, прво, со нас господа Албанци, со Македонците во Македонија. Не може коегзистенција прво со вашите сонародници во Косово и Албанија, а после коегзистенција со нас. Разбирлива е грижата, желбата и поврзаноста меѓу вас и тоа е сосема во ред. И да внимавате за себе и да се грижите за вашите судбини, било да сте во Македонија, во Косово или Албанија, но коегзистенција со сите ваши сонародници надвор од нашава земја преку изградени ставови овде во оваа земја и пред се коегзистенција со Македонскиот народ. Зошто тоа го велам? Заради тоа што цело време, не што јас имам чувство, туку тоа е кажано од многу други и пред мене и по мене и во земјава и надвор од земјава. Дека многу сте блиску или идентично, идентична е вашата платформа со онаа на Милошевиќ со Србите, сите Срби во една држава. Тие така ја имаа поставено релацијата или пропишано такви релации, сите Срби мора да бидат во една држава и така ги држеа сите Срби од Кринска Краина до Хрватска и не знам каде. НАТО што верувам и кај вас е присутно, бидејќи е чуено за тоа да се задржи така и да биде така сите оние кои беа колебливци или не беа сосема спремни да ја прифатат таквата теорија и опција, едноставно беа заковани за ѕид во принудата, или сте со нас или сте против нас односно предавници. И, така сега имате едно сеопшто албанско движење. За да го потврдам тоа и да потврдам многу други работи, сега ќе се послужам со еден стеногрем од седницата на која што требаше да го ратификуваме Законот за граници односно границата меѓу Македонија и Југославија. Тогаш, излезе г. Положани и побара точката од дневен ред да се отфрли и да се одложи за подоцна со следново образложение. Меѓу другото вели: "Затоа, во името на пратеничката група на ПДП, ако е деловнички можно, тука така да се интервенира, јас би предложил оваа точка да се одложи од денешнава седница, значи, да се одложи ратификацијата на Договорот поради две причини. Првата, поради тоа што ние цениме дека моменталната состојба на северната граница е загрижувачка и нестабилна, па една таква ратификација можно е да придонесе кон несакан правец во овој поглед односно може да му долее бензин на веќе постојниот оган. Второ, такво одложување би придонело да се создадат услови за консензуален пристап на сите фактори во регионот, што не би било паметно и далековидно да не се земе предвид. Мислам дека таквиот пристап би дал позадоволителен и по содржина би било гарант за долгорочна стабилност во регионот". Тоа е во процедуралниот тек кога

бараше одложување. Понатаму, во дискусијата вели "очигледно е и не е тајна нашето различно мислење е всушност политичко размислување за состојбите во Косово. Значи, се знае што е наша определба, ние го поддржуваме отвореното барање на Албанците на Косово за самостојна држава. Тоа беше нашиот ангажман и перманентно ќе биде. Нашата активност ќе ја насочиме кон таа насока. Тоа нема да го правиме ниту тајно, ниту нелегално, туку тоа ќе го правиме со нашите политички средства до мерка која зависи од нас. Нормално, имаме право на тоа да го искажуваме и тука". Понатаму се вели: "Затоа, предложив оваа работа да не ја оставиме засекогаш, туку сега да ја одложиме, заради фактот што ние имаме пракатички проблеми кои се и сегашни од овие денови кога ќе ја прочитаме спогодбата јас можам да најдам начин како ќе ги решиме овие проблеми. Со право колегата Хаџиреџа укажува на членот е каде што се предлага начин на решавање на меѓународните и на меѓу граничните контексти. Јас предложив во име на групата одлагање на моменталниот попис на овој договор, поради потребата од одлучување по овој договор или на некој начин приклучување на релевантните фактори во регионот, кои би можеле да имаат влијание во такви несакани состојби за нас. Јас мислам дека со ратификацијата на оваа спогодба имаме партнер со кого го решаваме и овој проблем што сега е во Танушевци". Значи, ова беше непосредно пред Танушевци. Господинот Азис Положани ни претскажа нешто, очигледно нешто знаел пред сите нас што ќе се случи. "Од таа гледна точка јас мислам дека има место и за такво размислување, затоа што проблемите се очигледни и тоа што го нуди овој договор, не нуди решение овој проблем да се надмине, како што е сега, а се надевам дека нема да има и други такви". Видете, само низ овие прочитани работи може да се зборува многу долго и јас ќе се обидам пократко да зборувам.

Овде ќе се навратам на позицијата на Албанците, сега ова ми даде малку инспирација да се потсетам на тврдењето на пратеници од СДСМ дека војната ни се случи и да окарактеризира тој почеток во Танушевци како некоја банда, како некоја групичка, така им текнало се собрале, криминогена група итн, а за тоа ние сме доцнеле, да сме интервенирале веднаш, да сме избришале, војната би била стопирана. Јас не можам да разберам, дали вие навистина не сакате да видите, не можете да видите и да направите добра аналитика и преглед и на она што претходела на оваа криза не е една или две години, туку 50 години, или од политички аспект така мудро гледиште не сакате тие појави да ги окарактеризирате и да им дадете третман онаков каков што е. Или пак, токму навлезени во политичката кампања за наредните избори манипулирате и си ги корќстите аргументите онака како што вас ви одговараат. Па, гледајте сега. Господинот Азис Положани пред да настане почетокот на кризата, пред да настанат воените интервенции и оваа криза ни укажа дека, внимавајте, ако го донесете овој закон ќе имаме работа со вооружена агресија од Косово. Господа, ние ја имавме и сеуште ја имаме. Тоа е третманот. Значи, таа не била војничка, туку така почната, таа е војна спрема нас и тоа е јасно. Јас многу ве почитувам, бидејќи поголем дел од вас имате поголемо политичко искуство од мене во секој случај. Затоа, морам да ве почитувам и затоа тврдам дека знаете и сето тоа ви е познато. Сега, како го прикажувате, реков од кои причини е можно така да ги прикажете работите. Можеби и од коалицијата која се назира во иднина со ПДП и со Албанските пратеници.

Да се вратам, од ова што го прочитав излегува друг заклучок, многу јасен заклучок и она што го тврдев пред малку дека Албанците и овде и во Косово и во Албанија ги гледаат работите заеднички и решавањето на нивниот проблем е заеднички. Ако г. Азис Положани каже дека тие се за Република Косово и дека секогаш ќе се борат за Република Косово. Значи, логична последица на тоа, очекувана последица, очекувани дејствија, упадот на претставниците на УЧК од Косово помешани со жители Албанци од Македонија во вооружени воени формации и агресијата во Македонија. Значи, се борат заеднички. Не е само политика господине Положани, туку и воено се борите вооружено во Македонија. Вие рековте за Косово, немате да се борите поинаку сега со политички сили, но еве за жал, се случи со Македонија да се борите вооружено и се пролеа крв, а таа војна е веќе крвава. Зошто сето ова го кажувам? Декларативното и практичното од аспект на доверба и правење компромис, но за компромис треба доверба, а за довербата треба показатели или нема показатели. За резултатите од компромисот исто така има показатели или нвма показатели. Нема показатели и нема што да очекуваме. Не верувам, искрено не верувам овој компромис што се нуди низ оваа форма не верувам во успех, бидејќи како што рече некој, ние зборуваме за последиците, отстранување на последиците, причините, суштината што е

генератор на ваквите движења ја имаме. Суштината е вашата позиција како Албанци во Македонија еднаш за секогаш треба да ја поставите така, Албанци во Македонија и вашето живеење во Македонија, вашите права, вашиот развој, вашиот просперитет во Македонија низ се она што значи регулатива од Уставот до сите подзаконски и законски документи. Овде е пречка што јас така мислам, верувам дека и многу луѓе истото го мислат, кај вас дебело и одамна е присутна и навлезена идејата, идеалот за голема Албанија. Така размислувате. Затоа, сите дејствија, пред малку реков, нелогичности недоследности, непринципиелности имаат таков призвук. Еве, уште еднаш можеби јас ќе бидам банален, ако сте за соживот не можевте и не смеевте да кренете рака на Македонец и на Македонскиот народ, прво од повеќе причини. Заради она што досега било соживот меѓу нас, за сета толеранција, уважување и почитување, за сето она што го сторивме за Косовската криза, а не можевте најмногу за иднината. Не може да стане збор за ваша опција за соживот во една држава а да кренете рака на Македонците. Сега, можеби ќе се испостави дека не сум прецизен, им се обраќам на Албанците, ќе речете не сме ние. Ајде еднаш да видиме јасно оградување од она и од сите терористички вооружени, екстремни, како сакате наречете ги, банди. Има такви обиди, тоа се правело, меѓутоа, не го имате тоа сторено за да бидете убедливи. Напротив, ние цело време следиме една перфидна вешто и мудро организирано дејствување во сите сегменти и на сите начини, од воено до политички итн. Ова го зборувам токму заради ова што денеска е понудено. Понудено е оваа точка на дневен ред да се пристапи'кон промена на измена на Уставот. Тука, не можам, исто така, да не речам, каде што се соочуваме со една страшна непринципиелност и недоследност. Кој е парадоксот? Во основните принципи, сега ќе бидам подраматичен, во кои стои "Целосно и безусловно се отфрлува употребата на насилно остварување на политички цели. Само мирни политички цели можат да гарантираат стабилна и демократска Македонија". Морам да повторам јас, основниот принцип овде срочен како крајно голема непринципиелност. Ние влегуваме токму во оваа постапка во време, актуелно време на употреба на сила, на терор и самата постапка се прави во голема мерка со сила и во еден општ амбиент на принуда и на присила. Втор принцип: "Суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се чуваат. Не постојат територијални решенија за етнички прашања". А, сведоци сме токму на територијални решенија заеднички прашања. И, токму сме сведоци на борба за територијални решенија на етнички прашања. Така што, значи, не само што претходеа нелогичности и непринципиелности, туку и во тек се, актуелни се голем број непринципиелности и недоследности. Тука имаме таква појава во голема мера и од меѓународниот фактор и коментарите се веќе искажани, но јас би сакал во три збора да кажам дека меѓународниот фактор со партиципација во овие преговори со нивните олеснувачи, меѓународниот фактор почитуван како збор на земји со многугодишно или голема традиција на демократско уредување на земјата преку парламентарниот систем, меѓународниот фактор токму тој го омаловажи и го стави во подредена улога Македонскиот Парламент. Ние баравме долги месеци работа на Парламентот и заклучоци и разгледување на безбедносната политичка состојба во Македонија, меѓутоа, не ја имавме, а сме имале за многу пobанални точки, како што беа локалните избори или прислушувањата и не знам што се друго. Ние ја немавме таа можност, а сега кога ја имаме директно сме ставени пред свршен чин, или ова, така беше кажано од тие претставници на меѓународниот фактор, или ќе ги донесете овие амандмани односно го прифаќате Рамковниот договор со анексите, што значи донесување на амандманите, или сите што не гласате сте за војна. Јас со три збора би сакал да кажам нешто и за прашањето на војната. Војната никогаш не била наш избор од почетокот до денес. Војната ни е наметната и војната е токму употребена во функција на постигнување на политички цели. Кои кумувале на таа војна е јасно. Јас ќе кажам отворено меѓународниот фактор, НАТО и другите европски земји, поединечно или заеднички. Војната е токму предизвикана поради постигнување на политички цели, а сега ние сместавени како фактор, пресуден фактор на одлуката, ќе имаме војна или нема да имаме војна. Некој друг ја почна војната, некој изврши огромен терор, огромно палење, терор во различни форми преку етничко чистење, терор преку киднапирање, преку силувања, преку ма;третирања и не знам кои се форми физичко измачување, а ние сме факторот за војна или за мирот. Видете, нашата опција секако не е војна, меѓутоа, јас да ви кажам, војната во светот откога постои човештвото е присутна, како што имаме воздух, вода, земја и оган, така имаме во животот, откога постои човекот имало војна. Јас уште од почетокот на

предупредувањата од нашата пратеничка група и нашите луѓе треба да внимаваме да не се создадат услови за граѓанска војна, за фронтален судир на албанскиот и на македонскиот блок, а јас реков, па зошто само ние да се плашиме. Зошто на тоа не треба да внимава и албанскиот блок и зошто и тие не би се плашеле. Зошто тие дури и повеќе од нас не се плашеле. А, сега, ние треба да ја понесеме одговорноста и ние пак најмногу да стравуваме од војната. Војните биле и ќе бидат. Прашањето дали ќе има војна или не е прашање на барем две страни. Во Југославија имаше војни, во поранешните простори на Југославија и често пати одеа обвинувањата, исто така, третирани учесниците во војната како да се сите страни инволвирани во војната, предизвикувачи на војната. А, сите ние знаеме дека дефакто сите војни во поранешните простори на Југославија, во Хрватска, во Словенија и во Босна ги предизвика Србија, со конкретни радикални цели. Протекторат на целата територија на Југославија или во најмала рака формирање поголема Југославија, отколку што била дотогаш. И, прашањето на Милошевиќ и одговорноста кога некој ја прикажува така хипотетички или во скриена форма е со извесна асоцијација на некои луѓе во нашата држава.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ**: (продолжение)

Во врска со прашањето за Милошевиќ, мислам дека има типови и овде како Милошевиќ. Меѓутоа, да го побараме, или да го терминираме во група, или во личност. Јас би рекол да го терминираме во група, бидејќи Милошевиќ беше само како експонат, односно нуз производ, на едно колективно, однесување или владеење. Тоа беше колективно третирање на проблемите. цела Србија живееше со идејата за голема Србија. Тие сонуваа за Македонија како јужна српска бановина, сонуваа за Краина и верглаа со силата што ја имаа. А тие ја имаа силата. Тие располагаа со најголема сила во Југослаивја. Мислеа дека тоа ќе го решат со силата меѓутоа, тоа не го решија. По таа аналогија сега ние да го побараме овде типот на Милошевиќ, односно групниот профил на Милошевиќ. Јасна ни е која е опцијата милошевичка. Албанската ни е милошевичка опција. Кои сте со неа, определете се јасно и чисто. Тоа да го направите толку убедливо, па дури да ви верувам и јас. Јас сум верувал во тоа, и сум имал голем респект кон тоа па и сега го иамам: Дали тие елементи се елементи на милошевство. Тие се елементи на големо државничка политика. Македонија нема големо макеоднски претензии. Македонија жална, веќе не мисли да биде жална. Свесна е за целата политичка состојба, во регионот, и во светот и свесна за тенденциiите на целито свет. Ние нашата шанса за нашите браќа во Пиринска и во Егејска Македонија ја гледаме преку глобализацијата, преку вистинско продирање на демократските принципи во целиот свет, преку европизација, каде ќе завладејат политичките, економските и моралните принципи на балканот.

Ние не ги повикуваме и не се повикуваме за кревање на гласот, бидејќи знаеме што ќе ни се случи. Знаеме што ќе се изведе од тоа и за нас и за вас, и за сите. Ние ја гледаме вистината во вочи, бидејќи животот не научи. Ние имаме причини за тоа. И тоа какви причини замислете, демократски права, малцински права, или историски права, или човечки права. Што ни се случува? Ни се случи геноцид . Во Егејска Македонија имаше егзодус, исто така со палење на куќи. Како ние сега, во нашата Македонија, во државата независна Република Македонија, во која имаме соживот, истото да ни се случува. Во Албанија, во која, во извесна мера, имаа малку повеќе права нашиот народ, односно македонското малцинство, и таму, г-да пратеници, не беа тие права ни приближни до оние права, кои ги уживаа албанците во Македонија. Тоа ќе ви го кажам со еден пример кој секогаш сум го експлоатирам, па и сега ќе го експлоатирам. По паѓањето на Енвер Хоџа, ми дојдоа две братучетки од мојата жена, чисти македонки по крв, ниеден македонски збор не знаеја да кажат. Зборуваа само албански. Вие секако, претпоставувате зошто. Затоа што, правата кои беа дадени во Албанија , по 1945 година, беа само миење на совеста и потпишување некој статус, заради човековите права, меѓутоа, тоа не беше ни далеку исполнето. Имаше таму деца кои учеа на својот мајчин јазик, меѓутоа , тоа беа многу мал број деца. Истата ситуација ја имаме и во Бугарија, а Грција воопшто не не признава ни како нација, ниту ни го признава името. Па, што ние да мислиме. Вие предлагате ние тоа да го отфрлиме од преамбулата. Што ние да размислуваме за вас. За каков компромис станува збор? Јас сум имал многу пати средби со претставници на Меѓународната заедница, од ЕУ, од ОБСЕ и тн. и сум го кажал следново што се однесува до правата на мнозинствата: Таа Европа да направи солидна мониторин мисија и да ја сними состојбата за малцинствата во тие балкански земји: во Албанија, во Бугарија, во Грција, во Србија и тн. Потоа, да излезе со една прецизна слика колку македонци живеат во Албанија, и колку други националности, колку живеат во Грција, колку во Бугарија, колку живеат во Македонија албанци, грци, бугари и со една

вистинска слика, кога ќе ја имаат, да ја свикаат балканската конференција, на која во пакет ќе ги решаваме работите. Тоа е илузија, нели е така? До колку зборуваме за некои права, а вие барате права, не случајно го зборуваме тоа, правата , господа пратеници, сакале или не, а вие за тоа сте свесни и ќе признаете, дека никогаш не се доста. Вашите барања ги почитувам, како чисто човечки барања. Од човечки аспект тие се во ред. Меѓутоа, од друг аспект, тие не се во ред. Како што не се од аспект на организирање и функционирање на државата, туку се во ред од аспект на почит меѓу нас и вас. Како што не се во ред и вашите и нашите интереси, пред другите фактори. Сега би привршил, иако сакав уште доста да зборував, меѓутоа ме предупреди г-динот Андов дека треба да ја финиширам дискусијата.

Конечно, зошто со задоволство не би гласал? Можеби и нема да гласам. За почеток, за пристапувањето кон измена на Уставот, заради тоа што, самата процедура е наметната и е ставена, во крајно неблагодарни и крајно неподносливи и некоректни услови и амбиент. Со самото тоа, јас мислам дека ова ќе биде осудено на неуспех, или низ ефектите, низ појавите што ќе ги има во иднина, ќе бидат можеби по поразителни.

Г-динот Никола Поповски рече дека важно е да излеземе од оваа криза, односно да ја избегнеме. Јас го велам ова:"ако излезеш од нешто, навлегуваш во нешто друго". Бидејќи, секаде сме некаде и во нешто. Се псотавува прашањето, од што излегуваме и во што влегуваме? Јас ќе ви кажам дека со големо задоволство не би гласал за промена на Уставот, заради тоа што, во истиот овој момент, се кршат принципите, кои се наведени како основни принципи. Во истиот овој момент нашиот македонски народ е подвргнат на страшен терор и судбината му е неиз-весна, и иднината му е неизвесна и неможе никој да му гарантира, понатаму, да се понуди, трето, четврто и петто решение и тие, кои ќе бидат понудени решенија.

Што би ме спречило да гласам за ова решение, односно за овој документ. Уште кога почнаа преговорите за името на Македонија јас , и многу други бевме категорични дека ваква работа не смее да се прифати. Исто така кажавме дека не смеат да се прифатат преговори за името. Нашето име, е само наше име и само ние господариме со нашето име. Кој што сака да го прифати, и кој што несака да го прифати тоа е негова работа. Тоа беше исто така, случајот и со знамето. Меѓутоа, Уставот е жива материда, која , навистина, треба да ја прилагодуваме на потребите потребите на решавањето на проблемите и потребите на сите граѓани на оваа земја. Меѓутоа, денеска, токму од наведените причини, би ми било многу тешко да прифатам пристапување кон овие измени. Единствено, стои едно издржано размислување дека не треба во стартот ниедна идеја да ја прекинеме, бидејќи ќе имаме расправа по Рамковниот договор , по сите точки, и анексите, а воедно, ќе има расправа и во врска со амандманите. Јас си го задржувам правото и овој пат нема да се изјаснам , се надевам дека не зборував многу долго и се надевам, од ова што го кажав беше разбиливо и ќе биде прифатено како порака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. пратеник Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, На почетокот би сакал да кажам нешто за условите под кои ја започнавме и ја држиме оваа седница. Мислам дека оваа седница не требаше ниту да ја почнеме, поради четирите услови кои биле договорени пред потпишувањето на Рамковниот договор. Јас незнам, зошто се криеше од нас, и затоа, освен премиерот, и сите други потписници, сеуште молчат. Сега се случува седницата да ја држиме во услови, кога не се почитува ни примирјето и секојдневно се случуваат провокации и имаме безброј прекини на примирјето.

Од друга страна секојдневно гледаме , дури и тука во паркот пред Собранието, македонци, жени и мажи, и стари луѓе , плачејќи раскажуваат за ужасите од теророт, за џверското изживување врз недолжни цивили и насилството на албанските злосторници кои дивјачки влегувале во нивните, и тепале, и убивале, ограбувале и со сила ги прогонувале од нивните домови, и им ги палеле куќите.

За секој човек, тоа претставува една потресна слика. Во такви околности, кога во Македонија има над 72 илјади такви жители ние тука во Собранието, треба да работиме со мирна совест, или како што кажа некој, без емоции , да гласаме за нешто , што наводно, го бараат оние што тоа го направиле.

Втора работа, за што сакам да зборувам е следната: на самиот почеток од Рамковниот договор, на првата страница во Глава 1, како основни принципи, под 1, 1 стои:"целосно и безусловно се отфрлаат употребата на насилство , за остварување на политички цели". Тој принцип, е наведен , како прв од основните принципи, во Рамковниот договор. Тој принцип, дури е наведен како прв, од основните принципи од

Рамковниот договор. Но, и најголемит подржувач на Договорот, г-динот Бранко Црвенковски, немаше храброст, за првиот принцип, во својата дискусија го кажа како последен. Ние сега имаме целосно, и безусловно отфрлање , со употреба на насилство да се остваруваат политички цели , а ќе го направиме сосема спротивното. Бидејќи до ова се дојде токму, со употреба на сила, или оружје, од страна на албанските терористички банди, токму заради остваруваше на политички цели, па затоа, придружувајќи се на тој основен принцип на Рамоковниот договор, ние што треба да направиме? Да ги отфрлиме целосно и безусловно уставните промени. Така пишува во Рамковниот договор. Нам што ни се нуди со Рамковниот договор. Во уводот на Рамковниот договор се вели: со него се обезбедува развој на демократијата во Македонија, развој на граѓанското општество во интерес на сите граѓани на Македонија. Тешко држат таквите констатации, бидејќи со него, со раз-војот на демократијата, се нуди консензус. Наместо развој на граѓанството, се нуди биетничко општество, односно, нешто што е во спротивност со стандардите на европската демократија. Дали ова општество е во интерес на сите граѓани, јас за тоа незнам. За да се тврди такво нешто, треба да се прашаат граѓаните. Најдобро тоа треба да се направи преку реферецдум. Без референдум таквото тврдење не држи и јас во него не верувам.

Понатаму, во текстот на Рамковниот договор и во амандманите на Уставот, се случуваат чудни синтагми. Како на пример, наместо "терористи" стои"етнички албански вооружани групи", како да се работи за некое"ловечко друштво". Наместо"македонци", е дефинирано, "мнозинско население", наместо "малцинства", стои "заедници" кои не се мно-зинско население. На неколку места, македонскиот јазик , иако е службен на целата територија, се додава како дополнителен. На повеќе места се среќаваат некои недефинирани, како што стои, "страни", веројатно во Договорот. За некои амандмани, експлицитно се наведува дека ќе важат , како што стои , "низ цела РМ", како другото од Уставот да не важи за цела територија на РМ.Јас не сум стручњак по уставно право, меѓутоа, за мене тоа се чудни решенија, со чие имплементирање во Уставот, Македонија ќе ја претвориме во поле , уште еднаш на низата експерименти, како што беше, со знамето и со името. Еден пратеник од СДСМ , ме убедуваше , дека треба да се гласа и дека тие ќе гласаат без притоа, да се избрише ниту една запирка во Договорот, или од предложените амандмани, затоа што, така било потпишано во Охрид. Меѓутоа, што се случи? Во тој случај, ние ќе добиеме Устав, со еден куп недоречености и недоследности, нејаснотии па и смешни работи. Еве, да ви кажам еден пример: На многу места на пример, кај гласањето стои , цитирам: мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, кои тврдат дека припаѓаат на заедници, кои не се мнозинско население во Македонија. Јас на пример како пратеник , еве сега, тврдам дека припаѓам на една заедница, која не е мнозинско население во Македонија, а за тоа имам и документ. Јас припаѓам на месната заедница "Браќа Гунови" од Кавадарци. Што значи, дека сите 120 пратеници,ќе можат да гласаат, како што се вели, како припадници на месни заедници, кои не се мнозинско население во Македонија, што навистина е апсурд. Се прашувам дали ова е решение за кризата? Никој во Македонија не верува дека кризата може да биде решена со законски или уставни промени. Бидејќи корените за неа не лежат, ниту во Уставот, ниту пак во законите. Причината е едноставна, борба за голема Албанија. Тоа на сите им е јасно.

**ИЛИЈА ПЕМОВ**: (продолжение)

Со прифаќање на овие права, или отстапки кон албанците, ние не го решаваме проблемот со кои се соочува Република Македонија. Што значи дека нема да добиеме траен мир. Проблемот не само што ќе остане отворен, не само што ке биде одложен, за подоцна, туку со вака дефи-нираните отстапки само ќе се создадат услови за негова подоцнежна еска лација. Зошто мислам така? Затоа што со овој предлог пакет не се реша-ва проблемот, или борбата за голема Албанија, затоа што со овој пред-лог ни се нуди решение на некој друг проблем, а не на оној кој што треба да се реши. Ако прифатиме 20% да е некоја дефинирана граница за некакви било какви малцински права на локално ниво, тоа ќе доведе до вистинска борба за достигнување на тој процент, повторно ќе имаме уште повеќе и зголемување на наталитетот и купување на имоти и етнички конфликти, тероризам и ќе добиеме всушност уште повеќе, или уште поголемо етничко чистење. Од она што досега го направија терористите во Македонија токму тоа што сака да се избегне, со ова ќе го имаме во многу посериозна димензија.

Постои уште една многу битна работа која треба да се има во предвид, тоа се гаранциите. Во предлогот нема никакви гаранции дека со неговото прифаќање ќе се смири состојбата во Република Македонија. Ако ние го прифатиме, кои се гаранциите дека засекогаш ќе престане албанскиот

екстремизам и тероризам. Ако тоа од нас го бараат, зошто тогаш Европската Унија, САД и НАТО не дадат, или потпишат цврсти гаран ции за тоа. И да изгласаме уставни промени, мислам дека со тоа тешко да се реши проблемот. Ниту ветувањето за мир од страна на Албанците не се никаква гаранција. Можеби западните политичари им веруваат, но после се ова што во Македонија го направи Албанците, нивните паравојски, герилски банди, но и нивните политичари, навистина незнам. Многу е тешко после сето ова што се започна без никаков повод да им веруваме. Затоа, кај македонците преовладува огорченост, затоа што им примивме 370 илјади бегалци, им дасдовме државјанство на многу дојденци од Косово, им се даде амнестија, универзитет, а тие никогаш ниту го истакнале македонското знаме, ниту ја исполниле македонската химна. Би рекол што е најгрозно, дури никогаш не ги осудијаѕверските терористички акции. И сега не можам да сватам, не ми е јасно како можат албан ските пратеници тука мирно да седат и да глумат некакви цивилизирани демократи кога ниту еден од нив не ги осуди убиствата на полицајците и војниците на Република Македонија и тоа масакрирани или убиени на ѕверски начин, кукавички, во заседа, или од грб, или убиствата на недолжни цивили и сите зулуми кои ги направија терористите во Македонија во изминатите неколку месеци. Треба да помине многу време албанците со своето однесување во Македонија да ја повратат вербата во нивните искрени намери дека се за заеднички живот со Македонците и со другите малцинства во Македонија. Но, сега незнам, јас некако не им верувам. Еве, случувањата од парафирањето на договорот само го докажаа тоа. Од тогаш беа убиени 20 војници и полицајци и уште неколку цивили, извршија безброј прекршувања на примирјето, срушија, минираа, неколку објекти во Тетово, притоа убивајќи недолжни цивили. Дали тоа беа пораките за мир, со кои се расфрлаа албанските политичари, дали тоа го направија борци кои се борат за човекови права. Притоа, настрадаа и сахрални објекти од непроценливо богатство и историско значење за државата. Со минирањето на манастирот во Лешок каде никогаш и не живееле Албанците, се посебна по идентитеот, по традиционалното црковно и културно историско богатство и наследство на македонскиот народ. Тоа исто го прават и со нарекување на македонците со различни имиња како славомакедонци, православни, словени итн. Сето тоа според мене покажува јасна намера за обезличување на македонскиот народ и држава, истото што всушност се нуди и со ваквите промени на Уставот.

Ниту мисијата "жетва" и прибирањето на оружје не се никаква гаранција, бидејќи разоружувањето на терористите претставува повеќе фарса отколку залагање за мир. Операцијата "жетва" започна кога прво меѓусебно се испазарија НАТО и Албанците,или терористите од ОНА колку оружје треба да се собере без да се прифатат мислењата на нашите претставници и институции. Јас незнам зошто се вели разоружување на терористите бидејќи НАТО воопшто не ги разоружува, туку само го прибира доброволно оставеното оружје. Тоа ли е преземањето на енергична акција за разоружување на терористите кое ни го ветуваа западните емисари. Наместо тоа добивме потполно неефикасна мисија на НАТО со ефект еднаков на нула. Таквото спроведување на мисијата воопшто не може да го поврати сериозно нарушените авторитет на НАТО.

И најпосле пак според нато, не тие, туку нашите безбедносни сили на крјаот ќе треба да се справуваат со АНА, или со оние терористички структури кои што останале од таканаречената ОНА. Затоа воопшто ме ме зачудува прашањето кое ми го поставуваат граѓаните, а тоа е зошто ни е тогаш НАТО во Македонија? Сите се сеќаваме на ветувањата од страна на челниците на НАТО, нема уставни промени без разоружување на терористите. Во врска со собраното оружје ние пред почетокот на оваа седница добивме известување во кое се вели дека наменските сили жетва до 30 август ја собрале потребната количина една третина од оружјето на таканаречената ОНА. Но, со тоа, со тие документи освен тоа не добивме никакви детали, колкав број, каков тип потекло, старост, исправно, неисправно, неупотребено, употребливо, неупотребливо итн. А сите видовме многу музејски експонати и пушки малихери. Притоа, невидовме ниеден примерок од западно потекло. А на сите ни е јасно со што располагаат терористите.

Во една реклама на НАТО мисијата "жетва" во нашите весници можев-ме да видиме дека стои наслов цитирам: "Собирање на оружјето импресивен почеток". Се прашувам со колку и какво оружје можеле да се импросионират војниците на најсилната армија во светот, или воена сила во светот. Сигурно не од количините. Па тие во едно свое возило носат многу пати посилно оружје од сето собрано досега. Но, потполно е разбирливо бидејќи навистина се импросионирани од ретките антички примероци на оружје какво што тие немале прилика да видат, освен ако

претходно не посетиле некој наш музеј. Некои луѓе тврдат дека и со тоа оружје се убивало. Јас незнам како може да се убие со неисправна пушка, освен ако со неа удрите некого по глава и тоа силно. Но, тоа можете да го направите и со обичен стап. Додека по медиумите ги гледавме терористите како се шетаат со сателитски телефони и Лаптоп компјутери, ние треба да поверуваме дека ОНА располага само со 3300 пушки и тоа музејски примероци. Самите луѓе на нато потврдија дека 30% од предаденото оружје е неупотребљиво. Јас незнам зошто се брои и тоа оружје ако е неупотребливо. Според пишувањето во печатот тие собрале 1251 парче оружје, односно повеќе од една третина од договорените 3300 парчиња. Но, ако од тие собрани 1251 отфрлиме 30%, или 375, остануваат 876. Значи не е собрана третина од 3300, или 1100, туку само 876. Со тоа не е исполнет ниту тој услов за започнување на оваа седница. Незнам, може би грешам, но така е кога за тоа читам од медиумите, кога за тоа немам никакви информации. Вака може да се случи Собранието и да го промени Уставот, а оружјето и тоа целото оружје да остане пак кај терористите, па конфликтите во Република Македонија и натаму да продолжат. Незнам кој тогаш ќе биде виновен за тоа.

Во весниците и на телевизиите во Македонија одат реклами, некои чудни реклами за да се прифати договорот. Дури слушам, или прочитав дека и американците планирале некаква кампања за која што мислеле да одвојат 250 илјади долари за прифаќање на договорот, односно да не убедат, односно да го убедат македонскиот народ да го прифати тој договор. И ајде што тоа го прават, или сакаат да го прават американците, но сведоци сме дека тоа веќе го прават некои наши. Тие што мислат дека ТВ реклами можат да го убедат народот да прифати уставни промени, со тоа на најбезобразен начин го потценуваат својот народ. Војна, или мир. Слушнавме повеќе пати досега дека ако не сме го прифатиле договорот, или уставните промени во Македонија ќе имаме војна. Прашањето дали ако го одбиеме договорот ќе има војна поред мене е по полно еквивалентно со прашашето дали ако го прифатиме договорот ќе имаме мир? Граѓаните ако ги прашате сите до еден веруваат дека н ие ќе немаме мир во Македонија без разлика дали ќе се прифати, или не овој договор. Рамковниот договор не е мировен договор. Ако е, тогаш зошто не се вика мировен договор. Затоа ние денес не одлучуваме помеѓу војна и мир. Ова што го имаме на дневен ред, не е тоа. Ние пред себе имаме само предлог за менување на Уставот и потоа неколку закони. И да се прифати сето тоа ние во иднина ќе бидеме соочени со тероризам и тоа можеби од поголеми размери. Се додека албанците не ја реализираат својата идеја за голема албанија, или доколку, или додека западните земји не се освестат и престанат да им помагаат во тоа. Затоа мислам дека ова денес воопшто не е одлучување помеѓу војна и мир. Граѓаните и нас пратнеиците не треба да не заплашуваат дека во зависност од тоа како ќе гласаме, ќе има, или ќе нема војна, бидејќи војната не започна и не трае заради никакви права и со давање на некакви права, ние неа нема да ја спречиме. Мислам дека во тоа и не е проблемот. Проблемот денес е во тоа што ни се предлага да прифатиме од тоа што се нуди предлог во кој нема повеќе во уставот да се споменуваат, или да се споменуваме како македонци или македонски народ и дека такво нешто треба да прифатиме и треба да гласаме за тоа. Јас незнам што тоа толку им смета на албанците, но незнам и како може тоа да го прифатат некои од македонците. Јас не сум спремен да проголтам такво нешто. Затоа навистина сакам да дојде до амандманска расправа, бидејќи многу ме интересира како тогаш предлагачот, или нексп пратнеици кои мислат поинаку, македонци ќе не убедат дека е тоа нешто прифатливо. Ако тоа не се исправи како и неколку други работи, мислам дека ништо не правиме, бидејќи ваков каков што е доставен овој предлог јас навистина не би можел да го прифатам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани колеги пратнеици, по-читуван г-дин министре. Целокупната македонска јавност како што знаеме сите денови е преокупирана со случувањата во Собранието на Република Македонија, не само македонската јавност туку и меѓународната јавност чека од нас да се донесе историска одлука, една суптилна и тешка одлука за иднината на Република Македонија. Јас ќе бидам што можам пократок, јасен и концизен, да придонесам, да кажам некои мои согледувања, што сум обврзан од името на граѓаните да ги кажам во ова Собрание. Пред се го користам моето пратеничко право да му се обратам на највисокиот з аконодасвен дом на мојата земја кога ја преживуваме најголемата криза за нејзиниот опстанок уште од времето на големиот Илинден. Јас не сум експерт по уставно право, туку сум професионалец од сосема друга категорија. Меѓутоа, како

интелектуалец и лојален граѓанин на Македонија, а воедно и пратеник должен сум да го изнесам своето мислење во овој момент.

Прво, воената криза во Република Македонија донесе консеквенции кои во најтешка варијанта се судруваат со каузата за нејзиното опстојување како држава на македонскиот народ. Македонците својата кауза која што е мнмогу јасно внесена во преамбулата на постојниот Устав го реализираа своето пред се човечко, морално,национално право да имаат сопствена држава.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Не сакам со ова да преедуцирам дека јас сум за радикална одбрана на уставната легислатива, меѓутоа, уште еднаш тврдам пред се, дека националната историја и борба на македонскиот народ за својата сопствена држава никогаш не треба да се заборави. Тоа ќе биде најголемиот грев на овој Парламент. Ве уверувам дека историјата тоа никогаш нема да го прости. Тоа што исклучително е проблематично во македонскиот рубиколов Јазол е тоа што сите најмногу не боли, тоа е пред се самото нееединство меѓу македонските партии застапени во Парламентот. Никој од нас нема право да си поигрува со најболните чувства на луѓето кои страдата, исфрлени од своите огништа. Токму поради тоа нашата одговорност пред народот е огромна. Апелирам кон македонските партии на исклучителна отвореност во однос на комуникацијата со народот и безусловна одбрана на него-вите основни човекови права.Воената криза, или ако сакате војната на површината на настаните исфрли уште еден голем проблем поврзан со немањето визија за дефинитивно етаблирање на РМ како држава, со сите атрибути за кандидатура во рамките на ЕУ.

Историјата на европската цивилизација најпрво покажала дека немањето визија за опстанок на држава, се враќа како најтежок бумеранг врз опстанокот на народите. Со ова не сакам да обвинам никого од државниот врв затоа што единствениот суд најточно ќе го покаже времето.

Народот кој беше собран овие денови пред македонското собрание искрено се надева дека бе му бидат одговорени многу прашања што се однесуваат на неговата натамошна судбина.Една од нив е она што досега постојано лебди во воздухот, а одговор за него нема. Зошто македонската власт во најкритичните моменти покажа таква нерешителност кога треба да се бранат нивните вековни огништа. Премиерот Георгиевски цивилизациски и отворамо побара и се заложи за решителна одбрана на земјата. Така би се однесувал секој демократски избран премиер од западно-европските земји, затоа што неговата одговорност е исклучиво пред очите на народот. Некои луѓе во оваа држава треба конкретно да објаснат зошто барањата на премиерот не беа прифатени. Со тоа нивниот отчет пред народот на крајот од нивната политичка кариера ќе биде уште потежок и посрамен. Нека им стои на чест. Доаѓаме до фантомската проблематика за учеството на меѓународните воени сили во обидот за разврска на кризата во Македонија. Треба отворено и искрено да се каже од највисокиот врв на оваа држава, конкретно од претседателот Трајковски, дали постојат необјавени планови и разговори со алијансата. Тоа е мое пратеничко право и должност пред луѓето кои ме избрале на ова место. Тие ќе ја изгубат како избирачи целата доверба што ни ја дадоа на изборите, а со тоа овој Парламент во целост ќе го изгуби својот кредибилитет. Нашиот народ кој не гледа и чека правилна и мудра одлука од ова Собрание, ве уверувам дека е многу малку запознаен со исклучително сложеното прашање за промена на Уставот. Тука би ги ставил македонските медиуми кои го хендикепираат нашето гласачко тело со пшасивноста и неодговорноста на најавените уставни промени. На тој план не е направено скоро ништо. Декларативноста за некаква си одговорност на некои медиуми во државата паѓа во вода кога ќе излезете лице во лице со народот на улица и ќе ги прашате што мислат за сето ова. Имаме огромен притисок од објективното народно мислење за референдумско изјаснување и евидентирање на гласот на народот за уставните промени. Мојот личен став е дека тоа право на македонскиот народ никој неможе да му го одземе. Доколку се случи тоа овој Парламент го губи воуцелост својот легитимитет. Имаше многу споредби во јавноста на двете големи бегалски кризи кои се случија и и се случуваат на мојата земја. Сигурно се сеќавате веројатно никогаш нема да заборавите на оние неколку стотици илјади косовски албанци кои како инвазија навлегуваа во Македонија, а сепак беа домаќински и чесно прифатени. Голем дел од албанските интелектуалци во Република Македонија во однос на тој факт добиле колективна амнезија. Во моментот се случува она што за македонскиот народ многу поволно затоа што сега преку 100 илјади македонци се избркани од своите домови внатре во сопствената држава. Европската историја ваков пример памети само во времето на феудализмот.

Македонскиот Парламент по секоја цена треба да застане зад овие луѓе и да им помогне, вклучувајќи ја и Владата и сите нејзини ресорни министерства, во најкраток можен рок. Инаку ве уверувам дека ние го рушиме столбот на Македонија. Тоа никој никогаш од следните генерации нема да ни го прости.

После сево ова се поставува само едно прашање а тоа е колку ние пратениците сме способни да застанеме за решавање на дилемата за опстанок на Република Македонија како држава. Би сакал за ова да се искажат и колегите албански пратеници. Да не заборавите, отворено и гласно треба да се каже дека во моментов во тек е окупирање на македонски територии од страна на албански терористички банди, по пат на сила. Во поинаква меѓународна консталација на односите на Балканот ова би значело отворена објава на војна и нејзинот проширување на целиот Балкан. Тука не смее да се заборави дека само со степенот на демократијата која произлезе од оваа актуелна власт, барем до сега војната, според ваков обем е избегната. На крај би сакал да го потенцирам следново: Целта на оваа седница што трае денес и претходните денови е, во народска смисла кажано промена на Уставот на оваа земја. Тоа е оној ист устав кој беше фален и почитуван од целата светска заедница, како еден од најдемократските во однос на почитување и реализирање на малцинските права. Целата претходна деценија овој ист устав ги помина успешно сите проблеми пред очите на светот и наеднаш доаѓаме до апсурдна ситуација кога еден меѓународен протекторат како што е Косово врши отворена воена агресија врз една соседна земја. Таму постои Бонстил каде што се лекуваат ранетите албански терористи, потоа остануваат во притвор најмногу 24 часа и опремени со ново оруж-је повторно ја напаѓаат Македонија. Примерот со Арачиново верувам ќе остане најголем срам во досегашната историја на НАТО-пактот. Тоа е досега најголемата лага од страна на алијансата на овие простори. Коментар за ова никој во Македонија нема. Малцинските права во постојниот Устав се реализирани според критериумите на меѓународната заедница. Она што се случува во Македонија е насилна промена на Уставот кој може да предизвика несогледливи последици за оваа земја. Според моето лично мислење со ова не би сакал да ја спречам демократската процедура за внесување амандмани во нашиот највисок законодавен акт и мислам дека светската традиција во меѓу-народното право, во врска со уставната проблематика е начинот на кој се врши промена на некои постулати. Можеме за се да разговараме, меѓутоа да се заборави вековната борба на македонскиот народ за своја национална држава која што е внесена во преамбулата, тоа ќе биде најголемата грешка и грев кон сите оние што ги положија своите животи за Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господинот Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитувани пратеници, Мислам дека денес започнува еден многу важен настан, можеби најзначајниот за оваа млада и кревка држава. Затоа што токму ние пратениците на ова Собрание треба да отвориме нов лист, ново поглавје за односите на граѓаните од двете најголеми етнички заедници во Македонија.

Во моментов не сакам да зборувам за настаните и случувањата кои доведоа до таа пресвртница па би сакал и другите да го следат овој пример. Затоа што сигурно секој од нас може да напише цела една книга за тоа што видел и слушнал за овие шест месеци и како секој од нас тоа би го толкувал. Мислам дека денес ни престои конкретна работа и задача. Пред нас е еден политички договор, моделиран и предложен од прогресивната меѓународна заедница кој, според составувачите на истиот можеби претставува солидна рамка за враќање на мирот и брз и квалитетен напредок на земјата. Веднаш кратко и јасно ќе кажам, бидејќи не сме задоволни од понудените решенија од Рамковниот договор, ниту од квантитативен ниту од квалитативен аспект, ќе гласаме потврдно за иницијативата за промени на Уставот, но апсолутно си го задржуваме правото за контестирање готово на сите амандмани од тој Рамковен договор. Зошто?

Не сме задоволни од проста причина што, ако се усвојат овие промени на Уставот албанците во Македонија ќе имаат нешто повеќе права кои ги немале од 1991 до 2001 година, но ќе немаат и понатаму права кои ги имале од 1974 до 1991 година. Можеби ова звучи апсурдно но е вистинито. Само за потсетување:

Македонските екстремисти го заплашуваат својот народ дека ако се усвојаат предложените промени на Уставот Македонија ќе изгуби се и сешто, дека ќе се разнебити, ќе ја снема и разни други глупости, воопшто не сваќајќи дека недискриминирањето на албанците не значи дискриминирање на македонците. Дека не е така ќе изложам само неколку примери,

посебно за оние кои за жал немаат долго памтење.

Прво, во понудениот Рамковен договор предвидено е и албанскиот јазик да биде во службена употреба по форма и начин не ги задоволува очекувањата на албанците. Но, деталите ќе ги изнесам во амандманската расправа. Сега само ќе кажам дека албанскиот јазик се пишувал и говорел на овие простори уште од времето кога вашите предци живееле многу далеку од овие простори кои се викаат Балкан, а во посовремена Македонија бил службен уште од времето кога некои лидери напартии тогаш се играле со песок. Ако ова не го паметат барем нека читаат или да прашаат некого како било и дали се чувствувале граѓаните небезбедни, несигурни или посиромашни, кога на албанците им било дозволено и во Собранието да говороат на својот мајчин јазик. Второ се нуди пропорционална застапеност на вработените во јавната администрација. Значи, конечно после 60 години една огромна неправда се сака да се отстрани на начин како што е решен во сите нормални држави, да не кажам демократски цивилизирани. Во сите земји со слична структура на општеството ако се сака да се биде стабилен мора да се води политика на паритет. Ова не е нешто невидено па да се заплашува народот до бесвест. Во многу земји се оди дури чекор напред па со механизми на таканаречена позитивна дискриминација се надминува и паритетот. Трето, се нуди некакво си децентрализирање на локалната власт. На овие простори две ипол децении, почнувајќи од 1974 година сме живееле во општини кои на некој начин беа мини држави, па на ниеден македонски патриот кој сега се чука по гради дека е за спас на Македонија, тогаш не му паѓаше на ум да се спротивстави на тој политички систем, да каже не на таквото уредување, да покаже некаква граѓанска смелост и да се спротивстави на таа пракса. Колку се сеќавам дека никој не велеше дека со таквите силни независни општини ќе ја снема Македонија. Со овој документ за жал не се нудат предлози за решавање на употребата на националните симболи, односно употребата на албанското знаме, кое прашање албанците го имаат уредено со закон во 1968 година, па сведоци сме дека не пропадна оваа држава. Имајќи ги предвид овие неколку факти со право се поставува прашањето зошто измислувате проблеми кои подоцна прераснуваат во конфликти, кои неможете и незнаете да ги решавата. Албанците сега повраќаат само дел од веќе стекнатите прва од пред 20 и повеќе години кои новите властодршци бесмислено и безобразно ги укинаа во 1991 година. Најдете барем еден пример на народ на кој му се укинале толку стекнати права и кој станал рамнодушен и се потчинил на таквата пресуда. Убеден сум дека нема.

Од многуте досегашни средби што сме ги имале нема ниеден странски политички претставник, дипломат или новинар од стотината со кои сме контактирале, кога сме одговарале на прашањето зошто всушност се борат политичарите албанци од Македонија а тоа е борба за враќање и унапредување на суспендираните права, не би рекол дека е тоа погрешно или залудно. Овој отпор крајно апсурден што се јавува од македонската страна не можам поинаку да го објаснам освен како тотално отсуство на интелект, отсуство на политичка култура, недоволна информираност и образование. Кога политичката елита не би била медиокритетска, кога македонското новинарство би било попрофе-сионално, кога самонаречените акацемици на таканаречената МАНУ би биле пописмени, сигурно граѓаните не би дошле во вакви трагични заблуди да мислат дека навистина со овој акт на промени на делови на Уставот ќе ја снема Македонија и ќе ја снема Македонија.

(Реакција во салата)

Сакам да им помогнеме на параноичните, но немаме моќ. Можеби овде можат да си помогнат новинарите македонци, барем само недела дена да бидат објективни и не бараме да објавуваат факти преточени од страна на албанците, туку оние кои ги изнесуваат странците во своите медиуми. Велам само недела дена за да ви се отворат очите и за малку да излезете од информативниот мрак и да погледата на странските прогресивни новинари, веднаш ќе се уверите дека сте биле во големи заблуди и крајно манипулирани. Само два примера за ова што го кажав. Прво, цел свет се чудеше со настанот од 1994 година, кога еден народ толку јако ја манифестираше својата желба за високо образование спремен на самопожртвување, за да биде поцивилизиран и покулутурен, од една страна и бруталниот отпор до убивање, затварање на албанските идеатори и нивно тортурирање од страна на репресивниот режим. Тогаш се велеше, а за жал сеуште така мислат многу македонски, назови интелектуалци дека ако им се дозволи на албанците да имаат свој универзитет, ќе се сруши државата. Тогаш велевме и сега тоа го кажуваме дека, ако еден универзитет може да сруши една држава, тогаш таа дражва и подобро да ја нема. Јас не познавам таков пример.

Второ, второто чудо се случува токму сега. Парадоксално е да се гледа за што фактички албанците од Македонија биле приморани да се кренат на востание. Кога насекаде во светот оружје се зема за отцепување или сепарација албанците истото го земале за реализирање на елементраните права и рамноправност на државата чии граѓани се. Значи тие се готови да инвестираат и да придонесат за стабилноста на оваа држава, но се разбира само врз фер принципи. За разлика од самонаречените академици на таканаречената МАНУ кои нудат планови за раздор, цепање и етничко чистење, албанските востаници се бореа за спротивното.

(Пратениците во салата реагираа на излагањето на Хаџиреџа)

Јас знам дека многу циници македонци не веруваат во овие изречени ставови и се бранат со предрасудите дека тоа се само некакви трикови или мамки за остварување на некакви си црни сценарија. Тогаш, ако не им верувате на албанците и за ова постојат рецепти и решенија. Бидејќи се случи она што беше неопходно и НАТО влезе во Македонија, чин кој ние силно го поздравуваме даваме предлог оваа меѓународна воено политичка организација со голем углед и кредибилитет да остане во Македонија не 30 дена туку најмалку 30 години за да биде гарант за чување на реткиот мир. На овие простори и онака се залагаме да бидеме дел од НАТО структурите. Ако ова се случи би можеле да им се поматат плановите само на оние кои сакаат да војуваат со рускокомунистичка воена доктрина против своите сограѓани во сопствена дземја. Ако ние како две странки не можевме сами да ги решиме проблемите тогаш повеќе од нужно е да имаме арбитар. ВО овој случај тоа треба да бидат НАТО, ЕУ и САД, како што еднаш кажа еден ценет професор, западот е најдобрата одбрана. Не сакајќи повеќе да должам, иако може уште многу да се каже пак ќе повторам дека сме за промените на Уставот, но не така сосема како што е предвидено со Рамковниот договор, затоа што пред се во него, уште во уводниот дел се предлага и се настојува конечно да се дефинира унитерниот карактер на државата, што за мене е сосема неприфатливо. Така уште во првите точки на тој договор, мегу другото се вели, унитарниот карактер, суверенитетот и територијалниот интегритет на државата се непрегазливи и треба да се сочуваат. За мене е нон сенс да се предлагаат вакви ограничувања, а кои ги тангираат прашањата за внатрешното уредување на државата.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА**:(Продолжение)

За мене е најважно ова прашање да се реши на начин кое би гарантирало трајна стабилност на државата како и зошто?

Ние секогаш сме потенцирале и пак подвлекуваме дека прашањето на национална рамноправност и взаемното почитување на двата етникума најголеми во Македонија значи на албанскиот и македонскиот го сочинуваат главниот фактор на стабилноста , развојот и просперитетот на оваа земја што најповеќе од секогаш се потврди со последните настани. Затоа ние понатаму инсистираме на целосното и праведното решение на статусот на албанците овде затоа што, уште еднаш потенцирам , кого го претставува главниот фактор за стабилизација, а најверојатно и за опстанокот на оваа држава. Нашето право за да бидеме конститутивен елемент во Македонија и носители на суверенитетот се базира врз мноштво факти, но над се врз фактот што ние живееме во наши етнички простори, ние сме автохтони на оваа почва. Покрај ова се одликуваме во поглед на наша заедничка територијална историска јазична и културна компактност и тоа што е најмногу важно и одлучувачко е фактот што ние албанците во рамките на наши етнички територии сме мнозински народ и како такви во блиско минато сме биле во некоја смисла конститутивен елемент и барем формално носители на суверенитетот.

Овие горе споменати моменти се од посебно значење и одлучувачки и според наше мислење требало да се решат уште при трансформацијата на политичкиот систем на почетокот на 90-тите години. Албанците во Македонија никогаш не биле, не се , и не можат да се третираат како национално малцинство во однос на макеоднците. Ниту според бројноста ниту процентот што го сочинуваат од вкупната популација ниту според степенот на националната свест, ниту според културниот и духовниот развој. Главната причина на оваа тешка криза во која се турна Македонија е токму таквото третирање на албанците односно насилното наметнување на таквиот демигрирачки статус како национално малцинство, па затоа уште еднаш обрнуваме внимание дека , ако не се реши правилно овој проблем, кризата ќе рециклира и најдирекно ќе влијае врз постоењето или не постоењето на државата Македонија. Во оваа прилика сакам уште еднаш да ги потсетам нај релевантните меѓународни структури како што е НАТО, ЕУ, САД, ОН и ОБСЕ кои претставуваат субјекти со висока

меѓународна одговорност. Дека без една рамноправна, уставно-правна позиција помеѓу албанците и македонците нема да има стабилност во земјата. Ова го велиме затоа што албанците само како рамноправни со македонците би имале мотив за заедничко живеење во оваа Република и силно би се бореле за зачувување на нејзината стабилност. НДП смета дека иднината на оваа земја единствено може да биде стабилна ако сега и за секогаш се елиминира системската доминација на еден етникум врз другиот. Во овој документ не би требало да се ограничува, туку напротив да се инсистира на ново внатрешно системско уредување на државата и да се избере најдобриот модел на федеративно или конфедеративно уредување.

Прашањето на политичкиот договор треба да биде модел на тоа уредување. Јас сум длабоко убеден дека кога би им се објаснило на граѓаните предностите на федеративното или конфедеративното уредување многу граѓани позитивно би се изразиле за нејзиното спроведување. Со таквото уредување Македонија нема да биде ниту прва ниту единствена држава во Европа,се наоѓаме во еден долг тунел од кој можеме да се извлечеме само ако поажеме доволно мудрост, храброст, инвентивност и практичност. Во спротивно, ако се бавиме со стерилни реторики и патетики никаде и никогаш не можеме да излеземе од овој мрак.

На крај иако се добива впечаток дека дел од македонските пратеници не се согласни со предлогот за измена на Уставот, мислам дека тоа не претставува ништо друго освен фарса, политички маркетинг и лицемерије и овој предлог ќе го изгласаат како што ќе ги изгласаат и сите амандмани од Рамковниот договор, па затоа ние како претставници на НДП си го зачувуваме правото во иднина со демократски средства да се ангажираме за реализирање на нашите програмски определби за кои мислиме дека ќе претставуваат единствен гарант за траен мир и стабилност на државата.

(Реакција од многу пратеници,сите бараат процедурална дискусија)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, кој прв се јави, овде по ова не можам да ве контролирам.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Г-дине потпретседателе во текот на говорот на претходниот говорник беа изречени безброј термини, квалификации кои ги нема запишано во Уставот на Република Македонија. Во Македонија живее македонски народ, а не етникум. Во Македонија постои не т.н. МАНУ, постои признатa научна институција МАНУ.Ве молам, ќе се воздржам заради провокации. Ве молам, пораките ги чувме, има луѓе кои одговараат за своите постапки некои еднаш, некои цел живот ќе го носат својот крст, пораките ги чувме, остро протестирам против употреба на вакви термини, квази термини кои се во легендата на опцијата за т.н голема албанија. Ве молам, во иднина да им обрнувате внимание на господата пратеници во македонскиот парламент и да ги прекинете доколку употребуваат несоодветни и неуставни термини.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно, од иста причина јасно насочена провокација не сакав да реагирам, а не од друго.

Процедурално г-динот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници најверојатно поаѓајки од мојата скромна или нескромна или доволна политичка култура иако сум пријавен за дискусија се повлеков времено, но поаѓајки од такви дискусии како претходната најверојатно правото за дискусија целосно ќе си го задржам. Со целосен респект спрема времето и партијата на која и припаѓам, апелирам , не можам како припадник на македонската нација , а македонската нација јас ја прифаќам на сите граѓани рамноправно македонци, албанци, турци, срби, роми, власи и т.н.

Не сакам да навлегувам во претходниот говор, реферат, дали добронамерен или недобронамерен, но толку беше деструктивен, зајадлив да можеме не два дена , два месеца, две години да расправаме, но во интерес на времето јас не би сакал, само ќе ја кажам мојата забелешка која длабоко ме заболе седејќи во овој парламентарен дом како граѓанин на РМ, без разлика на партиската , национална и верска припадност.

Македонската Академија на Науите и Уметностите тоа е Академија , научна институција на сите граѓани без разлика на националностите, егзистира повеќе од 55 години и рамноправно се носи со сите научни институции во Европа и светот. Етикетите не само т.н., МАНУ да биде пописмена , тоа не е чекор назад, туку километри, миљи назад влечеме. Тоа е научна институцција, нема повеке или помалку писмена како што е жената повеќе или помалку бремена, се знае, тоа е научна институција или поголема и

помала невеста, тука нема , мислам дека колегата со целосен респект тоа што се залага , но со целосен јаз што сака да го зголеми, а не да го стесни. Мислам дека со такви дискусии, со такви однесувања незнам дали далеку ќе догураме.

Сега си земам за право кога ќе дојдам на ред да се пријавам за дискусија , но јас како граѓанин на РМ уште еднаш кажувам длабоко ме боли т.н. МАНУ да ја прават повеќе или помалку писмена. Тоа е научна институција која егзистира 55 години на тлото на Македонија, Европа и светот и те како афирмирајќи ја македонската држава, македонската нација меѓу кои македонците, албанците и останатите националности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Златко Стојменов, процедурано.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван г-дин претседателе мојата процедурална интервенција е кон претходниот претседавач на Парламентот, навистина тој даде пример како не треба да се брани процедурата и начинот на истап на претходниот учесник во расправата во смисла дека со употребување на изрази кои не соодветствуваат од оваа говорница со навреди кон една од нависоките научни институции МАНУ употребувајќи го називот т.н. и други навредливи зборови.

Инаку, сакам само толку процедурално да интервенирам дека претседавачот треба сепак во текот на говорот да му обрне внимание на оној кој говори од говорницата и употребува навредливи зборови и неуставни категории, Со споровите и моментите од говорот на дискутантот Кастриот Хаџиреџа мислам дека не е достојно воопшто никој да спори од нас, бидејќи се работи за човек кој се повикуваше на западната демократија , а западната демократија го има регистрирано во извршната Декларација на г-динот Џорџ Буш заедно со Бин Ладен, заедно со сите терористи и убијци во светот и затоа мислам ни јас ниту некој друг да спори со неговите ставови (реакција од претседателот) кои се крајно екстремни и навредувачки за сите граѓани на РМ и за албанците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална забелешка од г-динот Даневски.

Многу процедурални забелешки на еден говорник.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.не бевте тука г-дине претседателе, беше потпретседателот, се искажаа многу тешки зборови, но една јасна порака г-динот Кастриот Хаџиреуа кажа дека се ова што ќе се случува тука е џабе, ќе продолжи војната, се плукаше по се почнувајќи од Универзитетот, неписменоста, Академијата, државата, јасно кажа г-динот Хаџиреџа незнам дали се вратил директно од ОНА , не е ни битно од каде доаѓа, но ова сакам да го упатам на сите тие што ќе гласаат , сите Вие сте предавници, посебно на колегите од СДСМ за тоа да видите со кого имате работа, пораката е пратена, пораката е тоа, ова не завршува, ова е првиот чекор, вториот чекор се територии. Ова е чиста глума , од оваа работа не бива ништо, јас сум еден од тие што нема да го прифати ова затоа што намерите не се чесни.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ваква бурна реакција кога би постоела и при другите навреди кои се изрекуваат, јас би ве подржал, но вакво нешто можеби требаше да се случи во овој Парламент да видите како е кога некој навредува. Вие не треба да дозволите како претседател да се изрекуваат такви навреди, ако некој ги чувствува како навреди не само кон македонскиот народ туку и кон албанците кои се изрекуваат од страна на одредени говорници. Затоа, ако нешто треба да важи, треба да важи за сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира јас водам сметка се да биде во ред овде и оставете ме да ја водам седницата.

Ве молам. Г-динот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во ред е ова што говори г-динот Тахири од аспект дека доколку има такви работи од македонските пратеници треба да се даде забелешка, но ние говориме за круцијални работи овде. Некој говори за федерација и конфедерација на државата, некој говори за т.н. МАНУ, таа сеуште постоечка легитимна институција во Македонија.

Реакцијата се однесува на тоа , а навредите да ги оставиме на страна сметам дека ваквите провокации воопшто не држат место, не држат ни вода, вака не се гради доверба и она што е наша заедничка заложба и она што го потпишаа и вашиот лидер г. Имери и лидерот на ДПА г. Џафери вклучително и лидерите на

македонските политички партии. Сметам дека вие треба да реагирате на ваквите работи, а не ние како македонски пратеници од оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да продолжиме.

Има збор г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Веќе подолго време Нова демократија инсистира на одржување на една итна седница за актуелната состојба во РМ и тоа наназад неколку месеци. Некој во овој Парламент мислеше дека доколку се проговори за проблемите ќе биде многу страшно, а доколку проблемите се премолчуваат дека ќе ги снема. Очигледно овие проблеми кои се присутни ка нас пратениците и во РМ различните мислења, мораме отворено за истите да проговориме и најотворено да донесеме заклучоци кои ќе бидат од интерес на сите граѓани во РМ.

Од почетокот на оваа седница, тоа долго време не беше прифатено, но и од почетокот на оваа седница слушаме најразлични обвинувања , перење на својата совест, правдање кој како ќе гласа и т.н.

Во многу голем дел од дискусиите на претходните дискутанти беше покажано двојбено мислење доколку се изгласа ова, дали ќе има војна или ќе нема или ако не се изгласа дали ќе има војна или ќе нема.

Господа, најстрашната работа од сето ова не е војната. Војната за света работа и за сопствена држава е гордост. Меѓутоа, треба сите да имаме ум и разум и решенијата кои ги нуди предлог Рамковниот договор од Охрид дали го нуди она оптималното граѓанскиот концепт во РМ, во општеството или повторно доаѓа до концепт на националности, на групи , на етникуми кое нема да даде, по мене, трајно решение. Искрена желба ми е во РМ сите граѓани, без разлика на етничка припадност, на вероисповест живееме добро, се почитуваме и работиме сите заедно за просперитет на оваа наша држава.

Ставовите на Нова демократија од почетокот на кризата беа многу јасни, многу често повторувани и се однесувае најпрвин велевме воено т.н. ОНА треба да биде поразена уште од првиот ден од појавување на кризата и истата таа да биде разоружана. Доцневме сите заедно, се знае кој ги донесуваше одлуките, проблемот и натаму се распламтуваше. Истите тие претставници на т.н ОНА требаше да бидат прогонети од територијата на РМ, да се санираат Штетите од настанатата војна во РМ,враќање на раселеното население во своите домови и конечно отпочнување на разговори за уставнипромени , нашиот Устав не е идеален, меѓутоа, демократски потврдено и од надворешните фактори кои се компетентни за давање мислење на истиот.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:** (продолжение)

Велам не е идеален и има место и простор за разговори за подобрување на соживотот во Република Македонија. На сите националности кои живеат во истата.

Но од сето ова што направивме?

Формиравме Влада на широка коалиција и ние од Нова Демократија ја поддржавме со верба и желба состојбите во Република Македонија реално да се надминат и да отпочне економскиот просперитет на Република Македонија, За жал и на оваа 80-та седница слушаме најразлични преиукувања меѓу двете најголеми македонски партии и се поставува прашањето дали оваа коалициона Влада си ја заврши и дали совесно и добро ја врши работата.

Воено не ги поразивме. И денес истите тие пукаат, убиваат, грабаат, силуваат, протеруваат население од своите домови. Конечно, пред некој ден под притисок на сила на воени дејствија во Република Македонија отпочна оваа фаза на разговори. Мене ми е навистина жал што пратеничките групи преку своите партии, помалите пратенички групи не беа вклучени во разговорите. Цениме дека можевме да дадеме придонес во подобрувањето на уставните решенија, ниту на штета на македонците, ниту на штета на албанското малцинство.

Би сакал да кажам дека Нова Демократија и на почетокот на оваа седница поднесе, заправо бараше збор за дополнување на днвниот ред со уште една точка за донесување на одлука за распишување на референдум по прашањето за уставни промени. Меѓутоа, тоа помина, ние во текот на вчерашниот ден поднесовме иницијатива за свикување на итна седница до претседателот на Собранието, со единствена точка на Дневен ред - Донесување на одлука за распишување на референдум на кој што граѓаните на Република Македонија ќе се изјаснат по ова прашање кое е навистина од витално значење за државата. Токму поради ова, пратеничката група на Нова Демократија, на пратениците ќе им биде дозволено да гласаат со оглед дека се од мнозинска листа избрани, ќе гласаат

соодветно на добиениот мандат од граѓаните од таа изборна единица која што ја претставуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние денес се наоѓаме во една многу тешка состојба, бидејќи треба да се изјасниме за Предлогот за пристапување кон промени на Уставот, ако за тоа треба да се изјасниме, или за Рамковниот договор, ако за тоа треба да се изјасниме. Како било било, меѓутоа, нешто треба да донесеме, па ќе "склепаме" некој заклучок или одлука да се пристапи односно се согласуваме да се пристапи кон промени на Уставот.

Меѓутоа, едно не ми е јасно, менуваме Устав кој досега беше пример за демократски решенија, пример за Југоисточна Европа дека е граѓански, и тоа да променуваме Устав под услови на окупирани територии на Република Македонија од страна на албански терористи или било како да ги наречеме бидејќи веќе се испомешаа работите, не знаеме и ние што се. Не сакам полоши термини да искажувам. Во услови на невоспоставена власт на целата територија на државата, а под притисок на оружјето на терористите и на таканаречената Меѓународна заедница. Ова таканаречено го кажувам од оправдани причини. Ќе се обидам да изнесам мои видувања на овие состојби и промените што се предложени за измени на Уставот, предлозите, со споредбени показатели како одредени односи се решени во уставите на соседните земји, бидејќи ние живееме на Балканот и затоа мојата споредба ќе биде со нив, а не со земјите кои се со векови пред нас во секој поглед. Секоја земја е многу лошо да врши толку многу измени на Уставот во толку кус период од 10 години, досега се донесени три амандмани, а сега се предлагаат уште 30-тина нови амандмани. Само за споредба, кога зборувам нови амандмани, мислам на суштински измени. Само за споредба со Уставот на САД, иако е донесен пред 23 години, досега се извршени само 28 измени односно само 28 амандмани. Ова е заради споредба, па да видиме дали треба да менуваме Устав или се работи за менување на некој Деловник, иако ние не сме способни Деловникот да го измениме еве 11 години. Кога реков дека ќе зборувам и ќе правам споредби, прво за Рамковниот договор и она што е содржано во тој договор, потоа споредби меѓу предлозите на г. експерт по Уставно право Бадинтер и Рамковниот договор, за да можеме да видиме каде се наоѓаме ние.

Прво ќе почнам од преамбулата. Преамбулата иако е декларација определува дека ова е држава на Македонскиот народ кој се стремел за создавање на Македонска држава. Јас нема да ја цитирам преамбулата на Рамковниот договор, бидејќи таа е безлична аморфна маса на субјекти кои ја сочинуваат оваа држава. Меѓутоа, ќе кажам ќе ве молам Биљали, имам за вас нешто посебно.

Ќе ја земам за споредба преамбулата на Уставот на Бугарија. Еве како гласи:

"Ние народните претставници од Седмото големо Народно Собрание со стремеж да ја изразиме волјата на бугарскиот народ..."

Потоа, еве како стои во Уставот на Албанија:

"Ние албанскиот народ горди и свесни за нашата историја, со одговорност за иднината", значи вели "ние албанскиот народ".

Еве како стои во Уставот на Франција - можеби ви е смешно меѓутоа е трагично. Значи во Уставот на Франција преамбулата почнува со "Францускиот народ..."

Сега ние менуваме, суштински измени вршиме. Суштински измени кои ја менуваат основната концепција на граѓанскиот Устав на РМ. Заради споредба ќе кажам какви содржини има во бугарскиот, односно во албанскиот Устав и нешто во Данскиот, нешто во Францускиот Устав, она што е карактеристично во однос на она што го менвуаме ние. Еве што се вели во албанскиот Устав во член 1 став 2: "Република Албанија е унитарна и неделива држава".

Член 8 вели: "Република Албанија ги штити правата на албанскиот народ што живее надвор од нејзините граници". Значи вели "ги штити". Ова го кажувам затоа што ние во Уставот велиме "се грижи за македонскиот народ што живее надвор од границите", па не натераа односно благодарение на коалицијата на СДСМ напрвивме измена за да Не ги навредиме односно Македонија да не нападне на соседните земји па да немаат проблем, имало проблем.

Во членот 14 на Уставот на Албанија Се вели: "официјален јазик во Република

Албанија е албанскиот јазик", Нема друг јазик.

Ние знаеме, барем од оние известувања што ни ги кажуваат македонците од Република Албанија, во Република Албанија живеат меѓу 350 и 400 илјади македонци, а да Не заборавиме да прашаме каде се власите, каде се грците, каде се ромите, каде се црногорците. Нив ги нема. Ќе ги има малку понатаму, меѓутоа, сега не. Понатаму се вели: "Национално знаме е црвено со двоглав орел". Меѓутоа, ние исто така под притисок на секој што ќе ни рече, еве и сега менуваме под притисок знамето го обезличивме, што ќе рече Благој Ристевски - Платнар, вели оној "партал". Знамето кое исто не не поврзува нас македонците, меѓутоа, ете променивме односно променија, а сега можеби ќе учествуваме во оваа трагедија и ние.

Во член 20 од албанскиот Устав се вели: "лицата што припаѓаат на националните малцинства - веќе овде зборува за малцинства, значи има малцинства ги уживаат човековите права и слободи и имаат право да се обединат во организации и здруженија за заштита на нивните интереси и идентитет во организации и здруженија", а не во политички партии.

Понатаму, за употребата на јазикот во членот 28 се вели: "секој што ќе биде лишен од слобода има право да биде известен на јазик што го разбира", се разбира албанскиот, не да го употребува, не за службена употреба, не службен јазик, туку да биде известен. Тоа значи ништо не значи.

Во членот 57 се вели: "секој има право на образование". Нема ништо кажано за образованието на малцинствата. Значи се разбира образование на албански јазик.

Во член 59 се вели: "државата во рамките на уставните овластувања и средствата што и се на располагање има за цел, меѓу другите што мислам дека не беа битни - заштита на националното и културното наследство, а посебно грижа за албанскиот јазик" , што е добро. Меѓутоа, ние и во таа заштита менуваме нешто.

Во делот III Собрание никаде не се спомнува употребата на јазиците на малцинствата во Собранието.

Во членот 86 став 2 се вели: "Само албански државјанин по раѓање може да биде избран за претседател на Албанија". Во членот 88 се вели: "Свечена заклетва на претседателот гласи: ќе му служам на општиот интерес и напредок на албанскиот народ".

И во членот 107 став 2 се вели: "Работниците во јавната администрација се избираат во јавна конкуренција", никаква правичност, никаква соодветност, никаква пропорционалност. Сигурно, ова е најдобро решение заради тоа што во соодветна конкуренција само може да се види квалитетот, а ние одиме на квантитет.

Тоа е за Албанија, нарочно сакав да споредам со Албанија, а имам и споредби со Бугарија. Еве, ќе ви кажам нешто и за Франција, само еден член.

Во членот 2 на Уставот на Франција се вели: "официјален јазик ќе биде Француския јазик".

Понатаму во Уставот на Кралството Данска во членот 4 се вели: "Евангелистичко-лутеранската црква е официјално државна црква" и во членот 6 се вели: "Кралот мора да биде член на евангелистичко-лутеранската црква".

Јас прашувам дали и Франција и Данска се по ред демократски, штом вака регулираат во Уставот. Дали Албанија не е Демократска што вака регулира во Уставот во унитарна држава. Дали Бугарија не е демократска што исто така зборува - ќе изнесам само некои членови кои се покарактеристични од Уставот на Бугарија.

Во членот 11 став 4 Се Вели: "Не може да се основаат политички партии на етничка, расна или верска основа".

Во член 13 став 3 Се Вели: "Традиционална религија во Република Бугарија е Источноправославната Вероисповест".

Во член 36 став 1 Се Вели: "Изучувањето и користеЊето на бугарскиот јазик е право и должност на бугарските граѓани", значи вели "и должност". Понатаму вели дека некои средни училишта се бесплатни, меѓутоа нема за јазикот. Во однос на идентитетот вели: "Секој има право да ги користи националните и општочовечките културни вредности, како и да ја развива својата култура соодветно на етничката припадност која се признава и гарантира во Закон". Значи само културните и етничките вредности.

Понатаму во член 65 став 1 стои: "За народен пратеник може да биде избран бугарски државјанин кој што нема друго државјанство".

Потоа во член 93 став 2 стои: "За претседател може да биде избран бугарски граѓанин по раѓање".

Во глава VII од Уставот на Бугарија стои: "Локалнат самоуправа и локалната

администрација", воопшто не се зборува за употреба на други јазици и јазици на малцинства.

Понатаму во глава III "Народното Собрание", нема одредби за употреба на јазиците на малцинствата на пленарни и други седници.

Зошто го кажав ова како вовед? Ова го кажав за да видиме каде сме, дали сме ние на Балканот или сме во Финска, или Шведска, како што милуваат многу да зборуваат како е решено таму прашањето. Далеку е Финска, а уште подалеку е Шведска, да не зборувам за другите.

Сега да се вратиме малку на измените. Во врска со овие измени на телевизија ги гледав и слушав текстописците на преамбулата и на нормативниот текст на Уставот, г. Поповски и г. Фрчковски. Многу се изненадив кога ги гледав како се мачат да објаснат што се менувало во преамбулата, демек на таков начин било решено и во преамбулата на Полска, ама толку се измачија што навистина пак неразбрав што сакаат да кажат, а Фрчковски во една прилика рече дека ние го нормиравме тоа што ни го кажаа договарачите. Значи сака да каже, ние не сме креатори на тоа. Само мислам дека не би требало толку да се трудат да објаснуваат бидејќи некои работи се тешко објасниви за граѓанскиот концепт на Уставот.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:** (продолжение)

Ние знаеме дека денес сме под притисок и претседателот Андов е под голем притисок, кој дури држи седници, што не е својствено, бидејќи знае навистина да го почитува Уставот односно Деловникот, држи седници без кворум, само да се истурка работата. Ќе ја истуркаме работата, но ќе видиме до каде ќе туркаме. Тоа ќе видиме. Значи, ние мораме под притисок да вршиме измени и тоа рок, иако треба да се извршат суштински измени, а рок определен, до денес до 24 часот, незнам до колку е, евентуално утре може ќе не толерираат да мораме да ги зврршиме промените. Прашувам дали треба да Се води војна за територии, а ние да вршиме измени на Уставот. Јас мислам господинот Бранко Црвенковски, го слушав дека е ова војна за територии, меутоа тие што војуваат за територии ние го менуваме Уставот. Тоа Некако не оди едно со друго. Значи не се бореле за правата туку за територии. Овде тие едно бараат, ние им нудимо друго. Па, дали ќе го прифатат ова што им го нудиме. И тоа е прашање. Викаат немаме друга алтернатива, веројатно и таа алтернатива што ја кажуваат дека ја имаме ја немаме. Веројатно кога ги окупираа териториите сфатија дока покрај териториите треба да со добијат и некои уставни права. Веројатно тоа го сфатија и платениците муџахедини, косовари и незнам кои други таму. Некои нелогичности постојат. Бевме пример за остварување на демократски права на граѓаните во Република Македонија во споредба со југоистоните европски Земји. Не тапкаа по рамо дека навистина градиме демократско општество, коо што со потврди, дека е демократско го потврдија стручњаци. Сега но присилуваат истите тие да го менувамд Уставот. Зошто тоа да го правиме? Затоа што зеле терористите оружје во рацо. Ова е проседан кој скапо ќе ги чини и тие сега што не тораат да го променуваме Уставот под присила.

Овде ни се поставува и следното прашање. Дали сега при окупација на територија на Макодонија од терористите ќе извршиме вакви многубројни суштински измени на Уставот на Република Македонија? Дали не е подобро, Вејсели, дали не е подобро, барем ова слушнете го, дали не е подобро и за етничките албанци и за македонците да се почека да се смири ситуацијата, да се воспостави власт на целата држава на Република Македонија, да се вратат раселените лица во своите домови и тогаш со мирни глави, во мирни услови, без притисоци да извршиме, за во сегашни услови зборувам, не за услови во Шведска, за во сегашни услови овде во Македонија, можни измени во Уставот.

Во Рамковниот договор нешто ни кажуваат за некои заденици. Тоа веројатно мислат на некои колективитети, комуни, незнам што, меѓутоа ќе го разјасниме после извесен период од донесувањето на Уставот. Но, ова ме асоцира малку на поимот народност во СР Македонија, исто така на поимот националност во Уставот на Република Макеодниja. Овие се два хибрида, кованици кои што ништо не значат, бидејќи а тоа дека не значат ништо можеме да го тврдиме по тоа што кога наши претставници одат во Европа не зборуваат за националностите во Македонија, туку зборуваат за малцинствата, националните малцинства и етнички групи. Тие се во меѓународни договори, во декларации и се општо прифатени термини, а ние пак некоја кованица само да не се навредат, да не дознаат власите, да не се навредат албанците или некои други. Тие се сега малцинство. Јас намерно го употребувам

зборот малцинство, бидејќи доколку ратификуваме некој договор или некој акт во кој што стојат одредени термини, се применуваат тие термини во домашната држава.

Понатаму, често пати досега слушаме посебно од пратениците од ПДП дека биле граѓани од втор ред поради така што гласела преамбулата. Меѓутоа, јас ќе ви кажам дека не сте од втор ред вие, посебно вие пратениците, кои што овде 11,12 години сте. Вие сте граѓани од сите прв ред. Да албанци постојат од втор ред, но оние што се на Шара. Тие се од втор ред. Но не од втор ред, можеби од десетти ред. Вие ги злоупотребувате и ги искористувате нив бидејќи цело време вие зборувате како сте обесаправени, како се борите, како треба некој универзитет, незнам што треба и како треба, а за сметка на тоа вие уживате овде. Да, тоа е факт и се збогативте.

Често пати...

(Господинот Вејсели од место реагира и се смее).

Да Вејсели, многу е смешно, да не е трагично.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да не спориме од говорница со поединци.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

И вие треба да ги опоменувате бидејќи постојано се смеат и попречуваат во дискусијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам концентрирајте се на излагањето, ве молам да се слушнеме.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Можам да почнам?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може, може.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Често вие гласноговорниците зборувате, бидејќи зборувате дека сте обесправени, јас само ќе го поставам ова како дилема, па можби ќе ми одговорите дека сте граѓани од втор ред, дека сте тероризирани и репресирани и незнам што - зошто досега, само 1994 година мислам дека на СДСМ им требаа гласови па 150 илјади државјанства дадоа, зошто албанците при такви репресии, при таков терор, во таква држава бараа државјанство? Па, никој не оди во држава каде што се тероризира. Никој не оди во држава каде што се репресира, а уште десетици илјади бараат да имаат вакво државјанство. Веројатно им е добро. Веројатно ако им беше добро ќе бараа албанско државјанство, во Албанија ќе одеа и таму можеби ќе беа од прв ред. Меѓутоа сигурни бидете таму немаше да бидете од прв ред вие. Таму ќе бевте од втор ред или незнам кој друг.

Сакам да направам споредба со Рамковниот договор. Јас сакам да направам споредба меѓу предлогот на господинот Бадентер и овој што ни се нуди. Првиот пат кога дојде гдсподинот Бадентер ни понуди еден текст и овој сега го имам исто така рамковен договор, што го имаме сега, нашите преговарачи со олеснувачите кои што презентираа. Меѓутоа кога по втор пат дојде господинот Бадентер вели 90% од моите предлози се прифатени. Јас мислам дека напротив, многу малку се прифатени, туку 90% се додадени други. Во преамбулата додава само една алинеја, која што и сега додадена и вели дека "да осигура мир и почитување на принципот на недискриминација меѓу граѓаните и заедниците што живеат заедно во Република Македонија". Само тоа го додаде, а не нова преамбула.

Понатаму, за полицијата нема ништо од Бадентер додадено, туку е тоа додадено од преговарачите односно олеснувачите.

Понатаму, "целосно ќе се почитува принципот на недискриминација". Нема дадено Бадентер ништо бидејки нема никаква дискриминација. Која е таа дискриминација - секој има право секаде.

Понатаму, за јазикот Бадентер не рекол ништо, меѓутоа сега имаме веќе втор службен јазик кој за жал втор службен јазик иако првиот став на амандманот што е даден е дека службен јазик во Република Македонија и надвор од Република Македонија е македонскиот и Кирилското писмо веќе во понатамошните ставови да кажува дека како дополнително се јавува службениот јазик на државата, службениот јазик на малцинствата. И за документите нема ништо.

Јас само сега уште на крајот, уште малку, имам само неколку изјави да прочитам барав од оние најкарактеристичните. Ќе прочитам на Ибрахим Ругова. "Рамковниот договор нема да ја измени ситуацијата во Република Македонија се додека ОВК не биде целосно разоружана и не биде прекинато нејзиното дејствување бидејќи единствена цел на ОВК е да врши насилство на сите оние кои не припаѓаат на албанската заедница. ОВК е милитантна организација создадена врз наемен

принцип и за неа не постојат никакви морални норми".Мишел Чашудовски "Македонија ќе исчезне како држава. Рамковниот договор нема ништо заедничко со мирот, туку претставува капитулација на една суверена држава пред терористите помогнати од Америка, Англија и НАТО".

Изјава на еден дипломат од западните земји: "албанците во Македонија досега ги одбивале сите обиди на власта да ги интегрираат. Албанците сами си наметнуваат апархеид во Македонија и тие не се дискриминирани од властите, туку по сопствен избор. Тие не се отвораат дури ни кон Европа. Во Македонија Се работи за цивилизациски разлики меѓу македонците и албанското малцинство". За тоа какви права уживаат албанците во Македонија според официјалните резултати од пред пет-шест месеци вели "од вкупно 120 пратеници во Собранието на Република Македонија пратеници од албанско потекло се 11 на ДПА и 14 на ПДП.

Во македонската Влада учествуваат, ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА. ДПА имаше четири-пет министри, заменици министри, директори и незнам какви не функционери, а сега во големата коалиција имаат уште повеќе. Политичките партии на албанците досега учествувале во сите влади на Република Македонија со министри, заменици министри, директори на јавни претпријатија и тн. Бројот на албанците кои се вработени во јавната администрација е во постојан пораст. Мора да се има во предвид дека во 1993 година албанците беа застапени со 3%, а денес тој број е поголем од 10%. На локалните избори албанци беа избрани за градоначалници 26. Според македонскиот систем на образование, се зборува за основното и средното образование 77.496 ученици од вкупниот број на учениците во основното образование се албанци. Во средното образование има 15.302 ученици, што не е задолжително. Се поголем е бројот на студентите кои студираат на двата универзитети во Скопје и во Битола и Министерството за образование има посебна прбграма за вклучување на што е можно поголем број на студенти од разни малцинства, па така постои посебна квота која согласно со последниот попис на населението во 1994 година гарантира упис на студенти на малцинствата надвор од редовната квота. Јас овде таканаречена позитивна дискриминација, го има и во Рамковниот договор.

Овие термини "позитивна дискриминација" ме асоцираат дека нешто постои и негативно. А тоа негативно е за оние што не можат да се запишат од 95 или повеќе добиени поени, а за тоа од малцинствата ќе се запишат со 60 поени, само заради некоја си рамноправност без да се води сметка за квалитетот. Во однос на информативниот систем има 64 пишани весници и списанија и други периодични изданија на албански јазик. Сега се прашувам, зборувам за албанците бидејќи во овие измени не се работи за малцинствата, малцинствата се фрлени настрана, туку за албанците и македонците, не добиваат ништо од тие таканаречени стандарди, стандардна демократија. Не добиваат највисоки стандарди на демократијата. Ништо Не добиваат овие малцинства освен албанците. Овде се поставува прашањето дали при вакви услови во Македонија дали има некоја околна земја, не мислам само на тие со кои ние се граничиме и друга земја во Југоисточна Европа која што е толку демократска, која што толку демократски норми има во постојниот Устав. Мислам дека нема. Уште еднаш сакам да укажам, верувам поради вака што дискутирам овие од СДСМ, бидејќи тие зборуваат нема да ми земат дека се залагам за војна, без оглед дали има алтернатива или нема алтернатива. Алтернативата е наметната. Сум за мир, чесен мир кој ќе го донесеме ние само ако размислуваме со трезни глави, без притисоци, во нормални условина живеење. Вакviот притисок за промена на Уставот во многу кус период, дека од тогаш до тогаш треба да го промениме, да го донесеме предлогот за променување на Уставот, па потоа нацртот и тн., а се работи за суштински измени, многубројни измени на Уставот на Република Македонија. Ќе не туркаат о грешка во грешка и сигурен сум дека таквите грешки скапо ќе ја чинат македонската држава. Можеби не сега и како што милува Црвенковски да каже "сега и веднаш", туку малку подоцна.

Благодарам.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, пред да започнам со мојата дискусија овде ќе ветам пред сите пратеници кои што имаат трпение и желба да слушаат, дека ќе бидам краток. Затоа што доста работи се кажаа, ќе се обидам да бидам краток. Се кажаа доста работи и оние кои се кажаа и се елаборираа сметам дека е излишно да се повторуваат.

Сакам вас лично господине претседателе да ви честитам за вашата постапка во саботата кога успеавте да го заштитите дигнитетот на Македонскиот Парламент и'кога ни овозможивте да се

чувствувам како пратеник на Македонскиот народ и на граѓаните на Македонија, на тој начин што покажавте дека не може овој Парламент да се манипулира, како што некој мисли. Всушност, го чувствувам и пулсот меѓу пратениците како да се парламент моментално е сватен како последниот бастион, кој што треба да се сруши и да се направи она што треба да се направи, она што не убедуваат дека е завртано. А, последиците "отом потом'. Јас имам два говори. Едниот говор е за мир. Бидејќи по професија сум лекар и никогаш во животот кога влегов во политика, не мислев дека од оваа говорница ќе треба да се определувам или да зборувам или ќе ме доведат во ситуација да зборувам и да се определувам за или против мир или за или против војна. Затоа, бидејќи сум за мир ќе го читам или ќе го кажувам тој мој говор, а оној говор кој што е за војна е само на еден лист. На него пишува, за жал, туку министерот за внатрешни работи тука беше, а фала богу министерот за одбрана го немаме видено воопшто во Македонскиот Парламент, на него пишува вака: "Осдбрана на земјата е рамно на војна". Тоа е мојот заклучок, него нема да го читам. Во историјата на секој народ и на секоја држава, покрај мирните периоди, доаѓаат за жал и тешки, потешки и најтешки, овие последните некој ги ословува и како историски периоди. Еден од тие најтешки периоди за Македонија и Македонскиот народ е токму сега. Исправени сме пред дилемите. Некои од нив се вештачки наметнати, но сега се актуелни дилеми, како да се сочува државата, од кого, се прашувам овит 3 или 6 месеци и немам одговор. Дали мир или војна. Но, најтешката дилема, која за мене ќе остане нејасна и после завршувањето на оваа седница на која се покренува иницијатива за промена на Уставот на Република Македонија донесен во далечната веќе сега 1991 година по иницијатива на претседателот на државата, што е негово уставно право, но и мое уставно право и прбтеничко право дали ќе ја прифатам или нема да ја прифатам таа иницијатива. Затоа, останува таа дилема каква ќе биде иднината на Македонија после тоа, каква ќе биде иднината на македонските граѓани, на нашите деца и на нашите внуци. Дали тој т.н., не е т.н., овдека е наречен од лингвистички аспект Охридски договор, инаку е веќе постоечки Рамковниот договор, навистина, ќе обезбеди мир, стабилност и просперитет во нашата земја. Мораме сите да признаеме дека дилеми и нејаснотии има и премногу. Мислам дека се многу малку се тие кои што сега со сигурност можат да одговорат на нив. Заради тоа, претпоставувам дека изјаснувањето на пратениците во овој највисок законодавен дом по оваа извонредно значајна точка до крајот ќе остане дилема, но можеби вечерва, можеби во раните утрински часови нема повеќе да биде дилема. Значи, моментите се историски и од извонредна важност за иднината на оваа држава и овој народ. И, тука повторно доаѓаме до улогата на пратениците во Македонскиот Парламент, застапници и претставници од разни политички партии, до нивната позиција. Огромниот товар, терет и притисок кој што го чувствуваат со месеци и одговорноста од постапките во овие моменти. И, во овие моменти секој обид за правење политички маркетинг, политички партиски маркетинг, верувајте не зборувам од никаков таков аспект. Секој обид за правење на политичко партиски маркетинг од било која политичка партија за мене е во рангот на велепредавство на државата. Во овие моменти нема ништо позначајно од интересите на државата Македонија. Една единствена држава на Македонскиот народ, која што ја стекнал низ еден огромен историски период, со крвопролевање, со огромни напори, со огромен број жртви Македонски во изминатиот период од стотина години.

Почитувани пратеници, веќе подолго време Македонија се наоѓа во виор на војна. Нека не е виор, ама е војна. Половина година Македонија крвари. Полбвина година Македонија е обесчестена, понижена, Македонскиот народ обесхрабрен, понижен и потиштен. И, еве ја првата иронија. Тие кои што ја отпочнаа војната против Македонија, учесниците во сите темни, мрачни, заткулисни договори, заговори и сценарија сега ни нудат еден документ "спасоносен " според нив, од чие усвојување или не ќе зависи во иднина мирот или крвопролевањето во Македонија ќе продолжи.

Дозволете во оваа прилика да кажам дека Република Македонија како самостојна и суверена држава, меѓународно призната, за жал, не под своето уставно име, туку поткованица, заслугите ги знаеме чии се, но сепак суверена и самостојна, Македонија како таква држава има право, има секакво право, меѓународно, цивилизациско, културно, секакво право да се одбрани и да се брани и никој нема право, нема право ниту НАТО, ниту САД, слушаме пред малку, инаку има еден добар виц за САД, ќе му го кажам на колелгата подоцна, Европската унија, буквално никој нема право, тоа наше право да ни го одземе. Затоа што факт е број еде дека Македонија е нападната, дека е

жртва на агресија од надвор од Косово, од еден протекторат кој што е под НАТО. И, дека е во ситуација на агресија. Плаштот, маската, филмот кој што се нуди, младите во Македонија често го употребуваат тој термин филм, е борба за поголеми права на малцинствата во Македонија, внимавајте зборуваме за малцинствата, а Рамковниот договор зборува само за едно малцинство. Тоа е филмот, тоа е плаштот, тоа е обманата, ако е обмана, затоа што е под наводници на меѓународната јавност и оправудавањето зошто се крена оружје, со оружје да се бараат права. Се дискутираше доста и се поставуваа повеќе обвиненија и тези кој е помалку или повеќе виновен за оваа работа, за сето ова што ни се служува. Во меѓусебните обвинувања дури и постои една чудна, за мене никогаш неприфатлива и објаснива заслепеност дури до омраза од одредени припадници на одредени политички партии македонски кон другите политички партии македонски, ќе избегнам именување, заради евентуални реплики, бидејќи нема потреба. Дека има многу посериозни работи од меѓусебни препирки, реплики, кои што завршуваат така како што завршуваат секогаш.

Според мене виновници сме сите ние. Според мене виновници се и нашите нека ми простат татковци и родители. Но, најмалку се виновни нашите деца, кои што ги пуштаме да ја бранат оваа држава во цветот на младоста и да гинат и загинаа. И, од оваа говорница сакам да кажам слава им. Слава им на бранителите на Македонската држава. Виновници сме затоа што не сме си ја завршиле работата добро и на време и сега ни се нудат прикаски со европска обланда. Но најмалку се виновни, уште еднаш ќе речам, нашите деца. А, уште помалку ќе бидат виновни нашите внуци. За мене, знаете ли кој е главниот виновник за војната во Македонија. Тој што зеде пушка и почна да пука и кој ги окрвави своите раце. Замислете уште еднаш сето тоа со оправдување за граѓански права на колективитетот или етникумите или не знам што, да не ми замерат, според терминот се националност, национални малцинства или малцинства. Каде се чуло и видело борци за граѓански права тоа да го прават со оружје, со пушка, со масакри, со палење, со малтретирање на недолжни цивили, со етничко чистење, со сите методи на геноцид врз еден народ во својата сопствена земја. Тоа, кој може да го проголта нека повели. И, какви ќе бидат тие права, јас се прашувам, доколку се остварат преку промената на Уставот на Република Македонија. Можеме слободно да ги наречеме крвави права. Ова ми ја отвара мојата дилема, иако можам да кажам дека веќе не е дилема, бидејќи јасни станаа многу работи за целите, методите и крајната цел на Албанците.

Овде беше спомната Призренската лига, не во смисла на Призренскиот договор од пред два месеци, туку Призренската лига од 1888 година, каде што се зацртани сите главни стремежи и цели на Албанците на овие простори. Од тогаш, до сега се поминати 123 години и Албанците за јота не отстапиле, според мене во историјата од главната зцртана цел, а тоа е создавање на т.н. Голема Албанија. Затоа, пред малку кажав дека сето друго е филм и прикаска, односно сакав подоцна тоа да го образложам, но сега ќе го кажам се употребува еден термин, НАТО го измисли, вчера зборуваше премиерот за таа работа колатер демиџ или пропратна штета, но постои и нов термин што ние мораме овде да го употребуваме понатаму, колатерал бенефит или пропратен ќар. Ем да си ја исчистиме територијата, ем да си го промениме Уставот. Со еден удар две муви. Многу добро. Сега, тука има неколку варијанти. Првата е во прво време тоа да се посебни единици, како што ни беше кажано пред малку од еден од колегите пратеници кантони, федерални единки итн, кои што во еден процес понатаму ќе завршат со создавање на т.н. Сојуз на албански државички и на крајот ќе заврши со Голема Албанија. Е, сега, фактот број два. За Македонија ваква каква што е, нема место во тој концепт. Мене ми е жал што го зборувам ова, меѓутоа, ова го зборуваа и го пишуваа многу сериозни научници кои што важеа за добри познавачи на ова прашање пред години и години, шест или седум години. Имаа смелост и доблест да го напишат во книги, меѓутоа, беа крстени за албанофоби и уште многу други етикети. И, ќе прескокнам сега дел од јужниот дел на Црна Гора, Косово итн, Чемерија, западна Македонија до левиот брег на Вардар итн.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:** (продолжение)

Мислам дека ова е само една фаза, во која, попатно по сосе-дите од север, ќе се закачи и промена на Уставот и ќе остварат пого-леми права, ќе се избрише макеоднскиот народ од преамбулата, ќе се поништи , врската на Македонија со историја на македонскиот народ, а ние ќе бидеме заедница на етникуми, како што ни беше пред малку кажано, поголеми или помали етникуми, или колективитети.

Сега, можеби е таква ситуацијата, ние вака како пратеници сериозно да размислиме дека Македонија е во тешка ситуација, од економски, и безбедносен аспект, меѓутоа, треба да помислиме, што ќе

помислат за нас нашите деца и нашите внуци, по 10-15 или 20 огдини. Верувајте, во овој момент, јас како пратеник, немам доволно аргументи да верувам во искреноста , во вистинскиот коректен пристап и на албанците во Македонија. Можеби, како што предмалку кажаа, се работи за некаква параноја. Но можеби, се работи за "отворање на очите, за да се прогледа". Јас мислам дека е ова втората точка. Не се работи за параноја. Работите се многу јасни.

Сега се посочува Уставот, како извориште на воената криза. Јас мислам дека тоа не е така. Извориште за воената криза во Македонија е за жал борбата на албанските терористи, за усвојување на територии. Албански терористи, е најубавиот термин, што може за нив да се каже. Инаку, тоа се нелуѓе. Само нелуѓе можат да прават такви ѕверства и такви масакри и такви иживувања врз македонците во XXI век. Меѓутоа, лицемерието и иронијата е што овде не убедуваат многу грлато дека веќе се европеизирани. Тоа нема врска со борба за поголеми индивидуални и колективни човекови пава, односно права на малцинствата и тоа треба македонците да го знаат.

Дозволете ми почитувани пратеници, да ве потсетам за некои други работи, што според мене се случуваат и зошто ни се случуваат и што ќе произлезе, што се класифицира во групата на ненормални работи, односно работи кои се надвор од здравиот разум и здравата логика.Прва работа е инвазијата и агресијата дека во РМ , почна и трае, односно е пренесена од Косово- Косово е под јуриздикција на НАТО. Се однесува на логистика, оружје, лекови свежи сили и тн. Зошто, сеушт, не е почнато некој го нарекоа, востание, како што се ББС, Ројтер и другите медиуми, дека тоа се востаници. Зошто тоа не е во Кичево. Тоа била некоја друга фаза. Меѓутоа , тоа е многу блиску до логистиката. Тоа треба да го знаат сите луѓе зошто бегаме од вистината? Клучот според мене,е Косово 1999 год, до 2001 год, за настаните во Македонија. Тука не треба да се обвинува никој, бидејќи зад тоа, стоело нешто друго. Ако е така лесно, до колку е тоа причи-ната Танучевци, дека се почна од Танушевци, тогаш, јас би бил прес-реќен. Тогаш ние ќе ја смениме Владата, ќе се сменат партиите, ќе дојдат нови луѓе и веднаш ќе расчистат. Тоа не е точно. Тоа е илу-зија. тоа е заблуда. Немојте да живеете во таква заблуда. Танушевци е почеток на настаните во Македонија, кој што се спремаше со години, а стартот и силата е Косово 1999 год, и криенката на НАТО во Косово. Всушност, НАТО во Косово изгради политичко бандитски"монструм". И сега така "монструмот" ги шири своите прсти кон Македонија. Вие немојте да имате илузија дека ова ќе заврши. Јас би бил најсреќен до колку е така. Меѓутоа јас немам аргументи дека тоа ќе заврши. Затоа ви ја кажав оваа теза патем , да направиме и некоја промена на Уставот. Од АНА потоа ќе биде некоја друга, тоа е кажано во јавноста, не убедуваат дека имаат контрола врз терористите, меѓутоа, тоа е уште едно лицемерие на албанските интелектуалци, спрема Македонија. Ниеден од нив, јавно не се огради, од тие злодела, како што се прават во тетовско, во кумановско, врз недолжни цивили. Јас имав прилика пред три недели да се сретнам со еден човек во Охрид, од тетовското село Теарце. Заради неговата безбедност, нема да го именвуам. Јас не ширам никаква омраза, туку ја кажувам вистината. Јас не ги мразам луѓето. Имам пријатели албанци и сакам да ги имам и понатаму. Мене не ми е својствено да мразам, но својствено ми е да ја кажувам вистината. Ќе ја кажувам додека сум пратеник и додека имам можност да ја кажувам. 54 годишен човек, татко на две деца, беше киднапиран од својата куќа, бил тепан шест часа, беше буквално претепан . Тоа ли го прават борците за човекови права? Говориме за привремено раселени лица во Македонија. Која држава користи термин за сопствените граѓани "привремено раселени лица" Привремено раселени лица има при некакви природни катастрофи: поплави, земјотреси и тн. Но, масакрирање, тероризирани луѓе , избегани од своите вековни огништа , што спијат по паркови, по домови, што незнаат каде спијат, што незнаат што се случува со нивните домово, што незнаат што ќе им се случи утре и задутре, а уште ние пак, цинично ги нарекуваме "привремено раселени лица". Тоа луѓе, се бегалци. Бегалци во својата сопствена држава се 75 илјади граѓани на РМ , од кои повеќето се македонци.

Јас несакам да играм улога на голем патриот. Сакам веднаш да ви кажам тоа се прави на поинаков начин. Меѓутоа, несакам да ме нарекува ББС македонски националист. Но, за жал, сега македонските медиуми не присуствуваат овде, а јас мислам дека треба да се направи една мала дигресија во нашите медиумски македонски куќи, зависни, или независни и тн. за тоа што тие господа направија од медиумите да ја деблокираат, одблокираат блокадата, на тие светски куќи , кажувајќи ја вистината за настаните во Македонија. Уште ли ќе се занимавате, со состојбите во Владата на РМ, за односите помеѓу претседателот и заменико, или претседателот на Парламентот. Зошто никој од вас не се

дрзна, да и каже на ББС, дека не е точно , за тоа како не претставуваат, да се направи една репортажа за тетка Блажумка од Арачиново и тн. Дали разградувањето на македонското ткиво , во овие пресудни моменти , ви прави посебно задоволство. Кој ве платил за тоа? До колку не сте платени, каде е вашиот патриотизам.

Втора ненормална работа според мене, е суспендирањето на изборите, односно резултатите од изборите во Македонија од 1998 год, на еден за мене, чуден , и нејасен начин. Под притисок од мегународната јавност, ми се чини тогаш г-динот Солана: откога,ќе направиме голема коалиција во Владата, ќе завршат сите проблеми во Македонија". Напротив, отогаш па досега, ситуацијата е уште полоша. Јас не критикувам ниедна партија. ова е многу реално. Како што вика народот, "еден во клинецот, а другиот во плочата"Еден зборуваше за македонското национално единство, а друг го корегираше, што значи тоа македонско национално единство . Јас сега можам да кажам дека тоа е гетоизација: убиства, силување, на најподмолен начин убивање од заседа, масакри, иживувања, терор. Замислете, во Македонија се случува терор од малцинството, врз мнозинскиот македонски народ. Ние сме убаво релаксирани и мислиме тоа е борба за човекови права. За жал, и Собранието беше на некој начин притиснато, да не кажам, потежок збор, суспендирано, која што е трета ненормална работа, според мене. Можеби не суспендирано, меѓутоа притиснато, да не отвора расправа по ова прашање, и покрај тоа што имаше барање од голем број политички партии. Кон колегите албанци ја искажувам сета почит, меѓутоа, тие ќе се налутеле и ќе го напуштиле собранискиот дом и ќе нарпавеле собрание во Тетово.

Четврта ненормална работа, е односот на ЕУ и на НАТО, кон кризата во континуитет: од почетокот, па до сега. Од една крај-ност, до друга крајност, кон легалните македонски власти. Тоа на некој начин се чувствува и зошто ние да му кажеме. Ние да кажеме, во Дневник пишува, дека НАТО ќе отпочне со 11-та фаза од"жетвата", ќе пожнее 70% од нумизматичко оружје, тоа го гледаа пратениците. Тоа оружје од 1945 год. Имавме една уште поцинична изјава дека и тоа оружје убива. Но, јас би му одговорил на г-динот Робертсон од оваа говорница, дека тоа оружје што не е одземено, многу повеќе убива. Изгледа, за жал, ќе продолжи да убива.

Сакам да кажам за уште една ненормална работа: сега слушаме се дојдени 4.800 НАТО војници , да собираат, 4.300 пушчиња. Се трошат огромни пари за таа цел. Зошто НАТО не учествува во враќањето на бегалците, од просторите од каде што се исчистени и кој е тој лицемерен однос, кон една држава, која што се декларира дека е суверена. По толку многу ненормални работи, неможе да има , верувајте, нормална и логична разврска на настаните. Тоа да го избришете од умот. На крајот, ќе кажам нешто и за Рамковниот договор. Го почитувам претходниот дискутант што тоа многу убаво го изелаборира многу кратко. Можеби, во некое друго време ќе размислав како понатаму. Меѓутоа, во вакви услови под притисок со излив на благо предупредување, кое доаѓа од оваа говорница, дека не сме задоволни од се што има во Рамковниот договор, ние бараме многу повеќе, мегутоа, заради мирот, и со ова ќе се задоволиме, но, пак внимавајте, во некоја друга фаза нема да бидеме задоволни, па тоа нема да важи и повторно ќе продолжи "циркусот". Тоа беше кажано 200 пати овдека. Кој го разбра, го разбра, а кој не го разбра, нека му е на здравје.

Г-дине претседателе , референдум е работа, за која во ова Собрание треба отворено да се разговара. Никој од нас овде, кој што влезе во овој Македонски парламент, не им ветуваше на граѓаните, нашите избирачи дека по три години ќе го менуваме уставот на РМ, ќе вршиме измени, и во него, ние самите, македонците, ќе се избришеме и ќе се укинеме. Затоа што, не заплашуваат со војна. Некогаш, одбраната на државата е чест и должност. Јас, исто така, имам еден предлог, бидејќи се зборуваше овие два дена тие што викаат не, што нудат. Јас го имам следниот предлог: албанците во Македонија , преку своите претставници јавно да му се извинат на македонскиот народ, за ова што го правеа изминатите шест месеци. НАТО, да го собере, по половина пушка од воник, и да си замине дома. Македонските безбедносни сили , да го доразуружаат корпусот на албанските терористи во Македонија. Да ги запоседнат своите територии во рамките на признатите граници на РМ. Бегалците да се вратат дома, сите до еден, и да им се гарантира безбедност и сигуурост. И тогаш, македонскиот народ и граѓаните на РМ да се изајс-нат по ова прашање, на референдум.Тоа е нормална постапка во една суверена држава, според мене. Иницијативата за промена на Уставот ќе ја следам , само до оној момент, додека јас самиот, Илија Пранговски , како пратеник во овој момент во Македонскиот парламент ќе бидам сигурен дека нема да му направам штета на сопствениот народ. Оној момент,

кога ќе бидам сигурен во обратното, нема да ја следам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Томисла в Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, слушајќи ги дискусиите, мислам дека доволно е кажано и дека скоро се е елаборирано.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Сакам само да го искористам сега моето деловничко право, јавнс да се изјаснам како ќе гласам за пристапување кон промена на Уставот на Република Македонија. Би сакал дека јас овој предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија ќе го поддржам од една единствена причина, да му се даде уште една шанса на мирот. Ако тоа воопшто е возможно на овие простори. Факт е дека Република Македонија никогаш не се наоѓала во потешка положба од ошто денеска. Исто така, факт е дека РМ, никогаш нема да биде повеќе исто како денес. без разлика"како ќе заврши гласањето. Една работа да ви кажам јас не им се чудам ниту на албанците, ниту на НАТО. Јас можам само да му се лутам на македонсмкото неединство од типот ние и вие. Од типот кога ќе дојдеме повторно на власт, ќе видите што ќе ви направам, што сето тоа водј-кон македонско самоуништување. На почетокот од оваа седница еден од претходните дискутанти рече дека нема повеќе да има: ние и вие. На тој дискутант јас му поверував. Верувајте ми. Но, вчера на вчерашната седница еден од говорниците повторно ја распламти омразата, го фрли сеното на раздорот и повторно не гледам никакво единство меѓу нас пратениците од тн. македонска страна. Ве молам, кажете ми сега на кого да му верувам, на претходниот или на сегашниот дискутант?

На крај само едно би апелирал, за целосно македонско единство затоа што само со единство имаме шанса да ги надминеме овие најтешки моменти за РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Горѓи Тодоров..

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа колеги пртеници, денешната состојба во Република македонија е последица од десетгодишно лошо водење на политиката од политичари, поданици, политичари, без визија и амбиција да од РМ, се направи држава еднаква како што денес имаме во Европа и во целиот свет. Денес пред нас имаме една иницијатива од еден човек кој што случајно во животот дошол до функцијата претседастел, односно политичар без визија, т.е. амбиција што треба да направи во случај кога амбицијата би му станала реалност, а визијата патоказ при реализација на таа висока државничка функција. Па во тој контекст сакам само да го потсетам Трајковски дека кога настапуваше на предизборните митинзи пред македонските граѓани не им ветуваше дека пред парламентот ќе прави иницијатива за промена на уставот со кои промени ќе изврши предавство и понижување на македонскиот народ и лојалните граѓани на Македонија и македонската држава. Кога даваше заклетва при приемот на функцијата претседател на РМ, зборување дел од цитат: " ќе го штитам суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ, согласно уставот и законите на РМ". Не кажа дека ќе покренува иницијативи за промена на Уставот на РМ, со кои промени се брише македонскиот народ и македонската православна црква , се разнебитува државата Македонија. Имено, ништо подобро не беше и неговиот претходник во кој многумина граѓани гледаа искусен и мудар политичар и очекуваа дека токму тој ќе биде кохезионата сила во Македонскиот политички блок кој ке ги сплоти политичките партии и ќе иницира национален консензус меѓу македонските политичари, партии, и како производ од сето тоа формирање на македонска нација по принцип на сите европски и светски држави кои се национални држави со граѓанска ориентација и ќе се надминеа некои меѓуетнички недоразбирања од денешен тип и како држава ќе се свртевме кон градење на македонска-та национална економија со европски стандард и правна држава. Но, за мене ни неговото подолго политичко искуство и неговата мудрост не беа ни приближно до моите очекувања.Јас во вокација не сум поли-тичар, но сметам дека за денешната состојба подеднакво е виновна минатата власт по." дуото Црвенковски ,Глигоров и сегашната власт пог дуото Георгиевски,Трајковски. Во овие судбоносни и пресудни денови денови за Македонија и македонскиот народ мора и денес да повторам, дека основната наша функција како пратеници, народни избраници е да ги штитиме интересите на Република Македонија, македонскиот народ и нација. Република Македонија и македонскиот народ се определија за демократски, повеќепартиски модел како основа на државното уредување кое ќе не движи кон економски просперитет, посветла и посигурна иднина на сите нас и нашите поколенија. Уставот и законите на земјата се

единствените извршни рамки на нашите определби, па се што се прави надвор од тие рамки е против законито и против уставно, против народните определби, бидејќи тие гласаа за нас и сигурно не очекуваа една ваква иницијатива и ваква расправа на овој парламент. Во Уставот и законите никаде не стои дека за судбината на РМ, и македонскиот народ може да преговара и договара било каква група на граѓани без разлика на нивнтие партиски функции. Сите оние учесници на таканаречените преговори се прекшувачи на уставот и законите. Тие извршија предавство на македонскиот народ и распродавање на Република Македонија кога во услови на агресија и окупација на наши територии се случуваат убивања и протерување на наши луѓе од нивните сопствени родни огништа, убивање и палење на се што имаме, седнаа да ја договараат најсрамната капитулација на РМ, и уште посрамно бришење на македонскио народ и нација.

Почитувани колеги пратеници на македонскиот народ, вие не сте избрани од партиските лидери. Нашата сила е народот што не избра. Затоа во заштита на Република Македонија и македонскиот народ мора да се спротивставиме на предавството што го направија овие узурпатори на македонските интереси, само повиканите преговарачи во име на македонскиот народ. Не е страшно да се капитулира пред помоќниот, многу пострашно е да се глуми победа. Врз база на нашите определби во рамките и силата на законитоста на демократските повеќепартиски модел мора да се спротивставиме на приватните авантури на овие предавници и да ги заштитиме интересите на македонскиот народ. Но, ако и ние пратениците без разлика од кои мотиви и интереси го следиме патот на предавството и гласаме за договореното, стануваме формален заверувач на предавството и ќе бидеме уште поголеми предавници од оние што ја потпишаа капитулацијата. Треба на секој од нас да ни е јасно дека нашите деца и сограѓани во иднина ќе не презираат, плукаат и колнат, бидјеќи татковината наша РМ, не ја наследивме од нашите татковци и дедовци како приватна фирма за да можеме да ја распродаваме. Огромните и несогледливи штети и последици од предавството со ништо не можат да се оправдаат, бидјеќи секој оној кој од нас ќе се дрзне да го предаде својот народ, казната за нив ќе демнее на секое место, во секое време и од секој македонец. Тргнувајќи од тоа дека ние денешните македонци сме горди потомци и наследници на славните древни македонци од пред и за време на владеењето на Филип Македонски и неговиот прочуен син Александар Македонски Велики. Горди на славните претци од средновеко-вието Цар Самоил, Св. браќа Кирил и Методиј, нивните ученици, Св. Кирил и св. Наум, горди на легендарниот Гоце Делчев и неговите соборци, горди на обновената Крушевска Република на Балканот како прва македон-ска демократска Република, како држава на сите граѓани кои живеат во неа и горди на второто обновување на македонската република од 1944 година. И конечно горди на третото обновување на македонската република во лицето на самостојна и независна Република Македонија. Во овие тешки денови кога албанските терористи го уништуваат мирот во Репуб-лика Македонија, окупираат територии и го протеруваат македонскиот наро од вековните огништа, браќа македонци, сега е време да ги збиеме нашите редови да ги надминеме нашите различија, да покажеме дека сме народ способен да живее самостојно и демократски и да ја чува и сочува оваа наша држава. Нека нашите и туги преговарачи и олеснувачи знаат дека ние сме за мировно и демократско решение помеѓу македонската нација и етничките малцинства кои што живеат во нашата земја. Нека исто така се знае дека никој нема право да навредува и уништува еден народ кој ги почитува и уважува сите меѓународни спогодби и кој е модел на едномултиетничко општесетво во Европа за разлика од албанските терористи кои криејќи се зад борбата за човекови права кројат планови за поделба, за федерализација и уништување на македонскиот народ и македонската држава. На 8 септември 1991 година се оствари нашата вековна желба да имаме самостојна и суверена држава, да ги спомнеме зборовите на великаните на ослободителните движења, дека Македонија мора да е; држава на македонците и на сите националности кои живеат и кои сакаат да живеат во неа. Да ги потсетиме сите оние кои не укоруваат во кршење на човековите права и меѓуетничките односи е голема лага. Тоа не било никогаш во историјата на Македонија од најдалечното до денешно време. Време е нашите политичари да се исправат на нозе и достојно да ја бранат државата, нејзиниот суверенитет и интегритет. Гледајќи ја германската официјална програма, државен канал, згрозен суд од нивната тенденциозност, намерност , или неинформираност. Во последно време редовно не нарекуваат македонски словени и македонски албанци, додека другите нации, се мисли на комшиските, ги нарекуваат како Срби,

Хрвати, Словенци, Бу гари а и тие се дел од словените. Ние сме македонци со своја држава, јазик, писмо и единствен македонски народ со своја држава во светот, а не како македонски словени. Дали е тенденцијата да не збришат од земјината топка како народ, како нација, задоволувајќи ги туѓите аспирации, но, треба да знаат дека се можат да ни земат и да уништат, да прекројуваат, ама македонската душа нема да можат никогаш да ја земат, уништат, бидејќи зад неа стојат илјадници години, векови и дела со голем удел во светската историја. Многу сум загрижен од аматеризмот на оваа влада. Да во вакви опасни тенденции со нејзината неинформираност, неспремност, неукост индолентност и незнаење како со сето ова да се справи. Би било неприродно во околностите во кои се најде Македонија да се воспитуваме, а да не забележиме дека токму неприродното станува реално во атмосвера на ужасот креиран дел во Република Македонија, дел надвор од неа исполета со насилство, масакрирање, мачење, убивање, и пљачкање. Осудата на меѓународната заедница доаѓа со формулацијата ние осудуваме секаква употреба на насилство. Така селењето на борците за права од институциите на систмеот во планините има врска со друга битка која што нема автентични македонски корени, туку претставува произведен конфликт врз принципот на рационализација на ирационалните страсти со кои што Балканот е преполн. Заради етничката конфигурација и програмираната сиромаштија. Рационализацијата се состои во интересот во Македонија да се одржува состојба на континуиран етнички конфликт како ледоаје на проширување на морскобранот на Балканот, но и како нова стратегиска методологија на цедење на новоформираните акумулациски сокови во црниот пазар во регионот. Македонскиот воен пазар е разработен по традиционалната методологија, во почетокот со уфрлање на професионален одред на смртта т.н. легија на странци, регрутирани борци на жариш-тата од составот на резервната армија на трудот од најниските слоеви на населението со програмиран код за професионално убивање за плати е процес кој му конкурира на формалниот сектор војската и полицијата, бидјеќи станува збор за безкрајна легија на светски криминалци кои се придружен елемент на глобалниот политички поредок. Осиромашеното општество е вториот манипулативен лост кој што потенцијално тлееше во албанскиот етнос за да бликне преку меѓународната поддршка на насилните промени на уставот во кои што на голема врата се воведува етнич-киот консензуален принцип во политиката, а со тоа се поттикнува тиранската амбиција на малцинскиот дел на населението врз мнозинскиот. Во основа на сценариото се процесите на преселување, искоренување на народот, стеснување, суспендирање на функциите на институциите на системот, одбраната, прекројување на државата и нејзино сведување на пашалуци, се до одземање на државниот суверенитет. Така на меѓународно благословениот и трасиран пат кон демократско општество длабоко му се забива ножот во грб со уставните промени кои ни се нудат со ои се поништува кревката демократија и се навестува новиот државен хибрид во лицето на политички квазимодо кој се одржува врз принципот на терор и репресија. Нарушувањето на стабилноста и безбедноста на нашата земја е од економски, политички цели. Економската цел е ревитализација на пазарот на оружје во рамките на купопродажниот договор за правата. Оружјето се предава на НАТО во втората епизода до нови права се јавува нова терористичка албанска организација т.е. се менуваат симболите на униформите со нови редикални барања за кои е потребнс ново оружје. Така во Македонија се етаблира лојален клиент на пазарот за оружје т.е. стабилен купувач, а истовремено се консолидира позици-јата на НАТО пактот во разоружувачка мисија во функција на заштита на мирот, на безбедноста, а всушност во континуитет на доминација на просторот кој во американските стратегиски избори е одбележан како предворје за завладување во светската ризница на енергетско минералните извори русоазија основната цел на американскиот стратегиски ум е одржување и ширење на својата доминација и стабилност на конзервативното уредување. Без предметно е да се говори за одговорноста на меѓународната заедница затоа што таа не е наша. Прво, таа не е наша и нема за што да одговара пред нас, второ, има време кога ќе одговара. Мора да се обратам на власта, на сегашната и минатата, за нејзиното владеење, односно околу тоа што не требаше да се случи и нејзината морална одговорност пред целиот македонски народ и сите жртви кои отидоа за кои најголема морална одговорност има власта сегашна и некогашна. Многу ми е жал што претседателот како иницијатор на овие промени на Уставот не е тука, но сигурно ја следи седницата. Господине Трајковски гледам сте добро расположени и насмеан, полн со оптимизам. Се мисли на телевизиските канали. Изгледате насмеано на екраните како да е Македонија остро на срећата и слободата. На што се радувате г-

дине Трајковски, може би ве радува фактот што повторно ве фалат за вашата храброст. Сте биле храбар порачуваат од САД, затоа што сте сте го потпи-шале рамковниот договор. Знаете ли точно што сте потпишале г-дине Трајковски и зошто ве фалат? Вака ве фалеа и пред две години кога за прв пат бевте избран за претседател на Републиката. Тогаш ве фалеа за големата храброст во отвореноста кон албанците и велевте дека сте претседател на сите граѓани на Република Македонија. Ако сте кажете барем некои граѓани на Македонија кои ве респектираат денес. Зарем не сваќате дека ниту еден од оние што некогаш ве сакаа и гласаа за вас, сега не ве сакаат и никогаш не би гласале за ваков претседател. Знаете ли колку мајки зацрнивте и колку деца сираци оставивте, со вашата неодлучна акција уште во фремето кога прв пат се појави кризата во Танушевци, кога имавте поддршка од севкупната меѓународна заедница, со сите расположиви сили да се удри и да се очисти Македонија од узурпаторите. Дали и сега како тогаш се чувствувате за претседател на македонците и албанците кога немате никаква моќ што над едните, ниту над другите.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ**: (Продолжение)

Вашиот глас е изгубен како гласот на загубениот во пустиња. Свесни ли сте дека земјата крвави, дали чуствувате трунка одговорност за сето ова што и се случува на РМ, или заминавте во Охрид за да се одморите играјќи тенис и блокирајќи ги улиците во Охрид, во време кога Македонија ја освојуваа албанските терористи, а само за два дена отидоа 20 млади животи. Си дадовте таков легитимитет да потпишете капитулација на македонскиот народ и македонската држава и овде пред нас да го доставите како иницијативата за промена на Уставот. Трајковски, народот те бираше, но тој ист народ и ќе те казни, само прашање е на време. Можеби се плашите од Хаг, меѓутоа за вас ќе пресуди македонскиот Хаг, односно народот на оваа древна македонска држава. Не разбирате ли дека се мајтапат и поигру-ваат со вас белосветските емисари за таканаречените човекови права. И животинчето во циркус по успешната точка го фалат, удирајќи го по рамо и давајќи му шеќерче. Зарем не сватилвте дека сте само играчка во рацете на големите мајстори. Но, ме зачудува фактот што и господинот Црвенковски, за кого претседателот Трајковски беше само граѓанин на РМ, везрезервно стои, дури повеќе и од самиот Георгиевски. Стоејќи зад неговата програма, стоите зад програмата на Фровик, бидејќи зад Пердју се крие Роберт Фровик. Сето ова го знаете и како храбар лидер треба храбро да го кажете. Храброста не е во премолчувањето на фактите. Што ќе кажете сега господине Црвенковски за октоподот за амнестијата на паравојската за толерирањето на идеите на Илирида. Ваш долгогодишен коалиционен партнер беше ПДП, чиј член Мерсим Положани, ја прогласи Илирида, ако добро се сеќавам. Тој беше ваш заменик министер за правда. Има многу да кажете, но сепак молчете. Молчи господинот Глигорово за чие време господинот Црвековски во оазата на мирот додели 150.000 државјанства на етничките албанци кои денес ни прават тоа што го прават. Никој пат Црвенковски не проговорил околу тоа. Помислувате ли некогаш господине Црвенковски да проговорите за тоа. Јас мислам ќе дојде време и те како ќе проговорите за сите работи за кои денес молчите. Господине Георгиевски, вие кој со години го мавтате народот како национална македонска партија, кога на Македонија и е најтешко заминавте на Крит во псрсета на вашето семејство. Дали сте ги посетиле семејствата на протераните од Тетово, Куманово, Кумановско, Арачи-ново. И кога тоа би го сториле, ќе можете ли да им кажете што се случува со нив и со Македонија. Ќе можете ли да им кажете и за новиот сосед Косово кој го промовиравте вие, каде е и како е вашиот голем пријател Хашим Тачи. Што се случува со вас и вашиот голем коалиционен партнер Џафери. Дали тој ве изигра вас, а преку вас и сите нас. Ако сте биле изигран односно принципот на братство-единство во кое мирно се договоривте за поделба на територии и бизнис. Треба да одговорите дали сте биле изигран, пред овој македонски народ, бидејќи наивноста во политиката се плаќа, а треба да одговорите и ако не сте биле изигран бидејќи и предавството на својот народ се казнува. Кој ви го дал правото да молчите тогаш кога треба да одговарате. Се прашувате ли што сторивте од оваа држава и овој народ кој ви ја довери сопствената судбина да го водите во подобра и посигурна иднина,а не во ваква каква што денесе ни ја нудите. Дали сте свесни дека ја злоупотребивте неговата доверба, уништувајќи ја и делејќ ја државата Македонија. Дали сте свесни дека дојде денот Д кога треба да го почуствувате гневот на македонскиот народ за своите недела. Најлесно е господа да одговорите дека сте биле притиснати од меѓународната заедница и дека тоа морало така да биде. Меѓутоа единственото нешто во животот што мора е да се умре. Се друго е избор. Сепак и да не сте имале што да бирате сте ја избрале варијантата на измеќари и покрај тоа што сте можеле да ја одбиете понудата,

понудената актерска улога и да излезете и отворено да ја кажете понудената улога и отворено да кажете пред македонската јавност дека сте доведени пред свршен чин. Така одговорноста ќе ја имаше меѓународната заедница, а денеска ја имате вие пред својот македонски народ кој што ви ја дал својата доверба да го водите во подобра иднина. Сепак сте ја одбрале улогата на соучесници во сето ова, за кое имате голема одговорност. Сте се одлучиле да глумите дека практикувате власт и одговорноста е ваша. Не е страшно да се капитулира пред помоќниот. Многу пострашно е да се глуми кога играте изгубена за која основни виновници сте вие. Господа предавници, најстрашно е да се глуми победа кога играта е изгубена, а уште пострашно е кога својата немоќ ја прикажувате како моќ а со самото тоа длабоко го навредувате сопствениот народ кој ве издигна на пиедесталот. Македонија и македонскиот народ се наоѓаат пред многу тешки и судбоносни денови. Изгина многу народ и сеуште гине, а вие господа кажувате за примирје во кое албанските терористи освојуваат македонски територии, под изговорот за малцински права. Најверојатно заборавивте на тоа дека сте во Македонија. Дали заборавивте дека сте лидери на политички партии од Македонија. Нашето исконско национално и државно име е Македонија. Сегашната Влада на Република Македонија има историска обврска и одговорност пред минатите и идните македонски поколенија, да ја води Македонија во насока каде македонската нација е посебна, суверена и автохтона, со свои сопствени национални македонски корени. Македонскиот јазик е посебен и одделен јазик од сите други балкански јазици. Македонската азбука е посебна и одделна азбука од сите други азбуки на Балканот и совршен прилагодена на современиот македонски литературен јазик. Националните права на македонците за поробените делови на Македонија да бидат поставени како приоритетно прашање во мегународните односи,со соседните земји како предуслов на добрососедство. Сите воени бегалци од Косово безусловно да ја напуштат територијата на РМ. Во оваа група ги вклучуваме илјадниците незаконски доселени од поранешната СФРЈ, по нејзиното распаѓање на СФРЈ, а кои ги радикализираат меѓуетничките односи во нашата татковина и ја доведоа државата до работ на војната. Да се престане со распродавање на македонските национални богатстава и инте реси да се спречи двојазичноста и федерализацијата на РМ, а посебно изградбата на паралелен образовен систем. Подигнување на македонската архиепископија на степен на патријаршија, а со самото тоа и возобно-вување на древниот македонски патријаршиски престол кој ќе ја опфати територијата на цела етничка Македонија како и разгранување секаде во светот каде што живеат македонците. Меѓу македонската младина секојдневно издигнување на македонскиот национален дух и втемелување на сознанието за заеднички македоски животен простор во целокупна Македонија. Ова е дел од насоките на кои требаше да работи минатата и сегашната влада, а не да ни се нуди Рамковен договор со кој се прави дезинтеграција на македонската држава и нација, односно предавство и капитулација на сопствената нација и држава, ако можам да кажам од сопствената влада. Но, не заборавајте дека овој мирен, трпелив, осиромашен и ограбен народ од сопствената влада, мината и сегашна ќе ве осуди колне, преколнува, ќе ве казни. Ќе ве казни вас и вашите поколенија, кога и да е и каде и да е, и каде и да сте, бидејќи се дрзнавте да му го одземете правото кое вие не му го дадовте, а тоа е право на слободен живот во сопствената држава Македонија. Се додека Македонија има такви квази патриоти политичари на власт, Македонија и македонската нација ќе крвави. Уште еднаш ве замолувам во името на македонскиот народ односно на моите гласачи како народен пратеник, дајте си оставка и заминете од политичката сцена, признајте ја својата политичка незрелост, незна-ење и немоќ да се справите со злото кое го донесовте во РМ. Овој народ со ништо не заслужи, давајќи ви го гласот на поддршка а вие неговите предавници го разнебитивте и секојдневно зацрнувате по некој македонски дом. На крајот од ова мое излагање се обраќам кон сета македонска јавност која е за интегрирање на македонската нација и држава и да кажам, не го давам мојот глас за никаков Рамковен договор кој нуди поделба и разнебитување на македонската држава и нација.

Македонски народе, по се изгледа дека дојде време и час сопствената судбина да си ја преземеме во свои раце, бидејќи гледаме оваа влада до каде не донесе.

Господ нека ни е на помош.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продедурално за збор се јавува господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, во врска со процедурата би сакал да ви укажам на тоа

дека за да работи Собранието, согласно Уставот треба внатре да има 61 пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има. Сега имаше.

Ако има нешто помалку ги молам пратениците нека влезат во салата.

Ги молам пратениците нека влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јавува Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам да го кажам следното. Јас ги разбирам пратениците од ВМРО-Вистинска и од ДА што се против договорот. Меѓутоа, објективно ги прашувам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, заради што не вовлекоа во процесот тромесечни преговори тие лично како партија и пратеничка група. Заради што не тераа цела држава да се вовлече во процес на соработка со меѓународната заедница заради што цела држава преговараше и на крај заради што потпишаа до сега четири дена да не гњават дека ниеден од нив не го прифаќа договорот. Што не кажаа на почетокот поштено дека не сакаат договори и тоа ќе беше крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, интервенцијата не е од деловнички карактер туку од политички.

Има збор господин Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Македонија се наоѓа во војна, не по своја вина. Се наоѓа во војна наметната од надвор, во соработка со домашните албански екстремисти.

Што всушност бараат албанските терористи? Дали бараат права, дали се борат за правата на албанците или за нешто друго? Ако се борат за правата да видиме кои права ги немаат, т.е. кои права ги имаат, дали се дискриминирани во системот на РМ, или не се, нормално в согласност со европските и меѓународните стандарди за човекови права.

Прво да видиме дали нашиот устав е пречка за остварување на нивните права, и ако знаеме дека господинот Бадинтер пред околу 9 или 10 години нашиот устав го оцени како еден од најдемократските на Балканот заедно со Уставот на Република Словенија и дека тој воопшто нема пречка за правата на малцинствата и националностите во РМ. Албанците имаат образование на својот мајчин јазик а еве во последната година се прават напори да биде тоа и високото образование Учествуваа во владите на РМ од 1990 година па наваму. Моментално се во власта и имаат минќстри во клучните министерства, како што е Министерството за правда, Министерството за економија. Имаат свои заменици министри, свои амбасадори, свои директори на јавни претпријатија, меѓу кои и на клучно јавно претпријатие Македонски аеродром. Имаат свои градоначалници од 1996 година па наваму. ВО локалната са-моуправа имаат свои началници и раководители на подрачните единици на Министерствата. Со еден збор застапени се во власта во РМ и овој процес беше отпочнат со самото осамостојување на РМ, а од 1998 година наваму тој се интензивира, се создаваше клима на доверба и на сигурност дека во догледно време ќе се испонат и останатите права кои тие сметаат дека треба да ги имаат. Дали албанците немале просперитет во однос на македонците, може да се види ако се направи споредба меѓу селата во Источниот дел на Македонија и селата во северозападниот дел на Македонија каде што живеат албанците. Ќе видиме дека разликата е огромна, нормално во корист на албанците. Впрочем тоа го истакна и еден колега и еден мој колега во претходните свои дискусии. Се прашувам дали е тоа резултат на дискриминација, репресија или нешто друго.Не мора да одиме далеку од Скопје може да видиме во Арачиново, какви гради и какви куќи имаат албанците и ако тие градби во самото село Арачиново ги спордиме со самите градби на македонците во тоа село. Ако сме веќе кај правата на националностите во РМ не постојат покрај македонците само албанците како националност, туку има и роми и власи, бошњаци, турци и срби кои не се ставени во преамбулата а еве не се осмелуваат да дигнат востание.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа мислам дека ако се преговара за унапредување на правата на националостите, треба да се прашаат сите националности независно од нивниот број. зарем сето ова не се права. За што всушност се борат албанските терористи. Албанските терористи во РМ не се борат за своите права. Тоа им е јасно на сите во РМ и на македонците и на албанците , јасно и е и на внатрешната и надворешната меѓународна јавност. Меѓутоа, меѓународната јавност какр да не сака да ја прикаже состојбата во Македонија онаква каква што е. На сите им е јасно дека албанците се борат за голема Албанија дефинира во призренската лига пред стотина и пвоеќе години во која треба да бидат и подпаднат делови од РМ т.е. целиот северозападен дел од РМ.

Тие имаат стратегија дефинирана од надвор со постапки и методи како тоа да го остварат. Притоа ќе напомнам само дел од нив: масовен наталитет со огромен број на деца, со две и повеќе жени, независно од материјалната состојба на нивните семејства. Физички прилив на население од Косово и Албанија во средини каде веќе доминираат и барање на сите можни начини да добијат државјанство во РМ со поткуп, со непријавување на починати, со мажење и женење со албанци од РМ и со какви не други методи. Како најочигледен пример добивањето на државјанства на 150 илјади во 1994 година.

Понатаму како дел од методите со кои сака да се исполни големо албанскиот сон пријавување на новороденчиња во повеќе градови во РМ. неизлегување и непризнавање на пописот. Ако имаат чесни намери сами ќе бараа попис за да видат колку се. Но, притоа не ќе можарт вештачки да го зголемуваат бројот во РМ освен со природен наталитет. Понатаму со масовно купување на куќи во неалбански населби и тоа со добро разработени методи кои подоцна сакам да ги кажам Освојување на ненаселени места, полиња и планини преку овчарите кои градејќи најпрвин овчарски колиби, а потоа куќа за овчарите за на крај да излезе цело село кое ќе доминира со околината. Воспитувањето на албанците да ги мразат македонците и сите останати кои не се албанци.Што помалку да комуницираат со нив, врв на ова е овде во Собранието кога една нововработена македонка ми се пожали дека нејзината пријателка исто така не нововработена албанка и рекла дека веќе не може да комуницира, бидејќи и забраниле во оваа ситуација да комуницира со македонците.

Покрај тоа како една од методите е максимално лобирање на странските дипломати , државни институции со цел да ја пласираат својата теза и кауза притоа глимење на дискриминирана, малтретирана и тероризирана нација. При ова сакам да кажам дека главните и ороводачите на сето ова се албанците кои доаѓаат од Косово и на овдешните албанци наоѓаат приврзаници нормално во екстремистите и со нивната агресивност се наметнуваат на целото овдешно албанско население. Секоја заедница која масовно се размножува и има механички прилив нормално е да бара простор за живеење, да се шири и да зазема нови територии. Друга причина е што на сите деца, семејствата со многу деца не може да им са овозможи образование при кое тие ќе се вклопат во системот и поради тоа остануваат проблематични случаи.

Работејќи на таа своја стратегија дојдоа во случај да бидат повеќе од 20% во РМ иако јас имам резерва спрема оваа бројка, бидејќи не е добиена на официјален попис, туку со пазарење. Зошто им бил толку потребен процентот во РМ дури сега во ова време излезе на виделина, сакаат да бидат конститутивен народ на РМ. Значи , работејќи по својата стратегија се дојде до 1999 година кога со помош на странска интервенција на Косово, Косово стана со 100% албанска доминација во која во и по војната беа избркани скоро сите неалбански граѓани од Косово и тоа роми, срби, турци, црногорци идруги. Во ваков хаос на Косово на сите ни е јасно колку се почитуваат човечките права, исто така во тој хаос најдобро албанците ги остваруваат своите замисли за голема Албанија, а тоа е проширување на конфликтот во Јужна Србија и во Македонија . Со тоа што ги обучуваат албанците од овие територии ги земаат на Косово, ги тренираат, тоа најчесто се млади, кои потоа со нивните команданти се враќаат во Македонија да тероризираат и убиваат неалбанско население. Во Јужна Србија знаеме што се случи, на ред дојде Македонија, нормално временски, фазно, почна со Танушевци потоа со Тетово, па Куманово потоа Арачиново и пак Тетово. Приова НАТО максимално ги онеспособуваше македонските безбедносни сили . На почетокот дека армијата не смее да делува, дека тоа не е во рамките и овластувањата на армијата, туку само преку полицијата за да потоа се условат сите безбедносни сили на РМ да возвраќаат пропорционално на провокациите на албанските терористи. Сето тоа го правеше Алијансата која на почетокот ги нарекуваше терористи и убијци за да потоа ги нарече борци за човекови права. Имаше дискутанти особено од ВМРО-ДПМНЕ кои многу добро ја образложија улогата на НАТО и ЕУ и меѓународната јавност и нејзината наклоност кон албанските терористи од овој конфликт.

При ова само би напоменал дека на почетокот македонската армија не беше доволно опремена, бидејќи не очекуваше војна. Г-динот Киро Глигоров во времето на неговото владеење од 1999 година наваму не уверуваше дека ние не треба да имаме добра армија, бидејќи сите соседни држави околу нас се моќни држави и спасот ни е во НАТО. Тргнувајќи од тоа нашата армија во 1998 година не беше доволно опремена, па дојдоа тенковите

дури имаше исмејување поради нивната старост и поради тоа што не ни се потребни. Тогаш на почетокот дури и јас се убедував дека навистинане ни треба армија, бидејки не можеме од никого да се одбраниме, туку доволно ни се НАТО силите, Меѓутоа во оваа ситуација се виде колку била голема грешката затоа господата од СДСМ би ги потсетил дека и тие не биле доволно големи визионери за да предвидат дека тука ќе се случи војна инаку во спротивно најверојатно би ја опремувале македонската армија. Јас сум од Општина Илинден или пошироко од Општина Тази Баба" во која спаѓа и село Арачиново така што кога дојдоа терористите во ова село.во село Арачиново целата општина Илинден и пошироко целата општина Тази Баба" беше невидено вознемирена. Ние во Скопје најмногу го почуствувавме притисокот на терористите врз нашите населени места.

Како терористите влегоа во Арачиново? Мислам дека влегоа со измама и со притисок т.е. до последен момент градоначалникот на општина Арачиново г Решат ги уверуваше макеоднците и полициските безбедносни сили дека нема потреба од што да се плашат дека терористите нема да влегуваат во Арачиново. Јас бев во Арачиново во средата, два дена пред да влезат терористите и два часа набљудував како албанците ги евакуираат своите жени, деца и старци и воено способните се враќаа назад во Арачиново и притоа во 11,оо часот навечер бев во општината Арачиново кај градоначалникот и тој уште продолжи да ме убедува дека македонците нема од што да се плашат, меѓутоа, во петокот Арачиново се затвори и македонците избегаа од Арачиново, но во последниот момент. Еден од граѓаните од Арачиново се врати да ги земе лековите за своето дете и беше зверски претепан и голема случајност како го пуштија и остана жив. Преку Арачиново се загрозуваше Скопје РМ и нејзините витални објекти. Благодарение на добрата организираност на населението, на МВР т.е. на полицијата од редовниот, а особено од резервниот полициски состав успеавме да го локализираме Арачиново и да не им дозволиме на терористите да го прелеат случајот и во останатите населени места. Меѓутоа сите населени места околу Арачиново почнувајки од Бучинци преку Мршевци, Вујковци, Миладиновци, Илинден потоа преку Економија, Стајковци, Виниче, Црешево, Булачани, Раштак сите граѓани беа во една воена психоза и во едно очекување од напад од страна на терористите врз нивните населени места. 20 дена жителите од овие населени места беа под воена психоза, 20 дена тие не можеа мирно да спијат за време на гранатирањето на Арачиново имаше случаи во Илинден да паднат неколку проектили исфрлени од страна на терористите во населба Илинден и притоа за среќа немаше повредени. Арачиново знаеме како заврши, со извлекување на терористите со сето оружје и опрема од страна на НАТО силите. С9га сакам да им порачам на албанците особено на албанските терористи дека доколку се понови Арачиново во тој случај одговорот на македонците ќе биде многу жесток, во тој случај нема да ги спасат ниту НАТО силите ниту Алијансата. Во Арачиново НАТО ја покажа својата вистинска слика. се виде дека главни инструктори , снабдувачи со оружје се токму НАТО. Покрај тоа јасно се покажа на терористите дека им е ветено ако во случај дојдат во безизлезна состојба кога се тука , тука се НАТО силите да ги спасат.Притоа многу е лесно да се војува вака кога имаш сигурен заштитник, а особено кога е тоа НАТО.Во Арачиново кога албанските терористи ги кренаа белите знамиња требаше терористите да се поредат по ред со кренати раце, да им се одземе оружјето и да се евидентираат од страна на макеоднските безбедносни сили ако треба со присуство на ОБСЕ и НАТО Алијансата, но само како набљудувачи. Со тоа ќе можеше да се видат од каде се , колку се, да се види дали се замешани во злосторства и ова ќе беше пример за сите останати терористи во останатиот дел на РМ. Притоа ќе се откриеше американското присуство и присуството на платениците и тие кои ги обучаваа од другите држави во светот. Долго ќе останат влошени односите меѓу македонците и албанците во овој дел на Скопје иако мислам дека претходно имаа релативно добар однос. После сето ова незнам како ќе има движење од страна на албанците и од страна на макеоднците во чисто македонските или во чисто албанските средини.

При ова сакам да напоменам дека во онаа средина каде сум пратеник особено во селата Средно и Долно Коњари каде живеат албанци и бошњаци, во селата кои се со мешан состав како што е Катланово, Идризово, Огњанци јас лично сум се залагал за нивната сигурност, бидејки тие беа во помал процент од макеоднците иако револтот и бесот на македнците беше огромен, Арачиново беше тука блиску до нив, јас заедно со градоначалниците на овие општини многу

сме се залагале етничките албанци кои живеат тука да не го осетат бесот на македонските граѓани поради сето она што се случува во Арачиново. Колку ние можеме да им веруваме на албанските терористи и колку можеме да градиме мерки на доверба. Секаде каде албанците се на власт нема сигурносндвижење во цивилна или во службена варијанта таков е случајот со Албанија, таков е случајот и со Косово, а еве сега тука терористите се обидуваат тоа да го направат и овде во РМ во северозападниот дел.Ао тоа се случи ние нема да можеме да помислиме да се движиме во овие делови од РМ. Нашите претци со албанците живееле во релативен мир. меѓутоа, секогаш кога во Македонија ќе дојдеше непријателска сила албанците се здружуваа со нив и ги тероризираа македонците. Тоа го покажува и историјата од турското, Илинденското востание, за Втората светска војна и еве сега кога дојдоа НАТО силите на Косово ја искористија и таа можност и повторно го прават истото. При ова не би сакал да се свати дека целиот албански народ е таков, туку зборувам за екстремниот дел од албанската нација и мирољубивите албанци треба многу да направат да ги оневозможат оние екстремисти секогаш кога ќе имаат и најмала можност ги провоцираат македонците и создаваат национална нетрпеливост меѓу макеоднците и албанците и албанците и другите националности.

Кога ја формиравме новата Влада во април , тогаш стана г пратеник Кастриот Хаџиреџа, како што стана и денеска и тогаш одржа говор на кој сите ние просто се фрапиравме . Тоа не беше говор, тоа беше практично повик за бунт на албанците да ги бараат сите оние права кои г-динот Кастриот Хаџиреџа мислеше дека треба да ги имаат. Затоа уште тогаш рековме дека овој говор треба да добие осуда не само овде од македонците, туку од целата меѓународна јавност.

**КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ:** (продолжение)

Да не заборавиме, тоа беше на една свечена седница, на која формиравме нова Влада за излез од кризата, што ја зафати Република Македонија.

Мислам дека албанците не треба да ја заборават гостопримливоста на македонскиот народ. Во 1еее година, после косовската криза, примивме преку 350 илјади бегалци, иако имавме притисок од целата македонска јавност, но сметавме дека е хумано, дека е човечки да се подаде рака, да се згрижат времено луѓето кои се наоѓаат во ваква опасност.

Притоа, не добивме никаква финансиска помош. Сето тоа го понесовме преку нашата кревка економија. Но како ни вратија г. албанци од Косово? Истите тие кои сега доаѓаат во Македонија рушат, тероризираат, убиваат се што не е албанско. Значи, кога ние им подадовме леб и покрив, тие сега ни возвраќаат со убиства и палење на нашите куќи. Зарем може да се има доверба при вакви случаи во терористите, кога во РМ има повеќе од 60 загинати, повеќе од 100 илјади расселени, незнам колку киднапирани, а особено во општина Гази Баба од каде што сум јас имав и две убиства, од кои едното е на Игор од Инџиково, а второто е во мојата изборна единица на Роберт од с. Бунарџик, еден перфектен борец за Македонија, член на "Волците" во Армијата на РМ, загина со 8-мината припадници на безбедносните сили кај Вејце, при што беа ѕверски масакрирани. Да биде несреќата поголема, после неколку месеци, од жал почина и неговата мајка. Зарем при сето ова сепак можеме да имаме доверба во терористите.

Како да имаме доверба кога се уште ги напаѓаат македонските села, континуирано од 5 јули наваму преку 5000 прекршувања на примирјето. Ги напаѓаат и за време на договарањето во Охрид, ги напаѓаат и пред неколку дена. Еве го случајот во општина Јегуновце, каде што има 10-тина чисто македонски села, каде што градоначалникот е од Јегуновце кој што три дена без безбедносните сили се бореа албанците да не влезат во тие чисто македонски села. Зарем на таков начин се борат за правата на албанците? Зарем тоа не е борба за расселување на македонците, за чистење на териториите, за заземање на поголем број на територии. Се уште во оваа општина македонците живеат под страв дека секоја ноќ можат албанците да дојдат и да направат убиства. Се извинувам, зборувам за албанските терористи. На крајот би сакал исто така да кажам дека многу е лоша заканата дека ако не гласаме за, тогаш ние гласаме за војна, Македонија ја очекува долга неизвесна војна, граѓанска војна со многу жртви, а ако гласаме за тогаш сме за мир, кој се уште не сме сигурни, доколку се усвојат овие уставни промени дека ќе настане мир онаков каков што ние го посакуваме.

Би сакал нешто да кажам и за односот во коалицијата. Новата коалициона Влада беше создадена за справување со кризата. Тогаш влегоа од

сите релевантни политички парти во таа Влада, се со цел да им дадеме до знаење на терористите дека немаат никаква политичка поддршка. Но дали во коалицијата излезе се онака како што се предвидуваше? Затоа се прашувам дали одредени политички партии влегоа во коалицијата за кадровски решенија, за додворување на НАТО или за рушење на ВМРО-ДПМНЕ. Би сакал да се демантираат овие тврдења, но со аргументи, а не со заплашување доколку не гласаме тогаш Македонија ќе биде во војна. Исто така, би сакал да напоменам за ангажирањето на претседателот на Координативното тело за справување со кризи, г. Филиповски, претходно наш колега, кој не најде за потребно да го посети Арачиново, не најде за потребно да ги извести македонците избркани од Арачиново кои формираа свое здружение "ЗОРА", Здружение за обнова и ревитализација на Арачиново да ги извести кога ги повика албанците да влезат во Арачиново. Тогаш македонците кои се раселени од Арачиново, кои имаат регистрирано свое здружение, кои комуницираат со него, практично не знаеја за денот и часот кога во Арачиново можеше да се влезе. Притоа нареди безбедносните сили да се тргнат од пунктовите и да не се евидентира кој се влегува во Арачиново. Ме замолија да го пренесам тоа од говорницата, бидејќи со г. Филиповски тешко може да се комуницира. Исто така, би го потсетил да ги посети овие избркани и раселени лица по домовите низ Скопје, каде што сметаме дека се времено згрижени.

Би сакал нешто да кажам за Рамковниот договор или Иницијативата за промена на Уставот. Претседателот на Република Макеоднија има законска можност и право да поднесе иницијатива за промена на Уставот и ние тоа не би требало да му го ускратиме. Со нашата дискусија сметам дека придонесуваме кон тоа. Би сакал да кажам нешто во врска со она што се предвидува да се менува со новите уставни промени, во врска со преамбулата. Сметам дека Македонскиот народ не би требало да се избрише како конститутивен народ на РМ, бидејќи макеоднскиот народ има една држава, а тоа е оваа Република Макеоднија и единственото нешто со кое што ги влече корените од самото свое битие до денес е токму преку оваа преамбула. За образованието сметам дека е во ред. За полицијата сметам дека не е вред тоа да се направи, иако подоцна во некои порелаксирани односи можеби ќе настане и таков случај. Во врска со консензусот сметам дека со тоа ќе настане блокирање на Македонскиот Парламент, ќе се изгуби неговата ефикасност и не ќе може да донесува закони нормално од онаа област за која што е предвидена консензуалната демократија. При ова, би сакал исто така да напоменам дека за одржувањето на оваа седница, а и понатаму, би требало да се исполнат четирите услови кои премиерот ги напомна во својот говор и кои што биле предмет на разговарање и договарање како услови меѓу лидерите на политичките партии, а тоа се:

Прво, враќање на една третина од оружјето. Јас не би сакал многу да дискутирам какво е тоа оружје што го жнејат НАТО силите, бидејќи бев еден од првите кој што отиде со НАТО силите кои го собираат оружјето во пунктот меѓу Матејче и Вејце и со свои очи се уверив какво оружје предаваат албанските терористи.

Како втор услов ние би требало од оваа седница, и вие како претседател, да побараме понатаму да не одржуваме седници се додека не се врати и последниот македонец избркан од својот дом. Нормално, тука би го ставил и пуштањето на сите киднапирани лица, независно дали се македонци или албанци. Исто така, враќање на албанските терористи на позициите од 5 јули. И како последен услов, стопроцентен прекин на огнот, на сите провокации од страна на албанските терористи. Мислам дека со тоа ќе се создадат услови за непречено и нормално работење на ова Собрание.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници, ве известувам дека претседателот на групата за Француско-македонско пријателство, на Националното Собрание на Република Франција, пратеникот г. Филип Дрон, изрази желба да следи дел од денешната седница на Собранието. Тој е тука, и ви предлагам да го поздравиме.

(Аплауз).

Благодарам.

Господин Мевљан Таири, има збор.

(некои пратеници бараа збор процедурално).

Ма нешто многу процедурално. Оставите, не правиме Деловник сега. Не гледам никакви процедурално проблеми сега. Нека зборува прво г. Мевљан Таири, а до тогаш ќе размислите дали навистина имате нешто да кажете.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Не може вака, навистина ова не е вред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се работи за реплика?

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Реков процедурално, не реков Дека имам реплика..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде г. Мевљан, да причекаме, прво да видиме во што е процедуралната забелешка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине претседателе, претходно пред неколку часа се договоривме, ако не е договор, ние имавме добра желба неколку пратенички групи да се повлечеме или нашите пратеници да ги повлечеме да не дискутираат понатаму. Меѓутоа, сега гледаме дека има уште 22 или 25 пријавени дискутанти. Едно треба да решиме, ако работиме цела ноќ нема никаков проблем да стоиме тука и ќе работиме до сабајле или додека не завршиме. Меѓутоа, очигледно тука се гледа дека некој не сака да заврши ова. Во листата на пријавени дискутанти има пратеници по втор или трет пат пријавени за дискусија.

Господине претседателе, ние треба односно вие како претседател треба да одлучите дали *ќе* продолжиме бидејќи до 24,00 часот не можеме да завршиме со сите 22 дискусии, значи или ќе продолжиме ќе седиме цела ноќ, до утре, односно додека не заврши нема од тука да излеземе. Меѓутоа, да не дојдеме во состојба во 24,00 часот да речеме имаме уште 20 пратеници, ќе продолжиме утре. За тоа треба да пресечете вие, како претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојде време, ќе пресечам, ќе видам која е ситуацијата.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Па време е г. претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега само време губиме, ништо друго.

Да видиме што сака да каже г. Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Доминантните оратори, говорници тука во последниве два дена откако расправаме за ова прашање, мислам дека можеме да констатираме дека огромен број од тие луѓе што дискутираат имаат потреба од едно емотивно или емоционално испразнување и за тоа ги сфаќам и треба да ги сфатиме и да ги трпиме. Стандардната логика на држење на говор е целта, значи целта на држењето на говор е можноста да се смени свеста на една група луѓе, помала група луѓе или јавноста како целина. Тука изгледа кај нас не е таа цел и или сакаме да пркосиме со драматични говори што има негативен ефект или пак сакаме емоционално празнење и ништо повеќе. Тука Целта не е конструктивна. Затоа, бидејќи луѓето се јавуваат за збор, по втор пат, трет пат или четврти пат, еве уште 23 други новопријавени имаме тука, предлагам да е прекине со седницата и утре да се продолжи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам за сугестијата.

Сега г. Мевљан Таири да земе збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, На почетокот можеби бев на размислување да се воздржам од било какво искажување, Се со цел да не ја одолговлечеме расправата, но некои дискусии апсолутно не го оставаат човека без да се произнесе по искажувањата, така што неминовно ќе биде и јас да се обидам да разјаснам некои работи кои некои се обидуваат дури и да ги замаглат, затоа што причините кои беа наведувани тука токму спротивните ефекти ги имаат.

Имено, многумина се обидуваа да направат анализа на генезата на оваа воена криза која што послендите шест месеци ја потресува Република Македонија и на разни начини се обидуваа да ја лоцираат вината на една, друга или трета страна, со причина на некој начин да се амнестираат самите. Но ако реално се согледаат нештата, ќе се дојде до една реална ситуација дека причини имало многу, додека тие што имале одредени цели да ја започнат оваа воена кампања и активност, сигурно дека овие причини им дошле како добредојдени односно сите тие се сплотиле во едно. Имено, сите тие што се обидуваат на некој начин да не убедат дека во Република Македонија во овие 11 години, па и порано, се било во ред и дека неалбанците немале никакви причини да бидат незадоволни, апсолутно не држат таквите искажувања, затоа што од самиот почеток на плуралното живеење албанците многу јасно дадоа до знаење дека таквиот начин на внатрешното уредување, таквиот начин на конципирање на Уставот од 1991 година, таквиот начин на нивниот третман во новата држава Република Македонија не го прифаќаат. Се разбира, албанците дадоа до знаење уште во 1989 година кога се ускратуваа правата кои тие ги уживаа со Уставот од 1974 година, дека такво нешто

нема да прифата.Имајќи ги предвид сите овие работи навистина денес чесно е да се признае дека 1991 година се направи голема грешка кога не се почитуваа забелешките што албанците ги изнесуваа на Уставот кој што беше усвоен. А тој Устав, доколку се направи една анализа на тоа што се случуваше овие 11 години, или десетина колку што изминаа, ќе се дојде до заклучок дека навистина не го положи судот на времето. Имено, дури и некои симболични обиди да се промовираат одредени јазични права на албанците во Република Макеоднија наидува на одбојност од Уставниот суд на Република Макеоднија. Така апсолутно беше невозможно да се пречекори тој праг кој што беше поставен од страна на толкувачите на Уставот и на изготувачите на истиот, затоа што едните и другите беа во иста спрега. Околу овој Устав дури одредени видни македонски аналитичари даваат негативни забелешки, односно забелешки дека истиот не може да опстане во една ваква Република Македонија. Доволно е да се прочитат неколкуте коментари на амбасадорот на Република Макеоднија, кој што се занимава со овие прашања, г. Тошевски, кој што неколку пати со свои коментари излезе и даваше до знаење дека овој Устав не е соодветен на Република Македонија и на композицијата на Република Македонија во етничка смисла, односно дека граѓанската компонента не е доволно истакната.

Ви за ви сите обиди да се промовираат некои права на албанците во Република Македонија, односно кој придонесуваше да расте незадоволството кај албанците во Република Македонија, има разни обвинувања се до СДСМ, па до ВМРО-ДПМНЕ.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (продолжение)

Вистината е нешто сосема друго. Додека СДСМ беше во власта ВМРО им беше како алиби да не спроведуваат одредени права кои што албанците ги бараа и како што општо прифатено размислување во македонската јавност беше дека таквите дури и им седат, но никој Немаше храбост со тие да се нафати, или пак дека ќе имаме жестоко спротивставување од опозициониот табор. Истото се случуваше, за жал и во двогодишното владеење на ВМРО кога се најавуваа одредени измени, па дури се најавуваа и одредени измени на Уставот. Еден обид на тогашниот претседател на Собранието, господинот Саво Климовски да промовира една идеја, зошто да не можат да говорат албанците на својот јазик во Собранието, сите се сеќаваме на кави жестоки реакции наиде. Така што, апсолутно не држат некои размислувања на одреден број на пратеници дека албанците не ги искористиле сите свои можности, односно не ги исцрпеле сите можности по мирен пат да дојдат до одредени уставни измени. Со ова не сакам да кажам дека албанците секогаш како резервна варијанта ја имале оваа што сега се случува, но реално присетете се само дека многу пати сме обрнувале внимание дека не се сите албанци пацифисти како што ние бевме тука во Собранието и како тие што се занимаваат со политика, туку има и такви албанци кои што може да се решат и на други средства доколку не се исполнат барањата на албанците, кои што апсолутно беа оправдани. Така што на некој начин се ова беше поврзано и причините за една ваква појава треба да се бараат во сите однесувања кои што беа пропратна појава на владеењето на едната или другата коалиција во овие 10-11 години.

На крајот за улогата на албанските политички партии. Не можеме да се амнестираме и ние самите за ова што се случува сега по однос на тоа дека навистина можеби испуштивме една прилика да створиме една поголема политичка криза во Република Македонија. Исто така ПДП беше во власта со демократите и тие немаат храброст да пресечат и да кажат дека за неспроведување на овие наши права ја напуштаме Владата, па дури и Парламентот. Истото понатаму се случи и со ДПА, така што апсолутно албанците тргнувајќи токму од овие примиси да не се дојде до ваква ситуација каква што е сега опстануваа во власта, но во сегашна временска дистанца јасно е дека можеби подобра варијанта би била да се предизвика една поголема политичка криза во Република Македонија отколку воена сега. Една таква политичка криза би довела исто така до една ваква разврска, но се се тоа хипотетички прашања. Што е направено, направено е. Сега сме пред една ваква стуација со која што сите се соочуваме и се разбира одговорноста е пред нас како ќе излеземе од неа. За среќа мора да кажам дека Меѓународната заедница во овој случај одигра една значајна улога во смисла на превентива да не се случуваат и полоши нешта. Така што во оваа смисла јас навистина се чудам на пратениците, одреден број на пратеници кои што изразуваат неблагодарност кон Меѓународната заедница затоа што токму нивниот нагажман беше тој кој што ги спречи големите трагедии во Република

Македонија. Нивното учество од самиот почеток на кризата во Република Македонија беше тоа што на некој начин ја канализира кризата да се одвива по многу помирен пат иако за волја на вистината Република Македонија имаше одврзани раце на неколку пати воено да интервенира и да се обиде да ја реши кризата. Но, јасно беше дека нема воена разврска во овој случај во Република Македонија и дека единствениот пат е договарањето и мирното решавање на кризата.

Исто така треба да им честитаме на храброста на сите учесници во мировниот договор во Охрид и покрај тоа што можеме да бидеме незадоволни од многу делови од договорот кој што е постигнат, но сепак со самиот факт дека тие преземаа одговорност да направат еден компромис, кој што јасно беше дека ќе наиде на одбивање кај едната и другата страна, но сепак таа мнивна храброст да му дадат шанса на мирот, се разбира и покрај сите резерви што ги истакнува премиерот Георгиевски јас се надевам дека сепак на крајот ќе преовладее разумот и ќе преовладее неговиот авторитет врз пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што во спротивно навистина веќе се поставува прашањето зошто не сте го спречиле во процесот на договарањето. Требало јасно да му дадете на знаење дека ја немате нашата поддршка и соодветно на тоа да се бараат други решенија. Вака се поставувате во многу тгешка ситуација со тоа што го оспорувате пописот на нашиот претседател, а од друга страна не можам да не им се изначудам на одредени пратеници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ кои што фрлаат дрвја и камена по овој договор, а од друга страна кога ќе дојде премиерот цело време нешто шепотат на уши, нешто се договараат, незнам што Се случува но навистина е непримерно однесувањето цело време да се напаѓа со погрди зборови овој договор, а од друга страна да се кокетира со премиерот, најверојатно поради некои лични свои причини.

Инаку овде се добива впечаток кога настапуваат пратениците македонци, дури некој на тој начин и ни се обрати дека лесно ви е на вас, уживате таму позади, се смеете, се ви е добро, албанците уживаат, а види што трепат македонците. Мислам дека на некој начин некој не сака да ја гледа вистината со вистинските очи. Вистинските, тие што најмногу патат од целата оваа криза се токму албанците. Па, најголемите разорувања на домовите се токму на албанците. Земете само да видите што се случува во Липковскиот крај, Тетовскиот, па дури и во Арачиново, во Скопскиот крај па ќе видите што преживуваат албанците. Според тоа што денеска го дознав 36 џамии се разурнати, како резултат на воените дејствија. Делумно, дел од нив навистина можеби биле во реоните опфатени со војна, делумно во тие реони најверојатно и цркви се оштетени, но верувајте дека е огромен бројот на лица албанци, кои што незнам како ќе го дочекаат времето што е пред нас, наближува есента, зимата, а сите тие се без кров на главата. Понатаму, се разбира и македонците, но за македонците цело време слушаме. Редно би било и вие тоа да го кажете. Не само едните, сите патат во оваа криза. Но, исто така расселени и бегалци, некој го кажал тоа сигурно, има многу повеќе албанци, над 50-60 илјади. Дури се спомнува бројка од 70 илјади албанци расселени, кои што се и како бегалци во Косово, или незнам каде веќе. За нив никој не се грижи или пак, делумно поголемиот број од нив, според информациите со кои располагаме, се во Косово, дел од нив во други земји, кои што се оставени сами на себе или пак на милост на УНХЦР.

Понатаму, се зборува за голем број на киднапирани и исчезнати лица македонци. Апсолутно сожалувам со нив и со нивните семејства и апелирам до тие што ги држат час поскоро да ги ослободат, но исто така барам, не апелирам, од Министерството за внатрешни работи под итно да ги ослободи сите лица кои што ги држи, Господ знае каде. Многу албанци се киднапирани. Многу од нив не се знае каде се. Никој не знае. Многу од нив се земаат, се претепуваат и се фрлаат со вреќи на глава на сред улица. Никој не зборува за нивната судбина. 26 лица од Љуботен сега се во затворот во Шутка обвинети за тероризам, апсолутно неодрживо обвинение. Никакви терористи немало во Љуботен. Сите тие се цивилни лица, а меѓу нив има и многу повредени кои што се во затворот во Шутка, така што за сите овие лица навистина државата не треба да се однесува така како што не доликува, туку навистина тие кои што се фатени во вршење на такви инкриминирачки дела разбирам да се држат во затвори, но другите апсолутно под итно треба да се ослободат. Понатаму, многу се случуваат малтретирања и монтирања на разни процеси. Пред некоја вечер имав прилика да слушнам една верзија во која што четворица млади луѓе кои што тргнале во Косово по одредена работа со комбе се земаат од страна на органите на прогонот, на полицијата, се одведуваат

во една, па во друга, па во трета полициска станица и се монтира дека тие имаат експлозивни средства, кашикари, бомби, пушки во нивното комбе. Знаете ли што се случува по четири месеци. Судот ги прогласува за невини. Јас во оваа прилика би сакал да им честитам на судските органи за храбрата одлука да ги ослободат поради недостаток на докази, но тие млади деца четири месеца имаат проведено во затвор само заради некоа лажно обвинување и монтирање, кое што некој се обидел да им го направи.

Во овие тешки времиња верувајте дека се случуваат и многу други работи кои што се поврзани со сето ова. Во случајот на загинувањето на петте припадници на УЧК во Гази Баба телото на едниот месец дена не можее да се најде. На Арбан Бајрами. Овие денови слушнавме дека е пронадјено, денеска неговите родители и роднини и пријатали се обидуваа да го однесат на закоп во Бојане и пак наидоа на проблеми. Дури, и мртвите не се дава да се закопуваат. Точно ова се случува, ништо не измислувам. И на крајот од оваа епопејада на сето тоа што преживуваат и албанците би сакал да кажам дека голем дел од албанците кои што живеат во кризнита региони подолго време веќа живеат во исклучитално тешки услови, без вода, без струја, без основните потреби и навистина тоа само како една слика на тоа што се случува во последно време.

И се разбира неодминливо е да не се даде коментар на тоа што се случува по Скопје. Денеска читам во "Нова Македонија" АНА дала наредба да се вршат бомбашки напади во Скопје. АНА дала наредба да се напаѓаат домовите на албанците за да бегаат тие и да се створи поголема криза. Дури, за жал во оваа кампања е вклучена и министерката за надворешни работи. И таа според тоа то го слушнав при својата посета во разните разговори што ги има го истакнува тој факт дека во Скопја сега албанците масовно напаѓаат со бомбашки напади, со бомби. И тоа за право чудо албанците и напаѓаат само албанците. Овој пат исклучително цел на албанците се само албанците. Мислам дека овие лаги и овие дезинформации треба час поскоро да престанат и полицијата, доколку навистина сака да ја врши својата работа сериозно да се позанимава со оваа појава, која што жестоко го нарушува целиот мировен процес. Би сакал да кажам уште два збора за тоа што многумина тука не обвинуваат нас како пратеници албанци, па и како интелектуалци, па и како албанци дека не изразуваме никакво жалење за загинатите и за разорувањата. Јас изразувам жалење, но изразувам жалење за сите загинати кои што се колетерална појава, како што кажа премиерот, или пропратна појава на една ваква тешка криза. Исто така изразувам осуда на сите акти на разорувања и на црквите, но и на џамиите, затоа што исто така се со исклучителна музејска дејност и џамијата во Прилеп и во Битола, така што овие појави една со друга се поврзани. Не може да бидат изолирани една од друга. Затоа треба сите заедно да се потрудиме да си се почитуваме и меѓу себе, да ги почитуваме и нашите верски објекти и тогаш апсолутно нема да се случува ништо. Права иронија е во Прилеп, тоа го кажа овде Љатиф Пајкоски ми се чини, џамијата која што е изгорена е изгорена на македонци муслимани кои што се клањаат. Не е тоа на албанци. Така што овие појави навистина веќе добиваат размер на меѓуверска војна, а не само на меѓуетничка. И во Битола е изгорена. И, апропо разорувањата и враќањата на бегалците јас би сакал да слушнам, и не само да слушнам, туку и да видам еден конвој кој што ќе ги собере лицата, бегалците раселените лица од Битола кои што не само што ги напуштиле своите домови, тие и немаат каде да се вратат. Но, би сакал да слушнам што намера има Владата да направи со нивните домови таму, со нивните имоти. Дали и тие ќе можат да се вратат некогаш во Битола, затоа што ова што се случува и како што се случува мислам дека тие апсолутно немаат никаква перспектива за враќање, а цело време да се бара, апсолутно јас ве поддржувам во тоа да се вратат бегалците во своите огништа, но истовремено барам сериозен пристап за враќања на овие раселени лица кои што останала бездомници сега, кои што се од Битола. И, би сакал да кажам уште два збора за едно чувство на нервоза, на измам8ност која што се забележува кај ВМРО дека албанците не изиграа.

Верувајте дека албанците со кои што имавте работа вие, пред се мислам на ДПА, па и на другита кои што ја поддржуваа таа Влада од початок има голема доверба дека навистина сериозно имате намера да се нафатите со рашавање на проблемите кои што со години ги истакнуваат албанците. И делумно дел од тие проблеми ние видовме дека имавте храброст да ги решавате, но апсолутно мора да признаате дека немаше ни спремност, ни намера да се нафатита со уставни измени. Така што, во оваа смисла

ова го кажувам во насока на избивање на таа теорија дека имало време, можело понатаму. Навистина можело понатаму, но ако го слушнавте господинот Ѓорѓи Котевски, кој што се наврати точно на тоа дека вредело да се преговара 201 година, само да не се случи ова. Ќе признаете дека навистина е премногу тоа. Сите работи имаат свој почеток и свој крај и доварбата која што се изгради меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА за жал со воената криза се наруши. Јас упатувам сепак еден апел не само до ВМРО, туку и до сите други партии да не ги раскинат тие свои односи до крај помеѓу себе, затоа што дури и после ова да не се усвои, дури и да има војна незнам каква, сепак по се изгледа дека сме приморани тука заедно да живеема и дека ќа мораме пак некој друг договор, којзнае каков да го третираме тука во Собранието и пак да решаваме за нашто друго, кое што којзнае што ќе биде.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

И, затоа тоа е понеповолно или за нас или за вас, или за сите нас заедно. Но, во секој случај упаптувам еден апел да се зачува еден минимум на коректни односи меѓу партиите, за да не влеземе во ситуација да не може ни да разговараме, ни да се гледаме, а ни да живееме меѓу себе. И, сега доаѓаме до тоа како да излеземе од оваа криза. Се нафрлуваат две опции. Едната е прифаќање на мировниот договор, давање шанса на мирот и се разбира со тоа апсолутно никој од нас не е толку наивед да мисли дека се ќе завршиио со ова. Со нашето гласање, со усвојување, се ќе заврши, ќе одиме дома и завршена работа. Ова нешто нема да заврши така лесно. Но, со усвојување на овој Рамковен договор, со усвојување на овие измени, убеден сум дека ќе започне мировниот процес, кој што се надевам дека успешно ќе заврши. Се разбира, тоа ќа зависи од нас дали имаме верба дека тоа нешто ќе се случи, или пак како настапуваат одреден број од некои дискутанти дека апсолутно нема никакви шанси за мирот и дека единствената опција која што ни преостанува е воената разврсница. Односно, дека е подобро еднаш за секогаш во еден ужасен крај се да заврши или да имаме ужас бес крај, како што слушнавме овде. Се надевам дека не се тие две единствените опции пред кои сме исправени, дека сепак, мирот е единствената опција која што ќе биде прифатена од сите нас. Затоа што, спротивното се гледа дека има доволен број на привврзаници. За да има војна, ние можеме милион и деветстотини да бидеме против тоа, доволно е да бидат стотина илјади кои ќе бидат спремни да војуваат и ние сите заедно сме во. војна. Така што, ние сега ја имаме таа одговорност да се обидеме да ги надвладееме тие кои што го избрале военото решение. И, сега како да се дојде до тој договор. Дали на референдум. Мислам дека референдумот е лоша варијанта во сегашните услови. Јас и не знам како ќе се спроведе тој референдум во услови кога во голем дел или во сериозен дел на Републиката има раселени лица, има бегалци како што кажав на почетокот не се во Република Македонија, безбедносната состојба е таква каква што, апсолутно е невозможно да се спроведе референдум во Република Македонија. Од друга страна со референдумот јас гледам само една друга работа. Некој сака да си обезбеди алиби односно да се ослободи од одговорноста. Е, господа пратеници, тие кои што сакале да не преземаат никаква одговорност не требало ни да се кандидараат, затоа што со самата кандидатура вие сте презеле голема одговорност. Пратеник не е само да се дојде тука и да ужива во клупите. Ќе има и вакви моменти и во вакви моменти пратеникот е должен да ја преземе одговорноста и да пресече во име на тие што го избрале. Се разбира, имајќи го на ум доброто на граѓаните кои што го избрале на некој начин. Се надевам дека поголемиот број на пратениците ќе ја разберат таа одговорност пред која се исправени и ќе решат во полза на мирот.

Инаку, реков дека апсолутно не сум и не гајам некои илузии дека целата оваа работа ќе оди лесно и дека со самото тоа, мировниот процес дури и да го поминеме ние тука кај нас, ќе заврши многу бргу и лесно. Претпоставувам дека, како што и тука се гледа, дека и во текот на самата иницијатива ќе има одредени опструкции. Се надевам дека барем оваа полесна фаза ќе ја поминеме, за да можеме да пристапиме кон амандманска расправа во Собранието. Понатаму, претпоставувам дека и во самата амандманска расправа може да се наиде на тешкотии. Се надевам дека тоа што како индиција се дава тука од одреден број на пратеници, па и од самиот премиер дека во самата амандманска расправа ќе може да се интервенира, не е така некоја сериозна намера, затоа што доколку тоа се случи, тоа значи дека некој има намера да не вклучи сите нас 120 пратеници во таа амандманска расправа. Во таа расправа околу уставните измени. Ние бевме сведоци на тешкотиите со кои се соочуваа само четворица, односно вклучувајќи и го претседателот на државата петмина, со двајца олеснувачи и колку тешкотии имаа тие да се усогласат. Апсолутно немам никаква илузија дека такво нешто ние можеме да го направиме тука.

И, на крајот на краиштата и ние тука треба да се научиме да ги почитуваме лидерите, кои на некој начин самите сме ги создале. Ќе мораме да прифатиме дека, сепак, на некој начин со самата таа сторена позиција што ја имаа, тие се тие кои што треба да преговараат. Како ќе преговараме ние 120 пратеници. Апсолутно мислам дека префрлањето на таа игра во Собранието е само опструкција и обид целата работа да се сопре. Затоа, јас се надевам дека ќе се сватат овие мои укажувањеа како добронамерни и договорот кој што е постигнат каков - таков, ќе треба ние да го поминеме во Собранието.Понатаму, исто така, во текот на усвојување на законите кои што ќе произлезат од овој мировен договор, може да настане опструкција. Во овој случај, навистина, многу ќе зависи од чесноста со која што сме пристапиле кон овој договор. Ако навистина некој мисли да опструира, да го отежнува спроведувањето на овој договор, подобро тоа да се направи уште на самиот почеток, отколку во натамошниот тек, затоа што тогаш, верувајте дека, недовербата уште повеќе ќе се зголеми бидејќи ќе се има чувство на изиграност дека некој намерно влегол во оваа игра, само за да добие во време, а не реално да ги решава проблемите. Понатаму, се разбира дека тешкотии може да наидат и при воспоставување на правниот поредок во подрачјата опфатени со воени дејствија. То што беше најавувано овие денови дека откако ќе заврши операцијата жетва на Нато жетварите, Министерството за внатрешни работи односно безбедносните сили на Република Македонија ќе влезат и ќе собираат уште понатаму оружје, се плашам дека многу лесно да се претвори во кампања од типот на тоа што Ранковиќ го спроведуваше во Косово, кое што апсолутно може пак да ја врати Република Македонија во криза слична на таа со која што се соочувавме во моментот.

Во овој поглед, исто така, обрнувам внимание на тешкотиите кои што можат да се појават при реинтеграција на лицата кои треба да бидат опфатени со амнестијата. Мислам дека апсолутно било какви игри и во овој поглед ќе бидат погубни во самиот процес на спроведување односно имплементација на самиот мировен договор. Обрнувам внимание дека било какви игри со овие лица треба да бидат отстранети, за одбегнување на сите овие резици кои што ги набројав, посебно околу имплементацијата на самиот договор односно нормализација на животот во подрачјата опфатени со кризата односно реинтеграција на лицата кои ќе се најдат под удар на Законот за амнестија. Мислам дека треба неминовно да се одбива со значително присуство на меѓународните посматрачи кои што треба да помагаат во имплементација на мирот во Република Македонија, односно на мировниот договор.

Неколку збора би сакал да кажам околу медиумите. Навистина, медиумите во овој случај во сите овие неколку месеци одиграа една срамна улога. Цело време само подбуцнувачки се однесуваат кон целата криза. Ниеден од нив или со минимални исклучоци немаат позитивен пристап да се обидат да афирмираат евентуална можност за соживот. Поголемиот дел од нив апсолутно само негативните страни од целата оваа криза ги истакнуваат и барем ја, гледајќи ги нив, мислам дека делуваа само подбуцнувачки. Се разбира, пред се, би сакал да кажам околлу нивната улога во неколку кризни подрачја. Како што се присутни тие таму каде што се Македонците страдаа, што навистина и треба да се покаже тоа што се служува, но треба истото да се покаже и во случаите кога и Албанците страдаат. Во овие случаи, верувајте, дека или не се присутни или ја искривуваат вистината. Би сакал на некој начин да се осврнам и да коментирам одредени дискусии од типот на објаснување зошто некој не сака да учествува во спроведување на договорените обврски од страна на, пред се, тука мислам на пратениците од Демократска алтернатива кои што се залагаа за граѓанско општество и за почитување на етничките права. Јас навистина би сакал да прашам и да слушнам што подразбираат под тоа граѓанско општество. Што е тоа што нема да биде граѓанско општество, ако се усвојат овие амандмани. И, што подразбираат под етнички права, ако не јазичните права, ако не правото на општеството во власта, ако не правото да не ти ги ускратува правата што ги уживаш. Што друго тоа може да биде ако не овие права кои што во таа мера во која што се, се предвидени со овие уставни амандмани. Навистина, јас не знам со што ќе се наруши граѓанското општество ако албанците почнат да ги уживаат во поголема мера одреден број на свои права. Апсолутно мислам дека причините кои што се изнесуваат не држат и едноставно мислам дека се напушта една линија, која почетно беше истакнувана од нив во правец на максимално уживање на етничките права за сите етнички заедници во Република Македонија. .

И, за на крајот мислам дека сите ние заедно ќе треба да извлечеме некои поуки од сето ова што ни се случува. Во прв ред би сакал да обрнеме внимание во иднина да не се повторуваат никако некои грешки кои што се случуваа и во стилот на г. Црвенковски и

јас би сакал да кажам,никогаш повеќе не посегнувајте по правата кои што ги уживаме. Затоа што посегнувањето по тие права во 1989 година, само некој кој што не сака да гледа подалеку, не може да предвиди дека нема да може да создаде стабилна ситуација во Република Македонија. Понатаму, никогаш повеќе да не се потценуваат барањата на албанците кои што се истакнуваат во Република Македонија. Затоа што, навистина тие барања кои што прогресивно одеа во одредени и временски периоди, беа толку минимални што, доколку благовремено се решаваше секое барање онака како што природно настануваше, верувајте, дека немаше верувам да дојде до оваа криза со која се соочуваме. И, на крајот не се играјте со ветувањата. Ако сме се договориле нешто да спроведеме, да го направиме тоа. Зато што, секоја игра во таа насока навистина ќе биде погубна за сите нас.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот Чедомир Краљевски има процедурална забелешка.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас се јавив само да апелирам до колегите од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кои се јавени по втор пат или можеби по трет пат, да се откажат од таа намера за дискусија, а за оние кои се прв пат пријавени максимално да ја редуцираат и да ја рационализираат својата дискусија во интерес на завршувањето на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да чуеме реплика.

Кој ќе реплицира? Господин Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал да реплицирам, прво, затоа што бев и по име спомнат. Врото, затоа што посредно бев спомнат и како претседател на Комисијата за уставни прашања. Трето, затоа што беше спомната Демократска алтернатива, за да објасни што подразбира под граѓанско општество. Мене затоа што бев лично спомнат. Јас му благодарам на господинот Мевљан Таири што ме потсети за мојата прва изјава кога ме избравте за претседател на Собранието на Република Македонија и кога реков дека нема да ми пречи од таа говорница од која што говореше тој, да се проговори на јазиците на сите пратеници од другите националности, затоа што и тогаш и сега сметам дека секој пратеник го добил мандатот од изборната единица, одбраќајќи им се на мајчиниот јазик, било да е тоа албански, ромски, или било кој друг јазик. Затоа, оваа говорница како отворена говорница треба да послужи, за да може секој да им се обрати на своите избирачи, на граѓаните на Република Македонија на свој јазик. Притоа, ни најмалку не мислев тоа прашање да го политизирам, туку напротив тогаш и додадов дека за ова е потребно да се промени Уставот и деловнички да се реши ова прашање.

Според тоа, јас и денеска сум на такво мислење и треба тоа да се направи. Меѓутоа, не можам да ги прифатам гледиштата дека воопшто не се преземале практични напори за да се промени Уставот на Република Македонија. Јас како професор од 1997 година жестоко полемизирав токму со оние кои што денеска се советници на предлагачот на овој акт, на претседателот на Републиката г. Трајковски, а тоа беа господата Фрчковски и Поповски, па и еве тука денеска ми оддаде признание и тогашниот претседател на Собранието, а денеска почитуван колега пратеникот г. Петковски, жестоко полемизиравме во смисла на тоа дека Уставот треба да се промени. Јас кажував каде, не се разбира во сите овие детали, а тие велеа дека нашиот Устав малтене е вечен Устав. Јас на Уставот не гледам како на фетиш, не гледам како на библија, ниту пак како на икона, гледам како на нешто кое што нормално животот го носи и полека некои одредби ги надминува. Но, тоа би требало да се реализира во една дебата, мирна, спокојна, научна, стручна, а не исполнета со набој и се разбира со една ваква состојба која што денеска ја имаме. Под закана, под притисок, под окупирани територии, а тоа значи, ќе ве молам, директно кршење на Уставот на Република Македонија. Дали некој може да ми каже, еве, овдека го имам член 123 од нашиот Устав, каде што јасно и децидно вели дека никој нема право да признае окупација на Република Македонија или на нејзин дел. Па, со кого ние се договараме сега да се повлечат на териториите од 5 јули, па да се повлечат 2 км., да речеме од некој пат Тетово - Јажинце или било каде итн. Нели е тоа признавање на окупација на територијата на Република Македонија. Треба ли некој да покрене одговорност, кој ја дозволил таа окупација. Дали сега ние можеме под окупација, исполенти со емоции, мирно да дискутираме, да разговараме и да дебатираме за човекови слободи и права. Значи, имаме директно сега кршење на Устав. Тоа е едно.

Второ, покрена постапка и во рамките на Министерството за правда г. Камбовски подготви материјал кои го изготвија

угледни професори по Уставно право од Република Македонија, од 100 и повеќе страници беа во смисла на унапредување на човековите слободи и права. Тој материјал сакав овдека дато ставам преку Уставната комисија. Тогаш, господата Џафери и Георгиевски ми рекоа дека не е време тоа да се постави, а некои пратеници од сегашниве најжестоки привrзаници на промената на Уставот, некои пратеници на СДСМ, дури и ми се заканија, обиди се, па ќа видиш како ќе поминеш. Што значи дека иницијативата која што беше од неформален карактер, нормално доживеа да остане некаде во фиоките на Министерството за правда.

Конечно, овде беше спомнато дека, што е тоа Демократска алтернатива, што подразбира под граѓанско општество. Па, господа, ние пет пати објавивме преку сите средства за јавно информирање што подразбираме под граѓанско општество. Програми, објавивме кои слободи и права имаме намера објавивме дека сме за еден благ облик на консензуална демократија. Па, дали тоа ви беше малку да знаете, а што е ова. Ова е, ќе ве молам, прво, губење на идентитетот на македонскиот народ, бидејќи се брише преамбулата.

Второ, се конституира Република Македонија како една недефинирана заедница на национални идентитети. Па, кое е тоа општество и кој е тој мнозински народ, кој што доброволно го губи својот идентитет. Понатаму, имаме инсталирање на инструменти на дводомност, да не се лажеме. Не е тоа тело само на самото Собрание, тоа е дводомност кој што ќе води кон федерализација. Ние треба сериозно да го прашаме предлагачот дали е тоа овде, пред да побараме референдум. А, кога сме кај прашањето на референдумот, јас би сакал да му кажам на господинот Мевљан Таири, не знам дали е правник, дека референдумот може да биде или заради претходно изјаснување или заради потврдување на одлука. Ние можеме овде да направиме консензус, да се согласиме, да го пуштиме ова, но може во уставниот закон да предвидиме одредба, тоа да стапи во сила по една година, за да го спроведеме референдумот и за да се докаже дека Република Македонија го има суверенитот на целата територија. Да се докаже дека токму албанците ќе придонесат за да се реализира последниот дел од овој Рамковен документ, мерките на доверба. Тоа мора да се направи. И, затоа е потребно ова. И, затоа јас ќе му предложам во мојата дискусија, кога ќе земам збор да дискутирам, а сега само реплицирам, ќе му предложам на предлагачот на г. Трајковски во конкретниов случај во уставниот закон да ја внесе таа одредба. Ако ја добие сега мојата доверба, тогаш не ќе има одложено дејство, нека се создадат другите услови, па после тоа да може тоа да стапи во сила. Засега само толку.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Сега вака, имаме 25 пријавени пратеници. Од нив еден зборуваше, останаа 24. Од тие 5 пратеници се откажале. Според тоа, имаем 19 пријавени пратеници за дискусија. Очекувам уште од овие пријавените да се откажат. Меѓутоа, колку и да се изнаоткажат, очигледно вечерва не можеме да завршеиме. Затоа, ние сега да прекинеме со работа, а утре во 11 ,00 часот да почнеме токму во 11 ,00 часот, а не како денеска во 12,00 часот и утре да завршиме.

Седницата прекина со работа во 23,25 часот.